УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА
И КУЛТУРА - СКОПЈЕ

Д-р Ружа ПАНОСКА
Александар ЏУКЕСКИ

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА СТРАНЦИ

— ПОЧЕТЕН КУРС —

СКОПЈЕ, 1993

У Н И В Е Р З И Т Е Т „С В. К И Р И Л И М Е Т О Д И Ј"
СЕМИНАР ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА
С К О П Ј Е

Р е д а к т о р:
Проф. д-р Божидар Видовски

Печатено на офсет техника во Универзитетската печатница
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Тираж: 200
примероци.

СОДРЖИНА


Предговор . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
Прва лекција (А.Цукески). . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Втора лекција (Р.Паноска) . . . . . . . . . . . . . . . 22
Трета лекција (А.Цукески) . . . . . . . . . . . . . . . 32
Четврта лекција (А.Цукески). . . . . . . . . . . . . . 47
Петта лекција (А. Цукески). . . . . . . . . . . . . . . 59
Шеста лекција (Р.Паноска) . . . . . . . . . . . . . . . 71
Седма лекција (А. Цукески). . . . . . . . . . . . . . . 82
Осма лекција (Р. Паноска) . . . . . . . . . . . . . . . 93
Деветта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . . . . 101
Десетта лекција (А. Цукески). . . . . . . . . . . . . 114
Единаесетта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . . 129
Дванаесетта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . . 139
Тринаесетта лекција (Р.Паноска) . . . . . . . . . . . 148
Четиринаесетта лекција (А. Цукески) . . . . . . . . . 160
Петнаесетта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . . 170
Шеснаесетта лекција (А. Цукески). . . . . . . . . . . 179
Седумнаесетта лекција (А. Цукески). . . . . . . . . . 193
Осумнаесетта лекција (А. Цукески) . . . . . . . . . . 205
Деветнаесетта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . 214
Дваесетта лекција (Р. Паноска). . . . . . . . . . . . 211
Текстови од македонската литература . . . . . . . . . 226

# ПРЕДГОВОР

Прирачникот Македонски јазик за странци никна врз основа на досегашниот Прирачник за лекторски вежби по македонски јазик, што беше издаден во 1968 год. за потребите на Семинарот за македонски јазик, литература и култура. Тој прирачник, иако скромен по обем, девет години ја вршеше својата функција, така што со помали исправки двапати беше преиздаван на македонски јазик, а беше преведен и на англиски (1971) и немски јазик (1973). Така, овој прирачник доволно им помагаше на корисниците како почетно помагало за навлегување во структурата на македонскиот литературен јазик, на деветте досега организирани семинари што ги посетуваа многубројни слависти и други учесници од разни земји во светот. Меѓутоа, дејностите на Семинарот постепено се проширувaа, а се зголемија и лекторските часови, така што структурата на досегашниот прирачник воопшто не може да ги задоволи потребите на учесниците на Семинарот.

Прирачников што сега им го предлагаме на корисниците, од досегашниот прирачник задржува само некои од општоважечките граматички формулации на јазичните појави, така што методски, содржински и композиционо претставува сосема ново помагало. Така, пристапот кон излагањето на материјалот наполно се разликува од поранешниот, зашто веруваме дека на овој начин ќе му помогнеме на корисникот постепено и систематски да ги совладува карактеристиките на македонскиот јазик, но сепак живо, активно и во елементарен вид. Токму затоа, во секоја лекција тргнуваме од определен фонд реченични конструкции низ кои постепено се застапе-

ки фонетско-правописните, морфолошките, синтаксичките и лексичките карактеристики на македонскиот литературен јазик, меѓутоа голем дел од нив се проследени и со граматички толкувања. Освен тоа, секоја лекција е придружена и со соодветни вежби низ кои претставениот јазичен материјал може уште повеќе да се активира и да му остане како трајно знаење на корисникот.

Свесни сме дека предложениов прирачник ќе може и натаму да се подобрува и дополнува, па токму затоа на сите што ќе го користат и што ќе ни укажат на недоследностите и на патиштата за неговото подобрување во идните изданија, ќе им бидеме особено благодарни.

Мај 1977 година                                        Авторите

1 Еден

ПРВА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Ова е молив.
   ѕид.
   рака.
   слика.
   перце.
   влакно.

2. Ова е човек.
   воз.
   жена.
   трева.
   дете.
   дрво.

3. Тоа е часовник.
   прст.
   маса.
   книга.
   лице.
   уво.

4. Што е ова?
   Тоа е молив.
   ѕид.
   рака.
   слика.
   перце.
   влакно.

5. Што е она?
Она е човек.
воз.
жена.
трева.
дете.
дрво.

6. Што е тоа?
Ова е часовник.
прст.
маса.
книга.
лице.
уво.

7. Што е ова?
Тоа се ножици.
очила
пари.

8. Што е она?
Она се ножици.
очила.
пари.

9. Што е тоа?
Ова се ножици.
очила.
пари.

10. Дали ова е весник?
град?
табла?
црква?
перо?
лице?

Да, тоа е весник.
град.
табла.
црква.
перо.
лице.

11. Дали она е човек?
жена?
дете?
Да, тоа е човек.
жена.
дете.

12. Дали тоа е молив?
клупа?
око?
Да, ова е молив.
клупа.
око.

13. Вазна ли е ова?
Табла
Прозорец
Ѕид
Стакло
Куче
Да, тоа е вазна.
табла.
прозорец.
ѕид.
стакло.
куче.

14. Таван ли е она?
Жена
Дете
Да, она е таван.
жена.
дете.

15. Молив ли е тоа?
    Тетратка
    Перо
    Да, ова е молив.
    тетратка.
    перо.

16. Дали ова се ножици?
    очила?
    пари?
    Да, тоа се ножици.
    очила.
    пари.

17. Ножици ли се тоа?
    Да, ова се ножици.

18. Дали она се ножици?
    очила?
    пари?
    Да, она се ножици.
    очила.
    пари.

19. Очила ли се она?
    Да, она се очила.

20. Дали тоа се ножици?
    очила?
    пари?
    Да, ова се ножици.
    очила.
    пари.

21. Пари ли се тоа?
    Да, ова се пари.

22. Ова (она, тоа) не е молив.
    часовник.
    ѕид.
    тетратка.
    слика.
    трева.

перо.
влакно.
дете.

23. Ова (она, тоа) не се ножици.
очила.
пари.

24. Дали ова е весник?
Весник ли е ова?
Да, тоа е весник.
Не, тоа не е весник.

25. Дали она е табла?
Табла ли е она?
Да, она е табла.
Не, она не е табла.

26. Дали тоа е перо?
Перо ли е тоа?
Да, ова е перо.
Не, ова не е перо.

27. Дали ова (она, тоа) се очила?
Очила ли се ова (она, тоа)?
Да, ова (она, тоа) се очила.
Не, ова (она, тоа) не се очила.

28. Што е ова? Весник ли е?
Книга ли е?
Дрво ли е?
Очила ли се?
Да, тоа е весник. Не, тоа не е весник.
Да, тоа е книга. Не, тоа не е книга.
Да, тоа е дрво. Не, тоа не е дрво.
Да, тоа се очила. Не, тоа не се очила.

29. А ова? Дали и ова е весник?
Не, тоа не е весник. Тоа е тетратка.
А она? Дали и она е книга?
Не, она не е книга. Она е слика.

А тоа? Дали и тоа е дрво?
Не, ова не е дрво. Ова е дете.
А ова (она, тоа)? Дали и ова (она, тоа) се очила?
Не, ова (она, тоа) не се очила. Ова (она, тоа) се пари.

30. А ова? Куќа ли е?
Да, тоа е куќа. Не, тоа не е куќа.
А она? Ѓеврек ли е?
Да, она е ѓеврек. Не, она не е ѓеврек.
А тоа? Ѕид ли е?
Да, ова е ѕид. Не, ова не е ѕид.

31. Дали ова е молив или книга?
слика или вазна?
перо или ножици?
Дали ова се очила или дрво?
Тоа не е ни молив ни книга. Тоа е тетратка.
ни слика ни вазна. Тоа е молив.
ни перо ни ножици. Тоа се пари.
Тоа не се ни очила ни дрво. Тоа е дете.

32. Ова е молив. Дали и ова е молив?
табла. Дали и ова е табла?
лице. Дали и ова е лице?
се ножици. Дали и ова се ножици?
Да, и тоа е молив. Не, тоа не е молив.
Да, и тоа е табла. Не, тоа не е табла.
Да, и тоа е лице. Не, тоа не е лице.
Да, тоа се ножици. Не, тоа не се ножици.
Не, тоа воопшто не е молив. Тоа е книга.

33. А што е ова (она, тоа)?
Ова (она, тоа) е часовник.
рачен часовник.
ѕиден часовник.
градски часовник.
под.
ламба.
кошничка.
маче.
кучэ.

34. Ова е прозорец, тоа е врата, а она е дрво.
маса молив стакло.
ѕид табла трева.

35. Дали ова е прозорец, врата или дрво?
Тоа не е ни прозорец, ни врата, ни дрво. Тоа е молив.
Дали она е таван, ѕид или слика?
Она не е ни таван, ни ѕид, ни слика. Она е куче.
Дали тоа е град, село или ритче?
Ова не е ни град, ни село, ни ритче. Ова е гратче.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Азбука

Македонската азбука има 31 буква. Овие букви им соодветствуваат на фонемите во македонскиот литературен јазик.

Во македонскиот правопис главно се застапени фонетските принципи, така што отстапувањата од ова општо правило не се големи и се регулираат со други правила.

Во македонскиот литературен јазик има пет вокали (самогласки). Тие се: а, е, и, о, у. Сите вокали се изговараат јасно и како што се напишани, независно дали се акцентирани или не. Тие се делат на:

| | | |
|---|---|---|
| вокали од преден ред | е, и | дете, ѕид |
| вокали од заден ред | а, о, у | маса, нож, куп |

Оваа поделба е важна заради правописното и правоговорното однесување на некои консонанти пред вокалите.

Со мали исклучоци, консонантите се изговараат со истата гласовна вредност во сите позиции на зборот.

Во македонската азбука има 26 консонанти (согласки). Тие се: б, в, г, д, ѓ, ж, з, ѕ, ј, к, л, љ, м, н, њ, п, р, с, т, ќ, ф, х, ц, ч, џ, ш.

Гласот р може да врши консонантска и вокална функција. Така, тој ќе биде консонант ако се јави во соседство со вокал, односно во почетокот на зборот пред вокал.

| | |
|---|---|
| перце | перо |
| град | ритче |

Гласот р има вокална вредност кога иде во позиција меѓу два консонанта во средината на зборот или пред консонант во почетокот на зборот. Во вториов случај при пишувањето се користи апострофот пред буквата ('р). Доколку некои од зборовите од втората група дојдат со префикс што завршува на вокал, гласот р ја задржува вокалната вредност, независно што сега иде во позиција меѓу вокал и консонант.

| | | |
|---|---|---|
| срце | 'рж | |
| дрво | 'рѓа | за'рѓа |
| срж и | 'рж и | при'рж и |

Разликата меѓу полумекото и тврдото л пред вокалите од заден ред се бележи со буквите љ и л. Меѓутоа, пред вокалите од преден ред (е, и) и пред консонантот ј, редовно се пишува л, што автоматски се изговара полумеко. Од ова се гледа дека л има две изговорни вредности: полумеко л пред е, и, ј и тврдо л пред а, о, у, за разлика од полумекото л пред овие вокали што се бележи со буквата љ.

| л (полумеко) пред е, и, ј | л (тврдо) пред а, о, у | љ (полумеко) пред а, о, у |
|---|---|---|
| поле<br>лице<br>зелје | табла<br>бела<br>лопата<br>лубеница | рубља<br>беља<br>Кољо<br>љубов |

Со буквите г и ѓ, односно к и ќ се презентираат различни фонеми. Тврди гласови се г и к, а пак меки ѓ и ќ. Употребата на овие фонеми е дистинктивна не само пред вокалите од заден ред туку исто така и пред вокалите од преден ред.

| г | ѓ | к | ќ |
|---|---|---|---|
| лага<br>лаги | лаѓа<br>лаѓи | кука<br>куки<br>куп<br>кош | куќа<br>куќи<br>ќуп<br>ќош |

2. Акцент

Акцентот во македонскиот литературен јазик е динамичен и само еден слог во зборот е акцентиран. Акцентот не располага со мелодиски варирања што се осознаваат од говорителите.

Со мали исклучоци акцентот кај словенските зборови е фиксиран на третиот слог од крајот на зборот, т.е. двосложните и трисложните зборови се акцентираат на првиот слог.

| двосложни и трисложни зборови | повеќесложни зборови |
|---|---|
| кни́га<br>ма́са<br>но́жици<br>те́тратка | прокле́тница<br>кондура́џија<br>дого́рува<br>разгледу́вање |

До колку даден збор со приклучувањетона членската морфема или на некои наставки се зголеми на повеќе од три слога, акцентот се поместува за да падне пак на третиот слог од крајот на зборот.

| еднoсложен збор | двосложен збор | трисложен збор | повеќесложен збор |
|---|---|---|---|
| град | гра́дот<br>мо́лив | гра́дови<br>мо́ливи<br>те́тратка | градо́вите<br>моли́вите<br>тетра́тката<br>дого́рува<br>догору́вање<br>догорува́њето |

## Акцентни целости

Одречната партикула <u>не</u> и прашалните заменки (<u>што</u> и други) со глаголските форми што идат по нив, акцентски се однесуваат како еден збор, т.е. образуваат акцентни целости. Кога глаголската форма е еднослoжна или двосложна, акцентот преоѓа на негацијата или на прашалниот збор, а глаголската форма останува без акцент.

| | |
|---|---|
| Ова не́‿е молив. | Тој не́‿рече ништо. |
| Тоа не́‿се очила. | Таа не́‿влезе овде. |
| Што́‿е ова? | Што́‿рече жената? |

## 3. Именки

Секоја именка е родово определена. Кај некои именки се јавува колебање во родот, но тие не се многу (види: четврта лекција).

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| весник | вазна | дрво |
| ѕид | книга | лице |
| човек | жена | дете |

Некои именки се јавуваат само во множинската форма.

| | | |
|---|---|---|
| ножици | гаќи | нокви |
| очила | бечви | ногари |
| пари | шивери | плеќи |

Имениките што се согласуваат со глагол во еднина, на пример е, се наоѓаат во еднинска форма, додека оние што се согласуваат со глагол во множина, на пример се, се наоѓаат во множина.

| именки во еднина | именки во множина |
|---|---|
| Ова е молив. | Ова се моливи. |
| Она е маса. | Она се маси. |
| Тоа е перо. | Тоа се пари. |
| | Ова се ножици. |

## 4. Заменки

Прашалната заменка што се однесува главно на предмети, но може да се однесува и на лица.

| Предмет | лица |
|---|---|
| Што е ова? | Што е тоа? |
| Тоа е врата. | Ова е дете. |
| Што е она? | Што е она? |
| Она е вид. | Она е жена. |

Во оваа лекција се јавуваат демонстративните (показните) заменки ова, она, тоа. Во самостојна употреба тие се неутрални во однос на родовата припадност на лосочуваниот предмет или лице. Меѓутоа, истиве форми идат и во атрибутска служба, така што тогаш го изразуваат средниот род на парадигмата што е родово определена: овој, оваа, ова, овие; оној, онаа, она, оние; тој, таа, тоа, тие.

| самостојна служба | атрибутска служба |
|---|---|
| Што е ова (она,тоа)? | |
| Ова е молив. | Ова дете е мало. |
| Она е слика. | Она куче е мирно. |
| Тоа е дрво. | Тоа дрво е младо. |

Со показните заменки говорителот може да изрази просторни односи. Така, со заменката ова се посочува предмет или лице блиску до говорителот, со заменката она се посочува предмет или лице подалеку и од говорителот и од соговорникот (т.е. опсегот на првото и на второто лице е исклучен), додека со заменката тоа се посочува предмет или лице од аспектот на говорителот (првото лице), но во опсегот на соговорникот (второто лице).

| говорител | | соговорник | |
|---|---|---|---|
| ова | Што е ова? | тоа | Тоа е молив. |
| | Ова е молив. | | Што е тоа? |
| она | Што е она? | она | Она е слика. |
| | Она е слика. | | Што е она? |
| тоа | Што е тоа? | ова | Ова е дрво. |
| | Тоа е дрво. | | Што е ова? |

## 5. Реченици

Структурата ова (она, тоа)+глагол (е/се)+именка (молив, очила) претставува образец на потврдна расказна реченица. Показната заменка се однесува на именката, која се согласува по број и по лице со глаголската форма, меѓутоа заменката е неутрална во однос на родот на именката.

| | |
|---|---|
| Ова е молив. | Ова се моливи. |
| Она е вазна. | Она се вазни. |
| Тоа е дете. | Тоа се деца. |
| | Ова се ножици. |

Потврдната реченица може да се претвори во одречна со партикулата не, што иде редовно пред глаголската форма.

| | |
|---|---|
| Ова не е молив. | Она не се моливи.<br>Тоа не се ножици. |

Кај прашалните реченици наместо именката иде прашалната заменка што во почетокот на реченицата.

| прашална реченица | расказна реченица |
|---|---|
| Што е ова? | Тоа е маса. |
| Што е она? | Она е куче. |
| Што е тоа? | Ова е воз. |

Прашалните реченици се разликуваат од расказните со својата особена интонација, односно со повишениот тон при крајот на реченицата.

Интонацијата може да има вредност на дистинктивно граматичко средство во говорниот јазик.

| расказна реченица | прашална реченица |
|---|---|
| Ова е молив. | Ова е молив? |
| Она е врата. | Она е врата? |
| Тоа е дете. | Тоа е дете? |
| Ова не е весник. | Ова не е весник? |

- Прашални честици: дали, ли

Кога прашалната реченица бара потврден или одречен одговор (да, не), таа се оформува со прашалните честици дали, што иде во почетокот на реченицата, или ли, што иде зад зборот на кој се однесува прашањето.

| | прашална реченица | одговор |
|---|---|---|
| дали | Дали ова е ѕид? | Да, тоа е ѕид.<br>Не, тоа не е ѕид. |
| ли | Маса ли е ова? | Да, тоа е маса.<br>Не, тоа не е маса. |

ВЕЖБИ

I. Во речениците што следуваат на празниот простор ставете по една од именките што веќе ги знаете:

1. Ова е ________________.
2. Тоа е ________________.
3. Она е ________________.
4. Ова се ________________.
5. Она се ________________.
6. Тоа се ________________.
7. ________________ ли е ова?
8. ________________ ли е тоа?
9. ________________ ли е она?
10. Дали е ________________ ова?
11. Дали е ________________ она?
12. Дали е ________________ тоа?
13. ________________ ли се ова?
14. ________________ ли се она?
15. ________________ ли се тоа?
16. Дали се ________________ ова?
17. Дали се ________________ она?
18. Дали се ________________ тоа?

II. На празниот простор во одговорите на поставените прашања искористете по една од именките што ги знаете:

1. Што е ова? - Тоа е ________________.
2. Што е она? - Она е ________________.
3. Што е тоа? - Ова е ________________.

4. Град ли [illegible] е ова? - Не, тоа не е град. Тоа е ________.
5. Дали ов[illegible] е маса? - Не, тоа не е маса. Тоа е ______.
6. Молив ил[illegible] и перо ли е ова? - Тоа не е ни молив ни перо. Т[illegible]а е ______________.
7. Дали ов[illegible] е човек или дете? - Тоа не е ни човек ни дете. Т[illegible]а е ______________.
8. Дали она[illegible] се пари? - Она не се пари. Она се ________.
9. Дали ова[illegible] се очила или ножици? - Тоа не се ни очила ни ножиц[illegible]и. Тоа се ____________.
10. Очила ли [illegible] се ова? - Тоа не се очила. Тоа се ________.

[illegible]I. Во својата [illegible]тетратка препишете ги по ред сите именки од [illegible]т дел на лекци[illegible]ава (реченици) и зад секоја од нив определе[illegible] родот.

Пример: мол[illegible]в - машки род.
ран[illegible] - женски род.

[illegible]V. Истите имен[illegible]и препишете ги уште еднаш, но сега акценти[illegible]

Пример: мо́л[illegible]в, ра́ка.

V. Одговорете [illegible]а прашањата. Во одговорите употребете ги зборови што се [illegible]дадени во заградите.

1. Што е ов[illegible]? (молив, книга, врата, дрво, перо)
2. Дали она [illegible]е (вазна, рака, ѕид, човек, дете)?
3. (Тетратк[illegible], табла, град, куче, дрво) ли е тоа?
4. Што се о[illegible]а? (ножици, очила, пари)
5. Дали она [illegible]се (ножици, очила, пари)?

## Прашални, одречни и прашално-одречни форми на сегашното време од помошниот глагол сум

[redacted]рашални

| | | |
|---|---|---|
| Ја [redacted] | ли сум? | ние ли сме? |
| ти | ли си? | вие ли сте? |
| то [redacted] | ли е? | тие ли се? |
| та [redacted] | ли е? | |
| то [redacted] | ли е? | |

Одречни

| | |
|---|---|
| Јас не сум | ние н |
| ти не си | вие н |
| тој не е | тие н |
| таа не е | |
| тоа не е | |

Прашално-одречни

| | |
|---|---|
| Јас не сум ли?<br>не сум ли јас? | ние не сме ли?<br>не сме ли ние? |
| ти не си ли?<br>не си ли ти? | вие не сте ли?<br>не сте ли вие? |
| тој не е ли?<br>не е ли тој? | тие не се ли?<br>не се ли тие? |

Тип на реченични конструкции со овие фо

| |
|---|
| јас ли сум прв? |
| јас не сум прв. |
| јас не сум ли прв? |
| не сум ли јас прв? |

За[redacted]лешка: Формата за второ лице еднина си и формата лице множина се треба да се разликуваат с форми си, се како кратки форми од заменкат формата сѐ која се употребува како количе менка. Спореди:

| | |
|---|---|
| Ти си умен човек. | Глагол - 2 л.еднин |
| Тој тргнал со татка си. | Повратна заменка |
| Тие се истрајни во работата. | Глагол - 3 л. множ |
| Тој се мие. | Повратен глагол |
| Собраа сѐ што најдоа. | Количествена замен |

4. Град ли е ова? - Не, тоа не е град. Тоа е ________.
5. Дали ова е маса? - Не, тоа не е маса. Тоа е ______.
6. Молив или перо ли е ова? - Тоа не е ни молив ни перо. Тоа е ______________.
7. Дали ова е човек или дете? - Тоа не е ни човек ни дете. Тоа е ______________.
8. Дали она се пари? - Она не се пари. Она се ________.
9. Дали ова се очила или ножици? - Тоа не се ни очила ни ножици. Тоа се _____________.
10. Очила ли се ова? - Тоа не се очила. Тоа се ________.

III. Во својата тетратка препишете ги по ред сите именки од првиот дел на лекцијава (реченици) и зад секоја од нив определете го родот.

Пример: молив - машки род.
рака - женски род.

IV. Истите именки препишете ги уште еднаш, но сега акцентирани.

Пример: мо́лив, ра́ка.

V. Одговорете на прашањата. Во одговорите употребете ги сите зборови што се дадени во заградите.

1. Што е ова? (молив, книга, врата, дрво, перо)
2. Дали она е (вазна, рака, ѕид, човек, дете)?
3. (Тетратка, табла, град, куче, дрво) ли е тоа?
4. Што се ова? (ножици, очила, пари)
5. Дали она се (ножици, очила, пари)?

2 Два

ВТОРА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Подготвен ли си за појадок?
   ручек?
   ужина?
   вечера?
   излегување?
   предавање?
   настава?
   работа?
   спиење?

2. Јас сум подготвен за појадок.
   ручек.
   ужина.
   вечера.
   излегување.
   предавање.
   настава.
   работа.
   спиење.

3. Подготвен сум за појадок.
   ручек.
   ужина.
   вечера.
   излегување.
   предавање.
   настава.

работа.
спиење.

4. Не сум подготвен за појадок.
5. Не, јас не сум подготвен за појадок.
6. Не, не сум подготвен за појадок.
7. Подготвена ли си ти за појадок?
Ти си подготвена за појадок?
Подготвена сум за појадок.
Јас сум подготвена за појадок.
Да, подготвена сум за појадок.
8. А тој подготвен ли е за појадок?
Подготвен ли е тој за појадок?
Тој е подготвен за појадок.
Да, тој е подготвен за појадок.
Подготвен е за појадок.
9. Дали е таа подготвена за појадок?
Подготвена е.
Да, таа е подготвена за појадок.
Не е.
Не е подготвена за појадок.
Таа не е подготвена за појадок.
10. А детето? Подготвено ли е тоа за појадок?
Да, и тоа е подготвено.
11. Подготвени ли сте вие за појадок?
ручек?
ужина?
вечера?
излегување?
предавање?
настава?
работа?
спиење?

Дали сте подготвени за појадок?
Не сте ли подготвени за појадок?
Вие не сте ли подготвени за појадок?
Сте ли вие подготвени за појадок?

12. Ние сме подготвен за појадок.
Подготвени сме за појадок.
Да, ние сме подготвени за појадок.
Како да не, подготвени сме за појадок.
Ние не сме подготвени за појадок.
Не сме подготвени за појадок.
Не, не сме подготвени.

13. Вие сте подготвени за појадок?
Вие не сте подготвени за појадок?
Вие сте подготвени за појадок.
Не, вие не сте подготвени за појадок.

14. А што прават тие?
Тие се подготвуваат за појадок.

15. Се подготвуваат ли тие за појадок?
Да.
Не.

16. Што сте вие?
Јас сум студент.
студентка.
ученик.
ученичка.

17. Ти си студент?
студентка?
ученик?
ученичка?

18. Кој е овој?
Тој е студентот Николовски.

19. Која е оваа?
Таа е студентката Трајковска.

20. До кога ќе бидеш студент?
ученик?
студентка?
ученичка?

Студент ќе бидам уште две години.
Ученик
Студентка
Ученичка

21. Значи, ти ќе си студент уште две години.
ученик
студентка
ученичка
Значи, ти ќе бидеш студент уште две години.
ученик
студентка
ученичка

22. А тој?
Тој ќе е студент само уште еден месец.
Тој ќе биде студент само уште еден месец.

23. А вие?
Ние ќе бидеме студенти уште две години.
Ние ќе сме студенти уште две години.
Значи, вие ќе бидете студенти уште две години.
Значи, вие ќе сте студенти уште две години.

24. А тие?
Тие ќе бидат студенти уште две години.
Тие ќе се студенти уште две години.

25. Каде беше на викенд?
Бев во Катланово.
На викенд бев во Катланово.
Јас бев на викенд во Катланово.
Во Катланово.
На викенд не бев во Катланово, туку во Сарај.

26. Ти беше на викенд во Катланово, а тој?
Тој беше на Водно.
Тој не беше во Катланово, туку на Водно.

27. А дали таа беше со тебе?
Не, таа не беше со мене.
Ние со неа бевме во Охрид.
Бевте ли во Свети Наум?
Да, бевме и во Свети Наум.

28. Твоите другари дали беа таму?
Моите другари не беа таму. Тие порано си заминале.
29. Си бил ли во Струга?
Во Струга не сум бил.
Да, сум бил во Струга.
30. Ти и јас не сме биле во Струга.
31. Ти си бил во Калишта?
Да, сум бил. Знам дека и вие сте биле.
32. А биле ли твоите другари?
И моите другари биле неколку пати.
33. Често доаѓаш во Македонија?
Не, не доаѓам често. Досега имам дојдено само еднаш.
Не, немам дојдено досега. Ова ми е прв пат.
Ти имаш дојдено кај мене дома или не?
Не, немам дојдено.
34. А тој?
Тој има дојдено неколку пати.
Тој нема дојдено ниеднаш.
35. Ние имаме дојдено повеќе пати во Македонија.
Ние сме дошле повеќе пати во Македонија.
36. Вие немате дојдено во Македонија?
Имаме како да не.
37. А тие?
И тие имаат дојдено еднаш.
Тие дошле еднаш.
Не, тие немаат дојдено досега во Македонија.
Не, тие не дошле досега во Македонија.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Помошни глаголи

Во македонскиот јазик како помошни глаголи се употребуваат:

| сум, има - нема |
|---|

Освен нив при образувањето на сложените глаголски форми влегуваат и глаголските партикули:

| би, ќе |
|---|

## 2. Форми со сум

Формите на помошниот глагол може да доаѓаат заедно со субјектот (личната заменка), но ова не е редовен случај.

| сегашно време | | |
|---|---|---|
| еднина | | множина |
| јас сум | - сум | ние сме - сме |
| ти си | - си | вие сте - сте |
| тој е | - е | тие се - се |
| таа | | |
| тоа | | |

Глаголот сум е несвршен по вид. Идното време (јас ќе сум), се употребува многу поретко од идното време образувано според глаголот биде, свршен по вид, додека сегашното време од биде доаѓа само во синтаксички конструкции со сврзниците да, ако.

| идно време | | | |
|---|---|---|---|
| сум | | биде | |
| јас ќе сум | ние ќе сме | јас ќе бидам | ние ќе бидеме |
| ти ќе си | вие ќе сте | ти ќе бидеш | вие ќе бидете |
| тој ќе е | тие ќе се | тој ќе биде | тие ќе бидат |

Тип на конструкција со да, ако

Ако бидам готов за појадок, ќе дојдам.
Ќе настојувам да бидам готов за појадок.

Бидејќи глаголот сум е несвршен по вид, тој ни се претставува само со формите на минатото определено несвршено време.

| еднина | множина |
|---|---|
| јас бев | ние бевме |
| ти беше | вие бевте |
| тој беше | тие беа |

Л-формата од помошниот глагол е бил - бидел.

## Прашални, одречни и прашално-одречни форми на сегашното време од помошниот глагол сум

**Прашални**

| | |
|---|---|
| Јас ли сум? | ние ли сме? |
| ти ли си? | вие ли сте? |
| тој ли е? | тие ли се? |
| таа ли е? | |
| тоа ли е? | |

**Одречни**

| | |
|---|---|
| Јас не сум | ние не сме |
| ти не си | вие не сте |
| тој не е | тие не се |
| таа не е | |
| тоа не е | |

**Прашално-одречни**

| | |
|---|---|
| Јас не сум ли?<br>не сум ли јас? | ние не сме ли?<br>не сме ли ние? |
| ти не си ли?<br>не си ли ти? | вие не сте ли?<br>не сте ли вие? |
| тој не е ли?<br>не е ли тој? | тие не се ли?<br>не се ли тие? |

**Тип на реченични конструкции со овие форми**

| |
|---|
| јас ли сум прв? |
| јас не сум прв. |
| јас не сум ли прв? |
| не сум ли јас прв? |

Забелешка: Формата за второ лице еднина си и формата за трето лице множина се треба да се разликуваат од еднаквите форми си, се како кратки форми од заменката себе и од формата сè која се употребува како количествена заменка. Спореди:

| | |
|---|---|
| Ти си умен човек. | Глагол - 2 л.еднина |
| Тој тргнал со татка си. | Повратна заменка |
| Тие се истрајни во работата. | Глагол - 3 л. множина |
| Тој се мие. | Повратен глагол |
| Собраа сè што најдоа. | Количествена заменка |

### 3. Конструкции со има/нема

Помошниот глагол има (негирано нема) стапува во градбата на сложени глаголски форми. Тој ги определува сите граматички категории што се среќаваат во сложените времиња и во можниот начин, а самиот глагол иде со својата придавка во среден род. Глаголската придавка во овие случаи се сведува до чиста ознака на глаголското дејство и не се изменува.

Со формите во кои се употребува помошниот глагол има, нема се утврдува еден момент и тоа моментот на соопштувањето или некој иден момент или минат до кој се сведува извршеноста на едно дејство или претпоставката за неговото извршување.

Тип на реченични конструкции со има, нема

| |
|---|
| Јас имам одено кај Николовци дома. |
| Јас ќе имам одено кај Николовци дома. |
| Јас имав одено кај Николовци дома. |

### 4. Именски прирок

Помошниот глагол во спој со именски збор го претставува именскиот прирок во реченицата.

Тип на реченични конструкции со именски прирок

| | |
|---|---|
| Тој е професор. | Именка |
| Куќата беше стара. | Придавка |
| Јас имам гледано неколку драмски претстави. | Синтагматски спој |
| Тие дома се двајца. | Бројна именка |
| Марија е наша. | Заменска придавка |
| Никола ќе биде прв. | Бројна придавка |
| Вие сте многу. | Прилог |

ВЕЖБИ

I. Формата од помошниот глагол во еднина дајте ја во множина. По ист начин усогласете ги, каде што е неопходно, и другите делови на реченицата.

1. Јас сум студент.
2. Каде беше вчера?
3. Беше ли вчера на факултет?
4. Ти си ученик.
5. Тој е мој пријател.
6. Јас не сум студент.
7. Ти ќе бидеш утре овде?
8. Тој бил во Калишта?
9. Јас имам дојдено кај вас.
10. Тој те има видено тебе.

II. Формите на помошниот глагол во множина дајте ги во еднина. По ист начин усогласете ги, каде што е неопходно, и другите делови на реченицата.

1. Вие сте први.
2. Пријателите се наши.
3. Младинците беа неуморни.
4. Луѓето немаа видено поубав град.
5. Ние не ќе бидеме таму
6. Сте биле ли во Охрид?
7. Каде ќе бидат попладне вашите колеги?
8. Не бевте ли вчера на излет?

III. Направете распоред на именските зборови според формите на помошниот глагол и конструирајте реченици.

1. Јас сум ученик.
2. Ти си курсисти.
3. Тој е излетници.
4. Ние сме Петар.
5. Вие сте професори.
6. Тие се Нада.
7. Таа е Милан.
8. Јас бев уплашени.
9. Ти беше преморени.

10. Тој беше гладни.
11. Ние бевме в кино.
12. Вие бевте радосен.
13. Тие беа куче.
14. Тоа е луѓе.

IV. Прочитајте ги овие прашања и одговори.

1. Си бил ли во Охрид?
   Не, не сум бил.
2. Како си?
   Благодарам, добро, а ти?
3. Како се твоите домашни?
   Тие се исто така добро.
4. Го имаш гледано филмот "Војна и мир"?
   Не, го немам гледано но имам слушано за него.
5. Каде ќе бидете попладне?
   Попладне ќе бидам на лекторски вежби по македонски јазик.
6. А вечер?
   Вечер сите ќе бидеме во Клубот на Семинарот.
7. Ќе играме ли шах?
   Секако, но јас не сум голем мајстор.
8. А што ќе прават другите?
   Другите ќе бидат публика.

V. Прочитајте го текстот

Во ресторан

Марија и Џон влегуваат во еден охридски ресторан. Келнерот ги забележува и доаѓа да ги послужи:

Келнерот: Повелете, со што можам да ве услужам?

Џон: Марија, сакате ли нешто пред ручекот?

Марија: Да, ве молам еден коњак.

Џон: Значи, донесете ве молам два коњака и по можност листата на јадењата.

Келнерот: Повелете два коњака, еве ја и листата на јадењата.

Џон: Ве молам донесете ни две пилешки супи, една порција пастрмка на охридски начин, една порција виенска шницла, половина литар црно вино и два сладоледа. Бидете љубезен и по ручекот донесете ни и две турски кафиња.

3 Три

ТРЕТА ЛЕНЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Чиј е овој весник?
   молив?
   часовник?

2. Чија е оваа книга?
   тетратка?
   клупа?

3. Чие е ова перо?
   дете?
   маче?

4. Чии се овие моливи?
   книги?
   пера?
   очила?

5. Тоа е мој(от) весник.
   молив.
   часовник.
   моја(та)книга.
   тетратка.
   клупа.
   мое(то) перо.
   дете.
   маче.
   се мои(те) моливи.
   книги.
   пера.
   очила.

6. Чиј е оној часовник?
   Чија е онаа гума?
   Чие е она јаболко?
   Чии се оние ножици?
   моливи?
   книги?
   јаболка?

7. Тоа е твој(от) часовник.
   твоја(та) гума.
   твое(то) јаболко.
   Тоа се твои(те) ножици.
   моливи.
   книги.
   јаболка.

8. Чиј е тој стол?
   таа маса?
   тоа столче?
   Чии се тие столови?
   маси?
   столчиња?
   пари?

9. Ова е негов(иот) стол.
   нејзина(та) маса.
   негово(то) столче.
   Ова се наши(те) столови.
   ваши(те) маси.
   нивни(те) столчиња).
   мои(те) пари.

10. Дали ова е мој(от) весник?
    она твоја(та) книга?
    тоа негово(то) перо?
    ваше(то) дете?
    нејзино(то) куче?
    Да, тоа е твој(от) весник.
    Не, тоа не е твој(от) весник.

11. Кој весник е овој?
Тоа е весникот "Нова Македонија".
Тој весник е "Нова Македонија".

12. Која книга е оваа?
Тоа е книгата "Војна и мир".
Таа книга е "Војна и мир".

13. Кое списание е ова?
Тоа е списанието "Литературен збор".
Тоа списание е "Литературен збор".

14. Кој човек е овој?
Тоа е мојот пријател Васил.
другар Иван.
професор Стојановски.
сопруг.
Тоа е брат ми.
татко ми.
братучед ми.
чичко ми.

15. Која жена е оваа?
Тоа е мојата пријателка Вера.
другарка Марија.
лекарка.
сопруга.
Тоа е мајка ми.
сестра ми.
золва ми.
братучетка ми.

16. Кое дете е ова?
Тоа е мое(то) дете.
нивно(то) дете.

17. Кој град е оној?
Оној град е Скопје.
Она е Скопје.

18. Која река е онаа?
Онаа река е Вардар.
Она е Вардар.

19. Кое село е она?
Она село е Носел.
Она е Носел.

20. Кои се тие очила?
Овие очила се твоите.
Ова се твоите очила.

21. Дали овој молив е твој(от), колешке Вера?
Веро?
Не, колега Стојан, тоа не е мој(от) молив.
Стојане

22. Дали оваа книга е нејзина(та), колега Иван?
Иване?
Точно, колешке Вера, таа книга е нејзина(та).
Веро

23. Дали тоа дете е твое(то), колешке Вера?
колега Иван?
Се разбира, ова дете е мое(то), колега Иван.
Иване.
колешке Вера.
Веро.
Не, колега, ова дете не е мое(то).
Не, колешке, ова дете не е мое(то).

24. Ратке, ова е твојот часовник?
Не, Милане, тоа не е мојот часовник.

25. Она е твојот весник, Иване?
Да, Стојанке, она е мојот весник.

26. Извинете, госпоѓице Олга, дали е ова твоја(та) тетратка?
Жалам, тоа не е моја(та) тетратка.
Мојата тетратка никаде ја нема.

27. Колега Васил, дали оваа книга е нејзина(та) или негова(та)?
Колешке Вера, дали овие моливи се ваши(те) или мои(те)?
Таа книга не е ни нејзина(та) ни негова(та).
Таа е моја.

Таа книга е негова(та), а не нејзина(та).
Тие моливи не се ни твои(те) ни мои(те).
Тие се нивни.
Тие моливи се нивни(те), а не твои(те).

28\. Мојот клуч никаде го нема.
Мојата гума ја
Моето дете го
Моите очила ги

29\. Дали сигурно го нема твојот клуч?
ја твојата гума?
го твоето дете?
ги твоите очила?
Навистина, никаде го нема.

30\. Навистина ли ја нема и нејзината тетратка?
Сосема сигурно, ја нема и нејзината тетратка.

31\. Навистина ли ги нема твоите очила?
Сосема сигурно, моите очила ги нема.

32\. Каде е колегата Кирил?
колешката Васка?
другарот Ивановски?
другарката Ивановска?
господин Трајкоски?
госпоѓа Трајкоска?
госпоѓица Вера?

33\. Колегата Кирил уште го нема.
Колешката Васка е овде.
Другарот Ивановски сега е тука.
Другарката Ивановска е онде.
Господин Трајкоски сега го нема.
Госпоѓа Трајкоска уште ја нема.
Госпоѓица Вера веќе е тука.

34\. Дали се тука колегата Трајко и колешката Марија?
Тука ли се
Колегата Трајко е тука, но колешката Марија ја нема.
Ги нема ни колегата Трајко ни колешката Марија.

35. Денес(ка) ги нема ни другарот Петар ни другарката Вера.

се овде (тука) и другарот Петар и другарката Вера.

36. Госпоѓица Марија веќе е тука?

Не, госпоѓица Марија уште ја нема.

Да, госпоѓица Марија веќе е тука.

37. Колешката Вера уште ја нема?

Напротив, колешката Вера веќе е овде.

Точно, колешката Вера уште ја нема.

38. Колешката Васка веќе е тука, нели?

Не, Иване, колешката Васка уште ја нема.

Навистина?

Сосема сигурно, уште ја нема.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Звучни и безвучни согласи

Според звучноста согласките (консонантите) можат да бидат звучни и безвучни. При образувањето на звучните согласки гласните жици треперат, а при образувањето на безвучните воздушната струја минува слободно.

| | | | |
|---|---|---|---|
| звучни | б д г ѕ џ ѓ в з ж | сонанти | р л љ м н њ ј |
| безвучни | п т к ц ч ќ ф с ш х | | |

Звучните и безвучните согласки во непосреден допир редовно се едначат по звучност во изговорот. Едначењето по звучност наоѓа одраз и во пишувањето. Исклучоците се мали.

Едначењето по звучност се врши според втората согласка: ако е звучна и претходната станува звучна, ако е безвучна и претходната станува безвучна.

Сонантите, што се звучни согласки, не влијаат на едначењето по звучност: метла, табла.

| втората согласка е безвучна | втората согласка е звучна |
|---|---|
| град - град-че - гратче | свад - свад-ба - свадба |
| брод - брод-че - бротче | шета - шет-ба - шедба |
| брег - брег-че - бренче | град - град-ба - градба |
| роб - роб-ски - ропски | |

2. Звучните согласки на крајот на зборот

На крајот на зборот може да се напише звучна или безвучна согласка. Меѓутоа, и звучните и безвучните согласки редовно се изговараат безвучно кога идат на крајот на реченицата или на крајот на интонациона пауза во рамките на реченицата.

| | |
|---|---|
| Ова е куп. | /куп/, но: купови |
| Ова е кош. | /кош/ кошот |
| Ова е град. | /грат/ градови |
| Ова е брод, а не воз. | /брот, вос/ |
| Она е снег, а не мраз. | /снек, мрас/ |

Звучните согласки на крајот на зборот се изговараат безвучно ако се најдат пред збор што почнува со безвучна согласка, а пак звучно пред збор што почнува со вокал, звучна согласка или сонант при услов да нема пауза меѓу нив.

| |
|---|
| Ова е град крај езеро. /грат крај/ |
| Пристигна брод од Струга. /брод од/ |
| Охрид е град до езеро. /град до/ |
| Крушево е град на планина. /град на/ |

Две звучни согласки на крајот на зборот се обезвучуваат, а пак втората обично не се изговара.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ова е грозд. | /грост - грос/, | но: | гроздот |
| Врне дожд. | /дошт - дош/ | | дождот |
| Спореди: | | | |
| Ова е прст. | /прс/ | | прстот |

3. Вокативни форми

Дел од имениците од машки и женски род имаат посебни вокативни форми: брат - брате, брату, човек - човече, човеку, професор - професоре, Стојан - Стојане; колешка - колешке, госпоѓица - госпоѓице, Вера - Веро, Ратка - Ратке и др.

Имениците од среден род и голем дел од имениците во машки и женски род (еднина и множина) немаат посебни вокативни форми, така што во случај на обраќање се употребува општата форма во еднина или во множина.

| вокативна форма | обраќање |
|---|---|
| Дојди, брате, кај мене. | Точно, колега, ова е таа книга. |
| Милане, почекај! | Ти си овде, детенце! |
| Извинете, колешке Вера! | Деца, вие сте овде! |
| Веро, тука ли е Марија? | Застанете, другар Ивановски. |
| Ратке, дојди кај мене. | Другари, вратете се брзо. |

4. Лично-предметни заменки

Лично-предметните заменки чиј и кој во оваа лекција се јавуваат со прашално значење. Тие имаат по три родови форми во еднината, а по една во множината.

Заменките никогаш не се членуваат.

| м.р. | ж.р. | ср.р. | мн. |
|---|---|---|---|
| чиј | чија | чие | чии |
| кој | која | кое | кои |

| чиј | кој |
|---|---|
| Чиј е овој молив? | Кој е овој град? |
| Чиј молив е овој? | Кој град е овој? |
| Чија е онаа гума? | Која е твојата книга? |
| Чија гума е онаа? | Која книга е твојата? |
| Чие е тоа куче? | Кое е нивното дете? |
| Чие куче е тоа? | Кое дете е нивното? |
| Чии се овие очила? | Кои се нејзините ножици? |
| Чии очила се овие? | Кои ножици се нејзините? |

Забелешка: Паралелно се употребува и: На кого е овој молив?

Заменката кој има посебни форми (долги и кратки) за директен и индиректен предмет, што се однесуваат само на лица од машки род. Меѓутоа, формата за директен предмет често се употребува и аналитички со предлогот на во служба на индиректен предмет.

| подмет | дир. пр. | инд.пр. |
|---|---|---|
| кој | кого, го | кому, му |

| | | |
|---|---|---|
| подмет | Кој е оној човек?<br>Кој човек е оној? | - Оној човек е мојот пријател.<br>- Оној човек е брат ми. |
| директен предмет | Кого го сретна? | - Го сретнав твојот пријател.<br>- Го сретнав чичко ти. |
| индиректен предмет | Кому му кажа?<br><br>На кого му рече? | - Му кажав на нејзиниот пријател.<br>Му кажав на зет ѝ.<br>- Му реков на твојот другар.<br>Му реков на вујко ти. |

5. Показни заменки

Зборовите овој, оној, тој се показни (демонстративни) заменки. Тие разликуваат три родови форми во еднината и една во множината. Види: лекција прва.

| м.р. | ж.р. | ср.р. | мн. |
|---|---|---|---|
| овој | оваа | ова | овие |
| оној | онаа | она | оние |
| тој | таа | тоа | тие |

| |
|---|
| Овој град е Охрид. |
| Онаа колешка е Марија. |
| Она дете е мое. |
| Тие очила се нејзини. |

Забелешка: Показната заменка тој (таа, тоа, тие) истовремено се употребува и како лична заменка. Види: лекција петта.

6. Заменски придавки

Зборовите мој, твој, и сл. се заменски придавки. Тие разликуваат три родови форми во еднината и една во множината.

За разлика од заменките, тие можат да бидат членувани или не, зависно од именката на која се однесуваат.

Заменските придавки имаат присвојно значење.

| машки род | | | женски род | | среден род | | множина | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| мој | | -от | моја | -та | мое | -то | мои | -те |
| твој | | | твоја | | твое | | твои | |
| негов | -и | -от | негова | | негово | | негови | |
| нејзин | | | нејзина | | нејзино | | нејзини | |
| наш | | | наша | | наше | | наши | |
| ваш | | | ваша | | ваше | | ваши | |

Забелешка:

- Кај формите за машки род негов, нејзин, наш, ваш, членската морфема -от се додава на проширената форма со елементот и, што во современиот јазик не се употребува самостојно: негов-и-от.

- Заменската придавка <u>ваш</u> мошне често се користи со еднинско значење при учтиво обраќање.

| | |
|---|---|
| Каде е <u>вашиот</u> весник? | Каде е твојот весник? |
| Која е <u>вашата</u> книга? | Која е твојата книга? |
| Каде е <u>вашето</u> дете? | Каде е твоето дете? |
| Ова се <u>вашите</u> очила. | Ова се твоите очила. |

7. Редот на зборовите

Редот на зборовите во македонскиот јазик е слободен. Токму затоа на преден план излегува неговата стилистичка, а не граматичката функција.

Така на пример, реченицата <u>Овде го нема твојот молив</u>, можеме да ја сметаме со вообичаен ред на зборовите. Меѓутоа, таа може да се јави во уште неколку варијанти.

| |
|---|
| Твојот молив овде го нема. |
| Го нема овде твојот молив. |
| Моливот твој овде го нема. |
| Овде твојот молив го нема. |
| Го нема моливот твој овде. |

<u>Забелешка</u>: Кратката заменска форма <u>го</u> (а тоа е случај со сите вакви форми) иде редовно пред глаголската форма (<u>го нема</u>) во сите варијанти. Види: лекција петта.

8. Правопис на <u>ј</u>

Пред вокалите од преден ред <u>е</u>, <u>и</u> не се пишува согласката <u>ј</u>. Така, <u>ј</u> отпаѓа кај некои именки во множината, кај лично-предметните заменки (во ср.р. и мн.), кај показните заменки (во мн.) и кај некои заменски придавки (во ср.р. и мн.).

| именки | заменки | заменски придавки |
|---|---|---|
| обичај - обичаи | чиј - чие, чии | мој - мое, мои |
| змија - змии | кој - кое, кои | твој - твое, твои |
| чај - чаеви | некој - некое, некои | |
| | никој - никое, никои | |
| | секој - секое, секои | |
| | овој - овие | |
| | оној - оние | |
| | тој - тие | |

## 9. Акцент

Именките што означуваат сродство мајка, брат и др. оформуваат акцентни целости со кратките заменски форми што идат зад нив.

| |
|---|
| Ова е бра́т‿ти. |
| Она е ма́јка‿ти. |
| Кој е брату́чед‿ти? |
| Каде е братуче́тка‿ми? |

Акцентни целости меѓу чиј, кој и именка:

| | |
|---|---|
| Чи́ј‿град е овој? | Која‿те́тратка е нејзина? |
| Чија́‿гума е онаа? | Кои‿о́чила сѐ твоите? |
| Чие́‿лице е тажно? | Чии‿ве́сници се тие? |
| Ко́ј‿воз пристигна? | |
| Која́‿книга е мојата? | |
| Кое́‿дете плаче? | |

ВЕЖБИ

I. Со именките: весник, тетратка, дрво, град, маса, книга, врата, перо, молив, вазна, очила, стакло, ножици, пари, гуми, клупи, оформете прашални реченици, а потоа одговорете на прашањата во потврдна и во одречна форма.

Јас сум многу добро.
Јас се чувствувам одлично.
Одлично!
Се чувствувам прекрасно овде.
Не разбрав, ве молам!
Повторете, ве молам!
Повторете уште еднаш.
Добро, сега ве разбрав.
Да го повториме овој збор сите заедно.
Погласно, ве молам!
Да, сега е добро. Може и потивко.
Извинете!
Застанете, ве молам!
Почекајте само еден момент.
Читајте, колега, натаму.
Нека чита следниот.
Сега колешката до вас.
Доволно е, благодарам!
До видување! (До гледање!)

4 Четири

ЧЕТВРТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Помогнете ми, колега, што значи овој збор?
   Тој збор значи брег. гнев. праг. грст. слуга.
   рид. очув. рог. прст. судија.
   град. кожув. глог. - кондураџија.
   галеб. црв. стог.
   Никола веќе стана судија.
   Вујко ми Јанко ќе дојде утре.
2. Внука ми Марија ја сретнав на улица.
   Каде е поштата во Охрид?
   Онаа река е бујна.
   Со голема радост ја слушнав таа вест.
   Со љубов зборуваше за пролетта.
3. Тој напиша писмо.
   зеде лекарство.
   Неговото лице беше тажно.
   Едно врапче пееше на дрвото.
   Низ полето се движеше дете.
4. Внимавај Веро да не паднеш во варот.
   варта.

   Сега ќе го разгорам жарот.
   ја жарта.
   Жената го собра пепелот.
   ја пепелта.

5. Како гласи множината од зборот брег?

Множината од зборот брег гласи брегови.

| | |
|---|---|
| град | градови. |
| рид | ридови. |
| галеб | галеби. |
| очув | очуви. |
| прст | прсти. |
| грст | грсти и грстови. |
| слуга | слуги. |
| судија | судии. |

6. Јас сум ученик,а сестра ми ученичка.

| | |
|---|---|
| работник | работничка. |
| одборник | одборничка. |

Ние сме ученици, а вие ученички.

| | |
|---|---|
| работници | работнички. |
| одборници | одборнички. |

7. Ова е старец. Она се старци.

ловец ловци.

8. Еден човек им зборуваше на луѓето до него.

9. Благоја нема брат.

Ние сме неколку браќа.

10. Ова е стол. Она се столови. Онаму гледам два стола.

| | | |
|---|---|---|
| брег. | брегови. | брега. |
| воз. | возови. | воза. |

11. Ова е жена. Она се жени.

| | |
|---|---|
| река. | реки. |
| врата. | врати. |
| рака. | раце. |
| нога. | нозе. |
| змија. | змии. |
| гемија. | гемии. |

12. Ова е село. Она се села.
 дрво дрва.
 лице. лица.
 срце. срца.
 поле. полиња.
 теле. телиња.

13. Ова е лист. Она се лисје (лисја).
 сноп. снопје.
 даб. дабје.
 клас. класје.
 брут. бруќе.
 ограда. ограѓе.
 ливада. ливаѓе.
 трева. тревје.
 трн. трње.
 планина. планиње.

14. Добар ден, Веро! Каде одиш сега?
 Сакам да одам на плажа.
 базен.
 аеродром.

15. Тогаш да одиме заедно, плажата е близу.
 базенот
 аеродромот

16. Времево е жешко! Да се напиеме по една лимонада.
 оранжада.
 цитронада.
 Благодарам, јас не сакам, пред малку јадев чоколада.

17. Работи ли грчкиот конзулат денеска? Сакам да извадам виза.
 Не, денеска е сабота, конзулатот не работи.

18. Го прибра ли автомобилот в гаража?
 Не, во гаражата се наоѓа колата на брат ми.

19. Сакаш ли да одиме в театар? Вечерва се дава "Свадба" од Васил Иљоски, но ова е реприза.
 Сеедно, репризата честопати е поуспешна од премиерата.
 Васил Иљоски е добар македонски драматург.

20. Ве молам, има ли картотека во вашава библиотека?
Да, повелете лево во ходникот, картотеката се наоѓа таму.

21. Мојот пријател е одличен шахист. тенисер. биолог.
славист. режисер. зоолог.
урбанист. касиер. геолог.
пијанист. инженер. филолог.
солист. репортер. фонолог.

22. Колегата Стојан е практичар. оратор.
историчар. литератор.
политичар. декоратор.

23. Во ресторанот се собраа шахисти, тенисери. биолози.
слависти. режисери. зоолози.
урбанисти. касиери. геолози.
пијанисти. инженери. филолози.
солисти. репортери. фонолози.

24. Шахистите Тенисерите Биолозите ручаа во ресторанот.
Славистите Режисерите Зоолозите
Урбанистите Касиерите Геолозите
Пијанистите Инженерите Филолозите
Солистите Репортерите Фонолозите

25. Марија е добра шахистка. тенисерка.
прозаистка касиерка.
статистка. акушерка.
курсистка. педикерка.

26. Шахистките Тенисерките разговараа мирно.
Прозаистките Акушерките
Статистките Касиерките
Курсистките Педикерките

27. Татко ми предава биологија.
зоологија.
географија.
историја.

28. Биологијата е интересна наука.
Зоологијата
Географијата
Историјата

29. Мојата пријателка се занимава со политика.
реторика.
славистика.
германистика.
стилистика.

30. Славистиката денеска брзо се развива.
Германистиката
Стилистиката

31. Стојан секогаш бурно дискутира.
Тој го режира последниот филм.
За да не ја познаат, таа добро се маскира.
Инженерите го урбанизираа нашиот град.
Петре редовно ги патентираше своите пронајдоци.

32. Нејзиниот одговор беше дефинитивен.
негативен.
сериозен.

33. Сите собиравме библиографски податоци.
етимолошки
геолошки

34. Македонскиот литературен јазик се разви брзо.
Литературниот јазик е голема придобивка за секој народ.

35. Мојот пријател е мошне културен.
Секој ги цени културните луѓе.

36. Марија пишуваше молчејќи.
седејќи.
лежејќи.

37. Викајќи, Трајан влезе дома.
Смеејќи се, луѓето продолжија по патот.

38. Читајќи го писмото, Стојан се насмевна.
Слушајќи ја баба си, детето заспа.
Давајќи му го писмото, Марија излезе од собата.
Жената плачеше, зборувајќи им на луѓето.

39. Не доаѓам на часовите, бидејќи сум зафатен.

40. Годинава ќе одам на Семинарот за македонски јазик, литература и култура во Охрид.
Без да сетам ми помина годинава.

41. Летово две недели поминав во Македонија.
Летово е прилично топло.

42. Полека одевме по патот. Одеднаш се слушна звукот на камбана.
Камбаната беше во блиското село.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Именки

Род

Секоја именка се јавува во еден од трите рода: машки, женски или среден, што иде до израз само во еднината. Само мал број од именките можат да бидат двородови.

Именките од машки род обично завршуваат на консонант, односно во основната форма имаат нулев завршок: збор - збор-от, збор-ови, динар, галеб, шалтер, леб, пат, молив, овчар и др.

Мал број од именките во машки род имаат завршок -а: слуга - слуг-и, слуга-та, судија, кондураџија, Никола и др.

Сосема малку се именките од машки род со завршок -о или -е: вујко, Киро, Јанко; вујче, Трајче и др.

Именките од женски род најчесто завршуваат на а: сестра - сестр-и, сестра-та, жена, улица, рака, пошта, земја, Марија, Вера, Ратка и др.

Еден дел од именките во женски род завршуваат на консонант, т.е. имаат нулев завршок: вест - вест-и, вес-та, младост, радост, неправедност, власт (но некои и од нив се од машки род: лост, - лост-от, прст, грст и др.), заповед, љубов, ноќ, пролет и др.

Именките од среден род во основната форма се јавуваат со завршоците -о, -е: писмо, оро, средство, дрво, влакно; лице, дете, срце, поле, врапче и др.

Забелешка: Определен број именки покажуваат колебање во однос на родовата припадност, т.е. се употребуваат дублетно како именки од машки род или како именки од женски род. Тоа се најчесто еднослoжни именки на консонант, меѓутоа неколку од нив се двосложни: вар - варот - варта; калот, калта; пепел - пепелот, пепелта; песокот, песокта и др.

Број

Според категоријата број именките се јавуват во еднина и множина. Морфемите за изведување на множината се: -и, -ови, -еви за машки род, -и, за женски род (но: раце, нозе) и -а, -иња за среден род. Некои именки имаат форми за збирна и за избројана множина.

Машки род

| | обична множина | избројана множина | збирна множина |
|---|---|---|---|
| молив | молив-и | (два) молив-а | |
| динар | динар-и | динар-а | |
| стар(е)ц | старц-и | | |
| опин(о)к | опинц-и | | |
| излог | излоз-и | излог-а | |
| ученик | ученц-и | | |
| сноп | сноп-ови | сноп-а | сноп-је, -ја |
| збор | збор-ови | збор-а | |
| лист | лист-ови | лист-а | лис-је, -ја |
| број | бро-еви | број-а | |
| трн | | трн-а | трње |
| камен | | | камење, -ња |
| човек | луѓе | | |

Женски род

| | обична множина | збирна множина |
|---|---|---|
| жена | жен-и | |
| река | рек-и | |
| рака | рац-е | |
| нога | ноз-е | |
| ноќ | ноќ-и | |
| рубља | рубл-и | |
| ограда | оград-и | ограѓе |
| ливада | ливад-и | ливаѓе |

Среден род

| | обична множина | збирна множина |
|---|---|---|
| писмо | писм-а | |
| дрво | дрв-а | дрв-ја |
| жито | жит-а | жит-је,-ја |
| перо | пер-а | пер-је,-ја |
| гумно | гумн-а | гум-ења(сп. камења) |
| око | очи | |
| уво | уши | |
| јајце | јајц-а | |
| лице | лиц-а | |
| поле | пол-иња | пол-ја |
| теле | тел-иња | |

Забелешка:

Понекогаш и сопствените именки се јавуваат во множински форми, меѓутоа тие не означуваат множество на дадениот предмет, ами идат само како специјална ознака, на пример: Николовци, Миладиновци се форми што ја означуваат фамилијата, наречена така според имињата Никола и Миладин. Во други случаи множинската форма може да означува повеќе лица со исто име: во градов има многу Марии.

- Именките што означуваат материја (особено некој метал) не образуваат множина во вистинската смисла. Ако се употребат во

множинската форма, со неа се укажува на специјални ознаки сврзани со предметот, на пример видови или сорти на дадената материја: вино - вина (разни видови) - Тиквешките вина се пријатни за пиење, на обилноста на материјата: вода - води (Надојдоа матните води на Вардар), снег - снегови (Се растопија пролетните снегови) и сл.

- Глаголските именки на -ње можат да образуваат множина до колку нивното значење, за сметка на глаголското, е опредметено до поголем степен. На пример: прашање - прашања (Беа разгледани основните прашања, т.е. проблеми), јадење - јадења (На масата имаше разни јадења), движење - движења (Тој направи неколку брзи движења) и др.

- Некои именки се јавуваат само во множинската форма: плеќи, очила, јасли, ноќви и др. (Види: лекција прва).

## 2. Акцент

### Акцентирање на туѓите зборови

Туѓите зборови во македонскиот јазик, обично се акцентираат како во изворниот јазик или во јазикот преку кој навлегле. Значи, еден дел од нив се согласуваат во македонскиот третосложен акцент, додека повеќето од нив имаат акцент на последниот или на претпоследниот слог.

| | |
|---|---|
| xxxxx́ | клишé, решó, есéј, ривáл, спортѝст, букéт, талéнт, апетѝт и др. |
| xxxx́x | анали́за, репри́за, гара́жа, архи́ва, тети́ва, анализи́ра, телефони́ра и др. |
| xx́xxx | грама́тика, поли́тика, поли́тичар, а́ктивен, ди́ректен, ко́мплетен и др. |

Забелешка:

Низа зборови од туѓо потекло (двосложни и повеќесложни) се акцентираат со нормален македонски акцент, на пример: ска́ндал, ма́ршал, ква́драт, ко́нцерт, мо́мент, ре́он, ре́жим и др., потоа именките на -ија: гимна́зија, коми́сија, -ика: поли́тика, гимна́стика, рето́рика, -иум: прези́диум, ка́лиум, на́триум, -ик: фа́натик, е́ретик, -ичар: поли́тичар, пра́ктичар, исто́ричар, именките како: ми́нута,

пне́ума, ре́ума, фи́гура, метро́пола и др. Вака се акцентираат и придавките на -ичен: дра́стичен, хро́ничен, пра́ктичен, -илен: ста́билен, ла́билен, -ектен: ко́ректен, ди́ректен, -етен: ди́скретен, ко́мплетен, -урен: ку́лтурен, де́журен, а и низа други придавки како: а́ктивен, па́сивен, мо́нотон, не́рвозен, ло́кален и др.

Некои од туѓите зборови се акцентираат двојно: ре́шо - решо́, та́бела - табе́ла, те́раса - тера́са и др.

Кај туѓите зборови со третосложен акцент, со нараструвањето на зборот акцентот се движи како кај словенските зборови.

| | | |
|---|---|---|
| поли́тичар | - полити́чари | - политича́рите |
| фа́натик | - фана́тикот | - фанати́ците |
| гимна́зија | - гимнази́јата | |
| поли́тика | - полити́ката | |
| ко́ректен | - коре́ктната | |
| ку́лтурен | - култу́рниот | |

Кај туѓите зборови со акцент на последниот или претпоследниот слог во основната форма, со нараструвањето на зборот акцентот може да стане третосложен.

| | | |
|---|---|---|
| таленти́ран | - таленти́рани | - талентира́ните |
| окупа́тор | - окупа́тори | - окупато́рите |
| арти́ст | - арти́сти | - арти́стите |

## Отстапувања од третосложеното акцентирање

Кај зборовите од словенско потекло отстапувањата од третосложното акцентирање се сосема малку. Во вакви те случаи обично се работи за скратување на зборовите при непосреден допир на два вокала: читаеќи - чита́јќи, одееќи - оде́јќи, лето ово - лето́во.

- Глаголскиот прилог (што ќе изведува само од несвршените глаголи со наставката -јќи) редовно се акцентира на вториот слог од крајот на зборот: игра́јќи, пеејќи и др.

> Сум заспал, чита́јќи ја книгата.
> Се уморив, разгледува́јќи го градов.
> Смее́јќи се тој извика.

На вториот слог од крајот се акцентираат и прилозите: <u>годинáва</u>, <u>зимáва</u>, <u>летóво</u>, што треба да се разликуваат од членуваните именки: гóдина - <u>годúнава</u>, зúма - <u>зúмава</u>, лéто - <u>лéтово</u>.

| |
|---|
| Годинáва ќе ја посетам Југославија. |
| Годúнава брзо ми помина. |
| Летóво ќе бидам во Охрид. |
| Лéтово е многу жешко. |
| Зимáва ќе учам македонски јазик. |
| Зúмава ми помина брзо. |

- Некои сложени зборови отстапуваат од третосложното акцентирање: <u>водоéдвод</u>, <u>хранопровод</u>, <u>себељýбец</u>, <u>себељýбив</u>, <u>бракорáзвод</u> и др.

ВЕЖБИ

I. Реченициите што следуваат се со именка во еднина. Препишете ги речениците, но со истата именка во множина:

1. Марија држи весник.
молив.
креда.
гума.
дете.
2. Благоја пишува писмо.
роман.
книга.
3. Овој град е голем.
брег
Оваа планина е висока.
зграда
4. Мојот прст е чист.
прозорец
Мојата рака е чиста.
тетратка
5. Нејзината книга е овде.
гума

Твојот колега го нема.
судија

6. Оној човек спие.
старец
војник

Онаа жена спие.
девојка
старица

Она дете спие.
куче
маче

7. Нивната соба е голема.
куќа.

8. Мојот пријател е работник.
лекар.
артист.
геолог.
историчар.
инженер.

II. Со именките: прав, жал, сок, песок оформете по две реченици, но такви што да се види нивната припадност кон различните родови.

Пример: Внимавај, ќе згазнеш во онаа кал.
Војниците газеа низ калот.

III. Зборовите што се дадени подолу во еднина, напишете ги и во множина, а потоа двете форми акцентирајте ги:

| | | |
|---|---|---|
| моралист | дилетант | биографија |
| пропаганда | мансарда | карбонат |
| монографија | фасада | музикант |
| архива | епархија | тестатор |
| партизанка | ореол | навигатор |
| емајл | револвер | пуританка |

5 Пет

## ПЕТТА ЛЕКЦИЈА

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Што си по народност?
   Што сте по народност?
2. Јас сум Австриец.
   Австриец сум.
3. Што е по народност твојот колега? (вашиот колега)?
   твојата колешка? (вашата колешка)?

   Мојот колега е Французин. Мојата колешка е Французинка.
   Русин. Русинка.
   Германец. Германка.
   Србин. Србинка.
   Белгиец. Белгијка.
   Американец. Американка.

   Тој е Французин. Таа е Французинка.
   Русин. Русинка.
4. Од каде е твојата колешка Емилија?
   вашата

   Мојата колешка е од Бугарија. Таа е од Бугарија.
   Франција. Франција.
   Германија. Шведска.
   Чехословачка. Чехословачка.

   Од Бугарија е.
   Индија
   Швајцарија
   Данска
   Холандија

5. Од кој град е Џон?
Тој е од Лондон.
Манчестер.
Вашингтон.
Њу Јорк.
6. Јас сум од Скопје, а ти си од Москва.
Прилеп Прага.
Охрид Берлин.
Гевгелија Париз.
7. А Зузана, од каде е?
Таа е од Варшава.
Краков.
Познањ.
8. Волоѓа по народност е Русин.
Тој е Русин.
9. Зузана по народност е Полјачка.
Таа е Полјачка.
10. Дали си и ти Русин по народност?
сте вие
Не, јас не сум Русин. Англичанец сум.
Да, јас сум Русин.
Да, Русин сум.
11. Каде е роден Благоја?
Благоја е роден во Скопје.
Благоја е скопјанец.
прилепчанец.
охриѓанец.
битолчанец.
белграѓанец.
12. Што е по професија твојот колега?
вашиот
Мојот колега е лекар.
Тој е лекар.
инженер.
професор.
учител.
студент.

13. Мојот колега не е лекар.
    Мојата колешка не е лекар.
    Тој не е лекар. Таа не е лекар.
    инженер. инженер.
    професор. професор.

14. Што сум јас по професија?
    Ти си (вие сте) наставник.
    професор.
    лекар.
    учител.
    инженер.

15. Марија го сретна својот пријател на улица.
    професор
    лекар
    Марија го сретна пријателот на улица.
    професорот
    лекарот
    Марија го сретна него на улица.
    Марија го сретна на улица.

16. Марија ја виде својата пријателка в град.
    другарка
    сосетка
    Марија ја виде пријателката в град.
    другарката
    сосетката
    Марија ја сретна неа в град.
    Марија ја сретна в град.

17. Марија го купи мантилот в продавница.
    копчето
    ја блузата
    ги моливите в книжарница.
    книгите
    перцата

18. Стојан му зборуваше на својот пријател.
колега.
Стојан му зборуваше на пријателот.
на колегата.
Стојан му зборуваше нему.
Стојан му зборуваше.

19. Стојан ѝ ја даде книгата на Марија.
ми ја даде книгата мене.
им ја врати книгата на колегите.
им ја врати книгата ним.

20. Детето ја држи топката в раце.
книгата
го зеде моливот
перото
ги моливите
книгите
писмата

21. Вера ме праша мене каде е поштата во Скопје.
Вера ме праша каде е поштата во Скопје.

22. Благоја те запре тебе во паркот.
Благоја те запре во паркот.

23. Марија и Стојан нѐ сретнаа нас в книжарница.
Ти нѐ сретна в книжарница.
Детето нѐ сретна в книжарница.

24. Марија и Стојан ве сретнале вас во Струга.
Јас ве сретнав вас во Струга.
Детето ве сретнало во Струга.

25. Дали го сретнавте брат ми на пазар?
колегата Иван на пазар?
ја сестра ми на пазар?
колешката Олга?
ги колегите на пазар?
жените
децата

26. Да, го сретнавме брат ти на пазар.
колегата Иван на пазар.
ја сестра ти на пазар.
колешката Олга.
ги колегите на пазар.
Не, не го сретнавме брат ти на пазар.
колегата Иван на пазар.

27. Јас сега му зборувам на колегата.
на детето.
ѝ на колешката.
им на војниците.
Јас сега му зборувам нему.
Јас сега му зборувам.

28. На Марија ѝ реков да чита.
На Стојан му реков да чита.
На детето му
На студентите им реков да читаат.
Нејзе ѝ реков да чита. Ѝ реков да чита.
Нему му реков да чита. Му реков да чита.
Ним им реков да читаат. Им реков да читаат.

29. На детево му дадов писмо.
Нему му дадов писмо.
Му дадов писмо.

30. Што изучувате ти и Марија сега?
вие сега?
Јас и Марија го изучуваме македонскиот јазик.
Ние го изучуваме македонскиот јазик.

31. Што правиме јас и Благоја сега?
ние сега?
Ти и Благоја ја пишувате домашната работа.
Вие ја пишувате домашната работа.

32. Што читаат тој и Марија сега?
тие сега?
Тој и Марија го читаат писмото.
Тие го читаат писмото.

33. Дали Пиер и Ванда го изучуваат македонскиот јазик?
Го изучуваат ли тие македонскиот јазик?
Да, тие го изучуваат македонскиот јазик.

34. Кој ти ги даде книгите?
Стојан ми ги даде книгите.
Марија ми ги даде мене книгите.

35. Кому му ги врати тетратките?
На кого му ги врати тетратките?
Тетратките му ги вратив на Благоја.

| | | |
|---|---|---|
| | ѝ | на Марија. |
| | му | на детето. |
| | им | на колегите. |

36. На кој колега му го даде моливот?
На која колешка ѝ го даде перото?
На кое дете му ги даде писмата?
На кои колеги (колешки) им ги врати парите?

37. Моливот му го дадов на колегата Стојан.
Перото ѝ го дадов на колешката Вера.
Писмата му ги дадов на твоето дете.
Парите им ги вратив на моите колеги (колешки).

38. Марија и Благоја седат до мене.
Тие седат до тебе.
Јас се вратив пред нив.
Жената седна зад нив.
Вера влезе со нив.
Околу нас имаше многу луѓе.
Без вас не одиме на излет.

# II. ГРАМАТИКА

## 1. Промена на личните заменки

| подмет | директен предмет | индиректен предмет |
|---|---|---|
| еднина | | |
| 1 л. јас | мене, ме; мене ме | мене, ми; мене ми |
| 2 л. ти | тебе, те; тебе те | тебе, ти; тебе ти |
| 3 л. тој | него, го; него го | нему, му; нему му |
| таа | неа, ја; неа ја | нејзе, и; нејзе ѝ |
| тоа | него, го; него го | нему, му; нему му |
| множина | | |
| 1 л. ние | нас, нè; нас нè | нам, ни; нам ни |
| 2 л. вие | вас, ве; вас ве | вам, ви; вам ви |
| 3 л. тие | нив, ги; нив ги | ним, им; ним им |

Од прегледот се гледа дека личните заменки освен лице, број и род (во третото лице еднина), разликуваат уште по три форми за изразување на подметот, директниот предмет и индиректниот предмет (дативниот предмет).

Долгите форми за директен и индиректен предмет кај првото и второто лице еднина се хомонимни (мене, тебе), меѓутоа кратките форми се разликуваат (ме, ми; те, ти), така што до нејасности речиси не може да дојде, зашто само кратките форми можат да се употребат без долгите, додека само долгите форми за директен предмет идат со предлозите како општа форма во служба на разни дополненија во реченицата.

| | |
|---|---|
| Тој ме виде мене. | Благоја те сретна тебе. |
| Тој ме виде. | Благоја те сретна. |
| Таа ми зборуваше мене. | Тие ти кажаа тебе. |
| Таа ми зборуваше. | Тие ти кажаа. |

Исто така се едначаи долгите форми за директен и индиректен предмет (<u>него</u>, <u>нему</u>) кај 3 лице еднина машки и среден род.

| | |
|---|---|
| Го видов човекот. | Му реков на човекот. |
| Го видов <u>него</u>. | Му реков <u>нему</u>. |
| Го сретнав детето. | Му зборував на детето. |
| Го сретнав <u>него</u>. | Му зборував <u>нему</u>. |

Долгата и кратката заменска форма во реченицата можат да се удвојуваат. Удвојувањето на кратката заменска форма се врши и со некоја определена именка. Тоа е таканаречениот удвоен директен и индиректен предмет. Кај индиректниот (дативниот предмет) редовно иде предлогот <u>на</u> пред определената именка.

| | |
|---|---|
| Ја сретнав жената. | Ги сретнав луѓето. |
| Ја сретнав неа. | Ги сретнав нив. |
| Ја сретнав. | Ги сретнав. |
| Му кажав на детето. | Им зборував на децата. |
| Му кажав нему. | Им зборував ним. |
| Му кажав. | Им зборував. |

Долгите форми за директен предмет (<u>мене</u>, <u>тебе</u>, <u>нив</u>) се употребуваат како општи форми, така што со предлозите вршат служба на разни дополненија. Долгите форми за индиректен предмет(<u>нејзе</u>, <u>нам</u>, <u>вам</u>, <u>ним</u>) никогаш не се употребуваат со предлозите.

| | |
|---|---|
| Тој дојде <u>со мене</u>. | Тие пристигнаа <u>кај вас</u>. |
| Ние влеговме <u>пред нив</u>. | Кој чита <u>до тебе</u>? |
| Одете таму <u>без неа</u>. | Застанаа <u>околу него</u>. |

## Редот на зборовите

Местото на кратките заменски форми е строго фиксирано во реченицата. Тие редовно идат пред глаголската форма. Само со глаголскиот прилог и со заповедниот начин тие идат зад неа. Другите зборови не се фиксирани по своето место во реченица.

| | |
|---|---|
| Тие нè сретнаа на улица. | Види го детено! |
| На улица нè сретнаа тие. | Земи ја книгата. |
| Таа нив ги виде низ прозорецот. | Дај ми чаша вода. |
| Таа им зборуваше ним во собата. | Кажете ми каде е детето. |
| Таа во собата ним им зборуваше. | Читајќи ја книгата, заспав. |
| Благоја ѝ проговори на Марија. | Зборувајќи му, таа излезе. |

Кога во реченицата идат заедно формите за директен и индиректен предмет, поблиску до глаголот стои формата за директен предмет, а пред неа формата за индиректен предмет. Со заповедниот начин и глаголскиот прилог поблиску до глаголот иде формата за индиректен предмет, а по неа формата за директен предмет.

| | |
|---|---|
| Таа не им ги виде лицата. | Дајте ми ја книгата. |
| Тој ми ја покажа поштата. | Земете му го моливот. |
| Тие ти ги дадоа парите. | Кажувајќи му ја вистината, |
| Тој не ви ја кажа вистината. | таа се расплака. |

## 2. Именки

Во оваа лекција се искористени повеќе имиња на народи. Множината од ваквите имиња се прави на разни начини.

- Со додавање на множинската наставка -и на основната форма: Хрват - Хрвати.

- Слично се образува и кај оние именки кај кои се јавува редување на крајната согласка во еднината со друга во множината: Грк - Грци, Словак - Словаци, Чех - Чеси, Влав - Власи.

- Повеќето вакви именки завршуваат на -ец, но во множината го губат тоа е од суфиксот: Македонец - Македонци, Германец - Германци, Финец - Финци, Италијанец - Италијанци.

- Некои од ваквите именки множината ја прават на тој начин што во множината им отпаѓа суфиксот, така што множинската наставка -и се приклучува направо кон општиот дел: Србин - Срби, Бугарин - Бугари, Русин - Руси, Французин - Французи.

Забелешка: Кај некои вакви имиња се јавува редување на согласките во коренот по отпаѓањето на суфиксот: Турч-ин - Турц-и.

Кај некои имиња на -ец исто така отпаѓа суфиксот при образувањето на множината: Англичанец - Англичани, Холанѓанец - Холанѓани.

3. Правопис

Кратките заменски форми за индиректен предмет 3 лице еднина женски род (ѝ) и за директен предмет 1 лице множина (нè), се пишуваат со дијакритички знак (\`), за да се разликуваат на писмо од хомонимните зборови и (сврзник), односно не (негација), што се предаваат без овој знак.

| |
|---|
| Тој ѝ зборуваше на девојката. (заменка) |
| Јас и Благоја читаме. (сврзник) |
| Ја запре на улица и ѝ зборуваше на девојката. (заедно) |
| Благоја и Вера нè сретнаа вчера на улица. (заменка) |
| Благоја не одговори ништо. (негација) |
| Благоја и Вера не нè сретнаа вчера. (заедно) |

4. <u>Акцент</u>

Кај составите од предлог и долга форма за директен предмет, акцентот редовно преоѓа врз предлогот.

| |
|---|
| Тој застана до́‿мене. |
| Марија седи до́‿нив. |
| Дојдете вечер ка́ј‿нас. |

Кај акцентните целости меѓу негација, кратка заменска форма и глагол, ако има услови акцентот може да мине на негацијата, односно на кратката заменска форма. Види: лекција прва.

| |
|---|
| Тој не́‿виде ништо. |
| Тој не‿ја́‿виде жената. |
| Марија не́‿рече ништо. |
| Марија не‿му́‿рече ништо нему. |
| Тие не нѐ‿забележаа на улица. |

ВЕЖБИ

I. На местото од подвелечните зборови во речениците што следуваат, искористете ја соодветната лична заменска форма:

1. Пиер е Французин. (= Тој е Французин.)
2. Џин и Том се од Англија.
3. Јас и ти сме Македонци.
4. Дали сте од Полска, Збигњев и Зузана?
5. Вера е Србинка.
6. Детето си игра на песокот.
7. Ти и Володѓа не сте Македонци.
8. Ти и Оља сте Руси.
9. Вера, дојди ваму!
10. Дојдете ваму, деца!
11. Ја викнав Вера кај нас.
12. Тој долго ѝ зборуваше на старицата.
13. Го сретнав детето.

14. Ве видов, луѓе!
15. Ги сретнав децата на улица.
16. Пријателски им зборуваше на другарите.
17. Дали ѝ одговори на Марија?
18. Доволно ги разбирам Македонците.
19. Тоа им го кажувам на домаќините.
20. На мојата малечка Франсоаз ѝ праќам многу бакнежи.

II. Оформете самостојно реченици со зборовите што ви се познати, меѓутоа во секоја реченица користете различни форми на личните заменки.

Пример: Јас сум студент.
Мојот пријател вчера ме сретна мене в град.
Мојот пријател вчера ме сретна в град.
Човекот долго ми зборуваше.
Човекот долго ми зборуваше мене.
Тој патуваше со мене.

Забелешка. Долгите форми за директен и индиректен предмет можат да се користат самостојно (без предлог или удвојување) во елиптични одговори, на пример:

- Кого го виде на улица?
- Него.
- На кого му зборуваше пред малку?
- Ним.

III. Одговорете на прашањата:

1. Што си по народност?
2. Што е по народност твојата колешка?
3. Од каде е колегата до тебе?
4. Од кој град си?
5. Каде си роден?
6. Каде е родена твојата сопруга?
7. Што си по професија?
8. Што сум јас по професија?
9. Што е колешката до тебе по професија?
10. Каде го сретна колегата?
11. Кога ги видовме галебите?
12. Дали му зборуваш на колегата сега?
13. Што правиш сега со колегите?
14. Што прават Благоја и Вера сега?
15. Дали ти и Марија го изучувате македонскиот јазик?

6 Шест

## <u>ШЕСТА ЛЕКЦИЈА</u>

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Што си ти?
   Јас сум студент.
2. Што одговори студентот?
   Студентот одговори дека е студент.
   Студентот не одговори.
3. Што прават сега студентите?
   Студентите читаат и зборуваат македонски.
   Студентите не читаат и не зборуваат македонски.
4. А што правиш ти?
   Јас читам.
   Јас не читам.
5. Што прави студентката?
   Студентката слуша.
   Таа слуша.
6. Што прави професорот?
   Професорот ги прешува студентите, а тие одговараат.
7. Како одговараат студентите?
   Студентите одговараат правилно.
   Студентите не одговараат правилно.
8. Што прави професорот кога одговараат студентките?
   Професорот слуша внимателно кога одговараат студентите.
   Кога одговараат студентите, професорот слуша внимателно.

9. Што пишува господинот (госпоѓата)?
(госпоѓицата)?
другарот (другарката)?

10. Пишува писмо.
Зборува за посетата на музејот.
Чита роман.

11. Што пишуваш (ти)?
зборуваш ?
читаш ?

12. Јас пишувам писмо.
Зборувам за посетата на музејот.
Читам роман.

13. Што пишуваат господата (госпоѓите)?
зборуваат (госпоѓиците)?
читаат другарите (другарките)?

14. Пишуваат задачи.
Зборуваат за нашите пријатели.
Читаат весник.

15. Што пишувате (вие)?
зборувате?
читате?

16. Пишуваме задачи.
Зборуваме за нашите пријатели.
Читаме весници.

17. Господинот Милан (госпоѓата Нада) пишува македонски.
(госпоѓицата Нада) зборува
Другарот (другарката Нада) чита

18. Тој (Таа) веќе добро пишува македонски.
зборува
чита

19. Господин Милан и госпоѓа Нада уште не пишуваат македонски
не зборуваат
не читаат

20. Што работите тука другар (господине)?
другарке (госпоѓо)?
(госпоѓице)?

21. Го чекам другарот (господинот) Петар.
Ја чекам другарката (госпоѓата) Вера.
(госпоѓицата)

22. Ручекот почнува точно во тринаесет (13) часот.

23. Другарката Вера никогаш не задоцнува.
Госпоѓица (та)
Госпоѓа (та)

24. Што работите овде другари?
другарки?
господа?

25. Бараме да купиме грамофонски плочи
со македонски народни песни.

26. Другар, што слушаш?
Слушам радио.

27. Другари, што слушате Вие?
Слушаме радио-вести.

28. Патувате ли често?
Јас патувам често.
Да, патувам често.
О не, не патувам често.

29. Оди ли Вашата сестра често на викенд?
Сестра ми оди често на викенд.

30. Знаете ли да пливате?
танцувате?
возите?
шиете?
крпите?
готвите?

31. Пливам многу добро.
Не пливам, се плашам од водата.

32. Знам и танцувам со задоволство.
33. Знам и плетам разни видови џемпери.
34. За жал не знам да возам.
35. Знам да шијам само поедноставна облека.
36. Знам да готвам најразновидни национални јадења.
37. Знам да закрпам чорапи и друга облека.
38. А знаат ли да пливаат вашите пријатели?
танцуваат
плетат
возат
шијат
крпат
готват

39. Да, тие знаат да пливаат.
танцуваат.
плетат.
возат.
крпат.
готват.

40. Те учи ли некој да пливаш?
41. Никој не ме учи да пливам.
Сам се учам.
Сама се учам.
Сами се учиме.
Сами се учите?
Сами се учат.

42. Освен да пливаме сите учиме и да танцуваме.
43. Кој седи до Вас?
До мене седи Марија и Павле.
Јас се наоѓам во средината.

44. Другарот Стојан седи до прозорецот,
а јас седам до вратата.
ѕидот.
орманот.

45. Го познавате ли Стојана и неговата сопруга?

46. Него го познавам, но неа не.
Да, Стојана го познавам, но неговата сопруга не ја познавам.
Го познавам, но сопругата не.

47. Го сакате ли Вашиот пријател?
Да го сакам.

48. А тој Вас?
Мислам дека ме сака и тој.
И тој ме сака мене.
Јас го сакам, но тој не ме сака доволно.

49. Разбирате ли што ви зборувам?
Исцело разбираме сѐ што ни зборувате.
Не разбираме што ни зборувате.
Само делумно разбираме што ни зборувате.

50. Разбираат ли тие што им зборувам?
Сметаме дека разбираат што им зборувате.

51. Му пишувате ли често на Миле?
Лазо?
Никола?

52. О да, им пишувам. Особено често општам
со Лазо, а поретко со Миле и Никола.

53. Имате ли некакви вести од Елена и од
семејството Михајловски?

54. Елена ми се јавува еднаш неделно по телефон,
а со семејството Михајловски се допишувам редовно.

55. Ѝ сѐ јавувате ли и на Зоја?

56. За жал од Зоја немам никакви вести, а и јас
не ѝ се јавувам.

57. Се служите ли со речник кога пишувате на македонски?
Речиси редовно употребувам речник.
Не, речник не ми е потребен. Јас одлично
знам македонски.

58. Работите ли многу?
Работам само три часа дневно.

59. А Ленче?

Ленче работи од утро до вечер. Затоа перфектно зборува македонски.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Реченичен тип - Проста реченица

| |
|---|
| Јас читам. |
| Нина е студентка. |
| Јас и ти учиме. |
| Професорот со студентите дојде. |

| | |
|---|---|
| Селанецот работи. | Селанецот не работи. |
| Селаните работат. | Селаните не работат. |

Најчестиот тип проста реченица се карактеризира со наличноста во неа на двата члена - подмет и прирок.

Морфолошки подметот се јавува во општата (номинативната) форма на именскиот збор, а прирокот во соодветната парадигматска форма.

Синтаксичката сврзаност на подметот и прирокот обично се изразува во нивното меѓусебно согласување.

Личната глаголска форма е типична и најчеста за изразување на прирокот. Како што видовме (види: лекција втора) во прирочна синтаксичка функција стапува и именски збор во глаголска сврска со помошниот глагол.

Кратката проста реченица се проширува со појаснувања што се однесуваат или на подметот или на прирокот. Реченицата со ваква структура е проширена, односно проста со второстепени членови.

| |
|---|
| Селаните работат спокојно. |
| Селаните работат спокојно и умешно. |
| Младиот селанец работи на нива. |
| Навечер студентите шетаат. |
| Вие слушате тажна приказна. |

2. Глаголите според видот

Глаголите во македонскиот јазик според видот се несвршени (трајни, повторливи) и свршени. Со трајните глаголи оди, бере, се изразува дејство во неговото одвивање, односно последователно одвивање. Повторливоста како несвршено дејство се извршува во редица од моменти → → → → → →. На пример тропнува, легнува, погледува. Свршените глаголи изразуваат дејство што е целосно завршено било тоа да станало во еден момент падне, стане било да опфатило извесно време погледа, постоја или како завршено да означува почеток, крај, односно целосна опфатеност запеја, доправи, исправи.

3. Сегашно време

Според сегашното време глаголите во македонскиот јазик се делат на три глаголски групи: -а, -е, -и.

За основна форма кај глаголите се зема 3 лице еднина сегашно време, така што во сите македонски речници тие се предаваат според оваа нивна форма.

Вокалот што се јавува зад општиот дел во основната форма се вика основен вокал, така што трите глаголски групи произлегуваат од основните вокали што се јавуваат во сегашното време.

| а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|
| чит-ø-ам | пе-ø-ам | уч-ø-ам |
| чит-а-ш | пе-е-ш | уч-и-ш |
| чит-а-ø | пе-е-ø | уч-и-ø |
| чит-а-ме | пе-е-ме | уч-и-ме |
| чит-а-те | пе-е-те | уч-и-те |
| чит-а-ат | пе-ø-ат | уч-ø-ат |

Обрнете внимание дека:

- Основниот вокал редовно отпаѓа кај сите глаголски групи пред завршокот за прво лице еднина: чит-ø-ам, пе-ø-ам, уч-ø-ам;

- Основните вокали -е-, -и- отпаѓаат пред завршокот за трето лице множина: пе-ø-ат, уч-ø-ат.

- Завршокот во трето лице еднина кај трите глаголски групи е нулев: чит-а-ø, пе-е-ø, уч-и-ø.

Сегашното време се образува само од несвршените по вид глаголи, додека свршените глаголи со формите за сегашно време влегуваат само во синтаксички конструкции со сврзниците да, ако.

| да | ако |
|---|---|
| да дочитам | ако стигнеш |
| да викне | ако научиме |
| да станете | ако излезат |

Кај некои глаголи во сегашно време се јавуваат неправилни форми за прво лице еднина:

знае : знам (не знам)

даде : дам (но се употребува и дадам), а редовно во префиксираните глаголи: предавам, придадам, зададам.

4. Правопис

Ако во основната форма на глаголот основниот вокал -е- или -и- доаѓа зад вокалите и, о, у (од општиот дел), во првото лице еднина и во третото лице множина наместо основниот вокал е, односно и, правописно се јавува сонантот -ј-.

| | | |
|---|---|---|
| пи-е | бро-и | чу-е |
| пи-ј-ам | бро-ј-ам | чу-ј-ам |
| пи-ј-ат | бро-ј-ат | чу-ј-ат |

ВЕЖБИ

I. Изменете ги во сегашно време следниве глаголи: се наоѓа, сака, љуби, сум, гледа, сее, оди, знае, стои, труе, спие, се шири, вее, граничи, живее, јаде, свири.

II. Со зборовите што ви се познати веќе, составете десет реченици, а глаголите нека бидат во сегашно време.

III. Определете во која глаголска група влегуваат глаголите во следниве текстови.

1. ... Ќе признаам ли оти сум стар ако кажам дека сега ја мразам мислата за смртта и таа смрт? Најпосле, човекот секако умира. Знам еднааква смрт.

2. ... И сега ја чувствувам дланката на дедото Б. врз своето чело и го слушам како ѝ говори на бабата Агатија дека горам. И паметам, во тој миг викнав дека Дубара сѐ знае.

Славко Јаневски

IV. Напишете по пет глаголи од сите три глаголски групи во 1 лице еднина и во 3 лице множина.

V. Одговорете на следниве прашања.

1. Каде се наоѓаш сега?
2. Како се вика овој град? А главниот град на Македонија?
3. Каде живееш?
4. Убаво ли е Охридското Езеро?
5. Кога заоѓа сонцето?
6. Каде се наоѓа СФРЈ?

7. Колку републики има СФРЈ?
8. Колку народи живеат во СФРЈ?
9. Имате ли тешкотии во совладувањето на македонскиот литературен јазик?

VI. На празниот простор во секоја реченица ставете глагол во сегашно време.

1. Славе ................. в ресторан.
2. Во раката ............... букет цвеќиња.
3. Цвеќињата ѝ ги .......... на една убава млада дама.
4. Таа очигледно .......... задоволна.
5. Тие двајцата ............ на маса и ...............
6. Одвреме навреме силно се .........................

VII. Поставете прашања кон подвлечените членови на реченицата.

1. Ти читаш.
2. Марија е ученичка.
3. Ние и вие учиме.
4. Мајката со детето шета.
5. Поштата е многу близу.
6. Навечер тие шетаат.
7. Студентите вечераат.
8. Курсистите и лекторот зборуваат македонски.
9. Навечер учам.
10. Милан шие.
11. Милан шие и пее.
12. Вие слушате македонска народна песна.

VIII. Прочитај ги текстовите и обиди се да ги откриеш формите на сегашното време. Одреди го лицето и бројот на формата.

1. Сега јас се наоѓам во Охрид. Овој древен град се шири на бреговите на Охридското Езеро. Во овие летни денови езерото е навистина волшебно. Многу сакам да ги гледам неговите румени води кога заоѓа сонцето. Сакам да се восхитувам на неговата вечерна убавина.

2. Социјалистичка Федеративна Република Југославија се наоѓа на Балканскиот Полуостров. Во Југославија има шест

републики и две автономни покраини: Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Хрватска, Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Црна Гора, Социјалистичка Република Србија и Социјалистичка Република Македонија како и Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се во состав на Социјалистичка Република Србија. Во овие шест југословенски републики и во двете автономни покраини живеат пет народи: Словенци, Хрвати, Срби, Црногорци и Македонци како и бројни народности. Во Југославија се признаени како народности и припадниците на сите други националности. Тие ги уживаат сите права што ги имаат и народите. Правото за школување и изразување на својот мајчин јазик, правото за развивање на своја национална култура и слично. Такви народности во Југославија се: Турците, Албанците, Бугарите, Романците, Унгарците и други.

3. Социјалистичка Република Македонија се наоѓа во јужниот дел на Југославија. Македонија граничи на запад со Албанија, на југ со Грција, на исток со Бугарија, а на север со Социјалистичка Република Србија. Главен град на Македонија е Скопје.

7 Седум

## СЕДМА ЛЕКЦИЈА

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Овој човек е висок. Оној човек е низок. Тој човек е дебел.
   војник — војник — војник
   колега — колега — колега
   судија — судија — судија
   Човеков е висок. Човекон е низок. Човекот е дебел.
   Војников — Војникон — Војникот
   Колегава — Колегана — Колегата
   Судијава — Судијана — Судијата

2. Овој град е мал. Оној град е голем. Тој град е убав.
   молив — молив — молив
   Градов е мал. Градон е голем. Градот е убав.
   Моливов — Моливон — Моливот

3. Оваа жена е добра. Онаа жена е тажна. Таа жена е убава.
   девојка — девојка — девојка
   Женава е добра. Женана е тажна. Жената е убава.
   Девојкава — Девојкана — Девојката

4. Оваа река е матна. Онаа врата е чиста. Таа слика е убава.
   Рекава е матна. Вратана е чиста. Сликата е убава.

5. Ова дете е мое. Она куче спие. Тоа маче игра.
   момче — врапче — јагне
   Детево е мое. Кучево спие. Мачето игра.
   Момчево е мое. Врапчено спие. Јагнето игра.

6. Ова езеро е убаво. Она дрво е мало. Тоа јајце е варено.

| | | |
|---|---|---|
| поле | гратче | теле скока. |
| Езерово е убаво. | Дрвоно е мало. | Јајцето е варено. |
| Полево е убаво. | Гратчено е мало. | Телето скока. |

7. Овие луѓе спијат. Оние луѓе стојат. Тие луѓе читаат.

| | | |
|---|---|---|
| војници | војници | воіници |
| колеги | колеги | колеги |
| жени | жени | жени |
| деца | деца | деца |
| момчиња | момчиња | момчиња |
| Луѓево спијат. | Луѓено стојат. | Луѓето читаат. |
| Војницива | Војницине | Војниците |
| Колегиве | Колегине | Колегите |
| Жениве | Женине | Жените |
| Децава | Децана | Децата |
| Момчињава | Момчињана | Момчињата |

8. Овие градови се мали. Оние градови се големи.

| | |
|---|---|
| моливи | моливи |
| реки | реки |
| езера | езера |
| јајца | јајца |

Тие градови се убави.

моливи

реки

езера

јајца

| | | |
|---|---|---|
| Градовиве се мали. | Градовине се големи. | Градовите се убави. |
| Молививе | Моливине | Моливите |
| Рекиве | Рекине | Реките |
| Езерава | Езерана | Езерата |
| Јајцава | Јајцана | Јајцата |

9. Да ве запознаам со колешкава. Ова е Вера.

колегава. Иван.

Колешкава Вера е од Бугарија.
Колегава Иван
Ах, тоа е нашата колешка Вера.
нашиот колега Стојан.

10. Утре ќе одам во Прилеп.
Охрид.
Утре ќе одам во мојот Прилеп.
мојот Охрид.
убавиот Прилеп.
убавиот Охрид.

11. Вчера се шетав крај Вардар.
крај матниот Вардар.

12. Пред малку се сретнав со поп Трајко.
Разговарав со доктор Ивановски.
Ќе одам кај професор Конески.

13. Другар, ве молам, каде се наоѓа поштата во Охрид?
Другарке, Скопје?
Чичко, Прилеп?
Господине, Куманово?
Госпоѓо, Струмица?
Госпоѓице, Ѓевѓелија?
Поштата е многу близу.
Одете право по улицава и ќе ја видите десно.
Оди право видиш

14. Ве молам, другар, каде е шалтерот за телеграми?
Да, повелете, кај мене можете да испратите телеграма?
Ве молам, пополнете ја само листава.
Колку се плаќа за еден збор?
За секој збор се плаќа по педесет пари.
Благодарам за информацијата.

15. Ве молам другарке, каде можам да телефонирам?
Ми треба меѓуградска телефонска врска.
Повелете, господине, телефонот е во кабината.
Да, кажете ми го само бројот и врската ќе ја добиете во кабината.

16. Каде се продаваат марки во поштава?
Марки се продаваат на шалтерот десно.
Повелете господине!
Сакам да купам марки.
Какви марки сакате, за странство или за нашава земја?
Ми требаат разни марки.
Ве молам, дајте ми една марка за писмо, две за разгледници и една за дописна картичка. Марката за писмо ми треба за странство, а другите за земјава.

17. Каде можам да испратам препорачано писмо?
Пополнете го ливчево со адресата на примачот на писмото и предајте го на шалтерон бр.2.
Многу ви благодарам за информацијата.
Молам.

18. Јас и другарка ми само што пристигнавме овде.
Ве молам, каде би можеле да размениме девизни средства за динари?
Банката е отспротива на улицава.
Влезете во главниот хол и обратете се на шалтер бр.7.
Ви благодарам многу.

19. Ве молам, разменете ми дваесет рубли во динари.
петсотини форинти
дваесет фунти
петнаесет долари
Банкнотите нека бидат поситни.

20. Денеска е среда.
Во Охрид пристигнав во неделата.
Во понеделникот бевме на излет во Струга.

21. Сега е август.
Сега е месец август.
Јули брзо ми помина на одмор.
Месец јули брзо ми помина на одмор.
Во септември ќе одам во Франција.
Во месец септември ќе одам во Франција.

22. Пред малку го видов Стројана.
нашиот колега Стојан.
ја Олга.
нашата колешка Олга.

23. Вчера ја разгледав Струга.
убавата Струга.
го Прилеп.
убавиот Прилеп.

24. Што гледаш сега на телевизија?
Гледам убав филм.
Го гледам домашниот филм "Козара".
Вторпат го гледам овој филм.

25. Седнав да пишувам писмо.
Писмово го пишувам половина час.
Ова писмо го пишувам половина час.

26. Што ќе правиш вечерва?
Ќе читам книга.
Која книга ќе ја читаш?
Ќе ја читам книгата "Пустина" од Ѓорѓи Абаџиев.

27. Жената му зборуваше на детето.
на старецот.
ѝ на соседката.
Колегата им зборуваше на децата.
на колешките.
на луѓето.

28. Го гледаш ли патов (патон, патот)?
градов
човеков
војников
Да, патов (патон, патот) е близу.
градов
човеков
војников

29. Маживе (мажине, мажите) брзо се собраа.
Жениве
Гледај ги ридовиве (ридовине, ридовите)!
реkиве
Благоја ги подаде рацете.
Многу ме болат нозеве.

30. Судијата влезе прв во судницата.
Девојката плачеше незапирливо.
Рибата скокаше во мрежата.
Децата си играа во дворот.
Тогаш ни затреперea срцата.
Врапчињата летаа пред куќата.
Тој беше загледан во камењата.
снопјата.

31. Ноќта беше многу пријатна.
Најмногу ја сакам пролетта.
Радоста се рашири кога ја слушнаа веста.
Исповедта на жената ме трогна.
Одамна ме мачи жедва.
(Тие отидоа на жетва.)

32. Детето (детево, детено) е мое.
Селото е близу до градот.
Луѓето се збираа на плоштадот.
Снопјето лежеа расфрлани низ нивата.
Тој беше загледан во камењето.
Грозјето беше зрело по лозјата.
Трњево (трњето) ги има насекаде.
Еве го, дојде дрдоркото!
(Тој е голем дрдорко).

# II. ГРАМАТИКА

## 1. Определеност и неопределеност

Предметите можеме да си ги претставуваме како определени (познати, идентификувани) или како неопределени. Според тоа, категоријата определеност/неопределеност се однесува на именките, а преку нив и на другите именски зборови во рамките на именските зборовни состави.

Членските морфеми се најобичното средство за изразување на определеноста, додека нивното отсуство ја покажува неопределеноста.

Сепак, определеноста на именката може да се изрази и на други начини, на пример со показните или лично-предметните заменки пред именката, додека сопствените именки, иако не се членуваат, редовно се определени (самоопределени).

Присуството на определеноста кај сопствените именки станува сосема видливо кога пред некоја ваква именка ќе дојде атрибутски збор, што може да се јави и во членувана форма.

Ова е Вера.
Ова е колешката Вера.
Еве ја нашата Вера.

Месеците на годината никогаш не се членуваат, така што обично не се членува ни атрибутскиот збор месец.

Во јуни ќе одам на одмор.
Месец јуни многу го сакам.

### Членски морфеми

Тројниот член е многу важна особеност на македонскиот литературен јазик.

Членските морфеми идат постпозитивно, т.е. како наставки кон зборот и се пишуваат слеано.

Именските зборови можат да бидат определени со три вида членски морфеми.

| | | | |
|---|---|---|---|
| -ов, | -ва, | -во, | -ве |
| -он, | -на, | -но, | -не |
| -от, | -та, | -то, | -те |

Употребата на членските морфеми само донекаде е сврзана со родот на зборовните форми. Всушност, распределбата на членските морфеми зависи од гласот на кој завршуваат зборовните форми.

- Зборовите што завршуваат на консонант се членуваат со морфемите -ов, -он, -от ако се од машки род: човек - човекот, а пак со -ва, -на, -та ако се од женски род: пролет - пролетта.

- Членските морфеми -ов, -он, -от се приклучуваат само кон зборови во еднина (машки род), додека морфемите -ве, -не, -те идат со зборови во множина (машки и женски род): молив - моливи - моливите; врата - врати - вратите.

Зборовните форми што завршуваат на вокалот а, независно од родот и бројот се членуваат со морфемите -ва, -на, -та: судија - судијата; жена - жената, деца - децата, снопја - снопјата.

- Зборовните форми што завршуваат на вокалите е, о, независно од родот и бројот се членуваат со членските морфеми -во, -но, -то: плачко - плачкото, дрво - дрвото, лице - лицето, снопје - снопјето, ливаѓе - ливаѓето, луѓе - луѓето. Исклучок се јавува само кај формите: раце - рацете, нозе -нозете.

## Употреба на тројниот член

Членските морфеми -ов, -ва, -во, -ве служат за определување на предмети што се наоѓаат во непосредна близина до говорителот или пак предмети што сака така да ни ги претстави.

| |
|---|
| Езерово денеска е мирно. |
| Зошто плаче детево? |
| Душава ми плаче за него. |

Членските морфеми -он, -на, -но, -не се употребуваат при определување на поодалечени предмети од говорителот, но сепак во опсегот на неговите сетила.

| |
|---|
| Долго време го гледам дрвоно. |
| Погледни ги децана. |
| Лугено се мошне весели. |

Членските морфеми -от, -та, -то, -те најчесто служат за општо (неутрално) определување на предметите. Значи, со нив обично се определуваат познати предмети, независно од нивната пространствена поставеност во однос на говорителот. Сепак, и овие морфеми можат да се употребат со нијанса на пространствено определување во опсегот на второто лице.

| неутрална употреба |
|---|
| Човекот влезе во ресторанот. |
| Езерото денеска е мирно. |
| Душата ми плаче за него. |
| **пространствена употреба** |
| Фати го детево да не падне. (Ова дете до мене.) |
| Фати го детено да не падне. (она дете што го гледаме.) |
| Фати го детето да не падне. (тоа дете што е до тебе.) |

2. Правопис

Кога зборовната форма завршува на т со додавањето на членската морфема се добива двојно т: пролет - пролетта, пет - петте и сл.

Кај именките на -ст во членуваната форма не се јавува двојно т: радост - радоста, вест - веста и др. Исто е и кај шест - шесте и др.

Кај именките што завршуваат на д во еднинската форма не се бележи едначењето по звучност: жед - жедта, заповед - заповедта и др.

ВЕЖБИ

I. Прочитајте го текстот Разговор на езеро и подвлечете ги членуваните зборови:

Стојан: Здраво Марко!
Марко: Здраво Стојане! Како си?
Стојан: Мошне добро. Одам на капење. А ти ќе се капеш ли или само ќе се сончаш?
Марко: Не знам што да правам. Не се чувствувам добро, но и покрај тоа ќе се капам. Сонцево силно пече, а водава привлекува. Не ќе можам да издржам.
Стојан: Имаш право. Езерово е прекрасно и треба да се искористи секој момент од годишниот одмор. Ти си сам во Охрид или со семејството?
Стојан: Со семејството сум. Ги гледаш ли децана што си играат со топка и женана крај нив? Тоа се моите деца и жена ми. Убаво се забавуваат.
Стојан: Да, пливањето и играта со топка се вистинско задоволство за децата.
Марко: Така е, но и ние постарите се подмладуваме од задоволствата што ни ги дава водата и спортот.
Стојан: Навистина е така. Добро е почесто да се одмараме на таков начин.

II. Одговорете на прашањата:

1. Кој се сретнал на брегот од езерото?
2. Што го прашал Стојан својот пријател Марко?
3. Што му одговорил Марко на Стојан?
4. Какво е мислењето на Стојан за езерото?

5. Што правеле децата на Марко?
6. Дали децата го сакаат пливањето?
7. Дали возрасните го сакаат пливањето и спортот?
8. Што правиш ти на езеро?

III. Напишете по една реченица со членуваната форма на имен-ките: чoвек, молив, двор, заб, учител, телефон, шалтер, кондураџија, полиња, облаци, снопје, раце, планиње:

Пример: Човекот полека одеше по улицата.

IV. Членувајте ги со трите членски морфеми следниве именки: рака, езеро, тетратка, книга, весник, учителка, ученик, пиле, дрво, поле.

Пример: ракава, ракана, раката.

V. Од именките што се дадени во еднинска форма изведете ја множинската членувана форма: весник, ученичка, книга, судија, писмо, пошта, банка, дете, уво, нож, око, жена, стол, име, село, море, срце, човек, рака, нога, лице, вест, ноќ, кал, песок.

Пример: весник - весниците.

## ОСМА ЛЕКЦИЈА

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Какво ќе биде времето утре?
   Утре времето ќе биде пак убаво.
   лошо.
   променливо.
   топло.
   студено.

2. Утре ќе има роса.
   слана.
   мраз.
   магла.
   сонце.
   ветер.
   бура.

3. Утре ќе нема
   Утре не ќе има
   Утре нема да има роса.
   слана.
   мраз.
   магла.
   сонце
   ветер.
   бура.

4. Утре ќе врне дожд.
   снег.
   паѓа град.

5. Следниве денови ќе биде многу жешко.
топло.
студено.
6. Ќе грми и ќе сека.
7. Реков дека ќе врне.
8. Мислам дека не ќе врне.
9. Мислам дека нема да врне.
10. Ќе земеш ли чадор?
Не земам, мислам дека нема да врне.
11. Нема да ти студи без палто?
мантил?
џемпер?
шал?
пуловер?
12. Нема да ми студи. Не сум зиморлив (-а).
13. Може да настинеш.
14. Нема. Ништо не ќе ми биде.
15. Каде ќе одиш утре?
Утре ќе одам на концерт.
Утре нема да одам на концерт.
Утре не ќе одам на концерт.
16. А што ќе прави тој в понеделник?
Тој ќе ги подготвува лекциите од македонски јазик.
17. Ќе одиме ли и ние на концерт?
Секако, ќе одиме. Но в недела.
18. Ќе одите ли можеби во вторник на концерт?
За жал не ќе можеме. Ние во вторник ќе одиме в кино.
19. Што ќе правите в четврток?
В четврток ќе се одмараме и ќе се забавуваме.
20. Ќе читаат ли тие некоја интересна книга
или ќе гледаат филм?
Милица и Емилија ќе гледаат филм, а Бранко
ќе чита интересна книга.
21. Сега ќе разговараме за претстојните испити.
Вие прашувајте што ве интересира, а јас ќе одговарам.
22. Кога ќе бидат испитите?
Кога ќе има испити?
Кога ќе се одржат испитите?

23. Испитите ќе ги одржиме на крајот кога ќе заврши курсот.
24. Што ќе прашувате на испитите?
    Испитите ќе бидат од писмен и устен дел.
25. Прво ќе направите писмена работа, а потоа ќе одговарате на прашања.
26. Ќе раскажувате за вашиот престој во Македонија.
27. Разбирате ли што ви зборувам?
28. Да, многу добро разбираме.
29. А што ќе правиме по одржаните испити?
30. По испитите ќе се одморите и ќе се подготвувате за пат.
31. Ќе се јавите ли по пристигнувањето со писмо?
    по телефон?
    со телеграма?
32. Ќе размислиме за начинот на кој ќе се јавиме.
    Но тоа ќе го сториме бездруго.
33. Кристина ќе продолжиш ли со учењето на македонскиот јазик?
34. Се разбира. Ќе продолжам да го усовршувам знаењето.
35. А што мислиш ти Марија?
36. Јас мислам оти не ќе можам да учам македонски.
37. Те очекуваат нови обврски?
38. Да, ќе учам полски и руски јазик.
39. Ќе дојдеш пак?
40. Сигурно.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Идно време

Идно време (футур) за трите глаголски групи се образува од формите на сегашното време (презент) и партикулата ќе што доаѓа пред формата.

| а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|
| ќе читам | ќе дојдам | ќе одам |
| ќе читаш | ќе дојдеш | ќе одиш |
| ќе чита | ќе дојде | ќе оди |
| ќе читаме | ќе дојдеме | ќе одиме |
| ќе читате | ќе дојдете | ќе одите |
| ќе читаат | ќе дојдат | ќе одат |

Со идното време обично се изразува дејство што треба да се реализира во иднина од моментот на зборувањето (МЗ).




Моментот на зборувањето (сега, денес) ----> реализација на глаголското дејство во планот на идните моменти во однос на МЗ - ќе одиме.

Често во македонскиот јазик идното време се изразува и со форми сложени со има, а особено ако глаголот е негиран, сосема е обично да дојде помошниот глагол нема.

Мислам дека нема да врне.
Нема да ти студи без палто?
Нема да настинам.
Има да се наиграм на игранка.
Нема да се наиграм на игранка.

Возможни се, иако поретко, и одречни форми со ќе.

Зар не ќе одиш утре на концерт?
Не ќе можеме да дојдеме на време.

Со значење на идност можат да се употребат и формите на сегашното време.

| |
|---|
| Утре одиме на излет. |
| В недела се прикажува "Свадба" од Васил Иљоски. |

2. Идно време од несвршени и свршени глаголи

| несвршен вид | | свршен вид | |
|---|---|---|---|
| | прашања во врска со глаголот | | прашања во врска со глаголот |
| Јас ќе читам | Што ќе правам јас? | Јас ќе прочитам | Што ќе направам јас? |
| Ти ќе читаш | Што ќе правиш ти? | Ти ќе прочиташ | Што ќе направиш ти? |
| Тој ќе чита | Што ќе прави тој? | Тој ќе прочита | Што ќе направи тој (таа, тоа)? |
| Таа | таа? | Таа | |
| Тоа | тоа? | Тоа | |
| Ние ќе читаме | Што ќе правиме ние? | Ние ќе прочитаме | Што ќе направиме ние? |
| Вие ќе читате | Што ќе правите вие? | Вие ќе прочитате? | Што ќе направите вие? |
| Тие ќе читаат | Што ќе прават тие? | Тие ќе прочитаат. | Што ќе направат тие? |

3. Употреба на зборовите што ги означуваат дните во неделата

| Кој ден е денес? | | Кога ќе работите? |
|---|---|---|
| | понеделник | в понеделник |
| | вторник | вторник |
| | среда | в среда |
| Денес е | четврток | Јас ќе работам в четврток |
| | петок | в петок |
| | сабота | в сабота |
| | недела | в недела |

## 4. Реченични типови

<table>
<tr><td>Милица и Емилија ќе гледаат филм.<br>Бранко ќе чита интересна книга.</td><td>Директен<br>(неопределен)<br>предмет</td></tr>
<tr><td rowspan="2">По испитите ќе се одморите и ќе се подготвувате за пат.</td><td>Составни (копулативни)</td></tr>
<tr><td>Паратакса</td></tr>
<tr><td>Милица и Емилија ќе гледаат филм, а Бранко ќе чита интересна книга.</td><td>Спротивни (адверсативни)</td></tr>
</table>

ВЕЖБИ

I. Прочитајте го текстот "Убавините на Охрид". Определете ги формите на идното време.

### Убавините на Охрид

Охрид се одликува со многу убавини и со непроценливи културно-историски споменици. Меѓутоа, убавините и културно-историските споменици не се наоѓаат само во градот, туку и во неговата околина.

Токму затоа, необично се радувам за излетот до манастирот Свети Наум што го планираме за утре. Познато ми е дека овој важен словенски културен споменик се наоѓа на брегот на Охридското Езеро, а од градот е оддалечен 34 километри. Манастирот е изграден во 10-от век и од него низ вековите се ширела словенската писменост во Македонија и во другите словенски земји.

За да стигнеме навреме на бродот, утре ќе станеме рано. Бродот ќе тргне точно во 7 часот, а до манастирот ќе патуваме околу еден час низ сините проѕирни езерски води.

Јас се надевам дека денот ќе биде убав и сончев какви што беа и минатите денови. Штом ќе стигнеме во манастирот, јас најпрвин ќе ги разгледам прочуените фрески во манастирската црква, гробот на словенскиот и македонски просветител Свети Наум, манастирските конаци и убавата околина.

Секако потоа ќе имаме време и за капење до нашето враќање во Охрид. Еден пријател ми рече дека водата на Свети Наум била необично бистра.

- Ќе имаш можност да се насладуваш на убавините таму, а и да се сончаш на златниот песок.

Од тој разговор со пријателот знам дека околу манастирот има многу убава песочна плажа. Пливањето и сонцето ги сакам многу и утрешниот ден ќе го искористам најубаво.

Вечерта ќе се вратиме во Охрид пак со бродот, а секако ќе бидеме многу задоволни од пријатно поминатиот ден и веројатно нема да бидеме многу уморни.

II. Изменете ги во идно време следните глаголи:

има, оди, пее, стане, чита, се шири, се врати, сретне, игра, разгледа, брои, живее, биде, прочита, трепери, застане, гледа, извика, се радува, јаде.

III. На празниот простор во следниве реченици ставете ги соодветните форми во идно време. Искористете ги глаголите и заменките што се дадени во заграда.

1. Во собава ........................ уште двајца.(влезе)
2. Утре ..... ја ............ оваа книга. (ти, прочита)
3. Сега .............. да се разбираме барем малку македонски јазик. (ние, може)
4. По десет дена ................. во својата земја.(тој, замине)
5. Сите книги што ги добив ............ ги ............ (јас, разбере)
6. Попладне .................. во Струга. (вие, оди)
7. Луѓето .............. крај брегот на езерото. (застане)
8. Зузана ........... добро македонски. (научи)

IV. Направете одречни форми во идно време од следниве реченици:

1. Едвард ќе оди на излет.
2. Вие ќе одите во Струга.
3. Марија вечер ќе шета крај брегот на езерото.
4. Утре ти ќе станеш рано.
5. Томас и Џорџ ќе слезат долу.
6. Сега сите ќе излеземе надвор.

V. Одговорете на следниве прашања.

1. Кога ќе одиме на излет?
2. Ќе одиш ли и ти на излетот?
3. Каде ќе одиме на излет?
4. Како ќе патуваме?
5. Што ќе разгледува Зузана во манастирот Свети Наум?
6. Дали ќе имаш време за капење?
7. Дали ќе имате време за капење?
8. Кога ќе се вратиме од излетот?
9. Ќе оди ли Марија в пошта?
10. Том, ќе посетиш ли и други градови во Македонија?
11. Колку дена Волоѓа ќе помине во Македонија?
12. Какви впечатоци ќе понесете од Југославија и од Македонија?

9 Девет

<u>ДЕВЕТТА ЛЕКЦИЈА</u>

I. РЕЧЕНИЦИ

1. На кого е пенкалото?
2. Пенкалото е на Никола.
   Митре.
   Јанко.
   Вера.
3. Каде се наоѓа книгата?
4. Книгата се наоѓа на маса (та).
   полица (та).
   биро (-то).
   клупата.
   столот.
   комодата.
5. Чукна на врата.
   маса.
   прозорецот.
6. Се качи на таван.
   скали.
   чардак.
   дрво.
   први кат.
7. Седна на сонце.
   земја.
   камен.
   стол.
   кревет.
   трева.

8. Ме поканија на ручек.
вечера.
состанок.
свадба.
отворање на изложбата.
конференција.
9. Каде оди Нада?
10. Нада оди на пошта.
автобуска станица.
железничка станица.
факултет.
предавање.
состанок.
час.
седница.
гости.
излет.
годишен одмор.
11. Каде ќе одите на одмор?
12. На одмор ќе одиме на море.
планина.
13. Како работи работникот?
14. Работникот работи со елан.
ред.
радост.
15. Работникот работи без елан.
ред.
радост.
волја.
16. Со кого шета Ратка?
17. Ратка шета со Милан.
мајка ѝ.
татко ѝ.
брат ѝ.
сестра ѝ.
децата.
синот.
ќерката.

сопругот.
другарка ѝ.

18. Со што пишува студентот?

19. Студентот пишува со молив.
пенкало.

20. Каде влезе курирот?

21. Курирот влезе во собата.
салата.
куќата.
дворот.
градината.
институтот.
болницата.
лабораторијата.
канцеларијата.

22. Каде живее благајничката Мира?

23. Благајничката Мира живее во Битола.
Охрид.
Крушево.
Радовиш.
Струмица.
Гевгелија.
Дебар.
град.

24. Каде оди благајникот Јован?

25. Благајникот Јован оди в банка.
Белград.
Прилеп.
Струга.
село.
град.

26. Детето се фати за мајката.
дрвото.
вратата.
глава.
рачката.

27. За што зборувате вие?

28. Ние зборуваме за лекциите.
теaтарската претстава.
вечерата.
филмот.
болест.
Москва.
Виетнам.
29. Каде ќе одите в недела?
30. В недела ќе одиме на екскурзија.
31. Каде бевте во неделата?
32. Во неделата бевме на екскурзија.
33. Кога одите на екскурзија?
34. На екскурзија одиме во недела.
35. Што прави господинот Стојановски?
36. Господинот Стојановски се капе в море.
37. За колку време ќе ја завршиш работата?
38. Работата ќе ја завршам за еден час.
една недела.
два месеца.
година.
два-три дена.
39. За што плаче детето?
40. Детето плаче за јадење.
леб
чоколада.
спиење.
шетање.
мајка.
играчка.
топка.
вода.
млеко.
41. Професорот оди со студентите.
пред
по
зад
без
покрај

42. Каде да го ставам куферот?
43. Стави го на подот.
над масата.
под маса (та).
врз книгите.
кај другите куфери.
крај печката.
покрај печката.
до печката.
пред врата.
зад врата.
44. Јас сум од Скопје, а од каде сте вие?
45. Јас сум од Варшава.
Прага.
Загреб.
Букурешт.
Будимпешта.
Париз.
Лондон.
Рим.
46. До каде ќе патувате?
47. Ќе патувам до Битола.
48. А од каде до каде ќе патува стариот господин?
49. Стариот господин ќе патува од Гостивар до Дебар.
50. Каде ќе седнеш?
51. Ќе седнам до моите пријатели.
тебе.
брат ми.
вратата.
52. Каде се наоѓа Хераклеа?
53. Хераклеа се наоѓа меѓу Битола и Прилеп.
54. Сите ли дојдоа?
55. Дојдоа сите освен Јованка.
56. Каде се разнесе веста за земјотресот?
57. Веста за земјотресот се разнесе по градот.
селата.
куќите.

58. Каде застана автобусот?

59. Автобусот застана спроти хотелот.
пред
зад
спрема
во селото.
сред село.
во центарот на градот.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Предлози

Предлозите се службени зборови што ги изразуваат односите меѓу именските зборови во реченицата и односите на глаголското дејство спрема неговите дополненија. Овие односи можат да бидат од најразличен карактер.

| | |
|---|---|
| Професорот ги виде студентите <u>со</u> книги <u>в</u> раце. | односи меѓу именски зборови |
| Студентите одат <u>на</u> Филолошки факултет. | односи на глаголското дејство спрема дополненијата. |

Првобитното значење на предлозите е пространственото (месно). По пат на пренесување освен месното значење кај нив се развиле и други значења.

| Каде? | Кога? |
|---|---|
| Одам в село.<br>Одам на нива. | Ме разбуди в зори.<br>Ќе дојдам на пролет. |

Бидејќи во македонскиот јазик именките речиси сосема малку се менуваат со помош на наставки, составите од предлог и именка најчесто изразуваат најразлични врски на именката во реченицата.

Најчесто употребувани предлози во македонскиот јазик се:

| |
|---|
| без, в(во), врз, до, за, зад, заради, нај(наде), како, кон, крај, меѓу, место, на, над, накај, наместо, наспроти, насред, низ, од, одавде, оданде, отаде, околу, освен, откај, по, под, покрај, помеѓу, поради, потем, пред, преку, при, сред(е), според, спроти(в), спрема, со, сосе, у. |

Предлозите како <u>на</u>, <u>со</u>, <u>за</u>, <u>до</u> по својот состав се прости, а некои се сложени како <u>накај</u>, <u>покрај</u>, <u>сосе</u>. Во предлозите <u>крај</u>, <u>место</u>, <u>среде</u> се гледа нивниот именски произлез.

2. <u>Употреба на предлогот в(во)</u>

Предлогот <u>в(во)</u> има две фонетски разновидности. Тие се користат во смислова служба.

Формата <u>в</u> се употребува пред нечленуваните именки.

<u>Тип на реченична конструкција</u>

| |
|---|
| Човекот влезе <u>в</u> куќи. |

Ако именката почнува со <u>в</u>, <u>ф</u>, иако е нечленувана, пред неа се употребува формата <u>во</u>.

| |
|---|
| Децата многу се радуваат <u>во</u> вода.<br>Службеникот ги стави документите <u>во</u> фиока. |

Формата <u>во</u> се употребува пред нечленувани именки и во случаите кога се сака средината означувана со тие именки особено логички да се истакне.

| |
|---|
| Детето падна <u>во</u> вир, а не <u>во</u> кал.<br>Детето пливало <u>во</u> река, а не <u>во</u> море. |

Формата во редовно се употребува пред членувана именка во дворот, во собата, пред формите од личните заменки во мене, во неа и во некои предлошки изрази во полза на, во врска со,

Употреба на в, во со дните на неделата.

| | |
|---|---|
| во неделата | денот поминал |
| в недела | денот настапува |
| во недела | нешто редовно се случува во одреден ден |

3. Употреба на предлогот на

Најчесто употребуваниот предлог во современиот македонски јазик е предлогот на. Кај него, освен првобитното месно значење се јавуваат многу значења. Тој се сведува и на граматички знак за дативниот предмет.

| | |
|---|---|
| Девојката му подаде вода на изморениот патник. | Дативен предмет |

Честата употреба на овој предлог се одбегнува кога постои можност некои негови значења да се изразат со други предлози.

| | |
|---|---|
| Даде по едно парче на човек. | Даде по едно парче за човек. |
| Погледна на дрвото. | Погледна во дрвото. |
| Не ми се најде ништо на рака. | Не ми се најде ништо при рака. |
| Лесно ќе свикнеш на работата. | Лесно ќе свикнеш со работата. |

Повторувањето на овој предлог се избегнува и со можноста на неговото испуштање зад глаголски именки што управуваат предмет. Испуштањето е пообично кога именката не е членувана.

| |
|---|
| Палење (на) оган не е лесно. |
| Ќе земам многу пари од продавање (на) грозје. |

<u>Забелешка</u>: Испуштањето или заменувањето на предлогот <u>на</u> зависи од дадената стилска ситуација и строго одредени правила не можат да се поставаат. Многу е битно дали се работи за постари или понови споеви, за полабави или посраснати, односно и од редот на зборовите во синтагматскиот спој.

## 4. Употреба на предлозите одавде, оданде, отаде

Предлозите <u>одавде</u>, <u>оданде</u> и <u>отаде</u> укажуваат на положбата на лицата. Се употребуваат и како прилози.

| | |
|---|---|
| <u>Одавде</u> пат природата е многу попривлечна.<br><u>Оданде</u> река патот е асфалтиран.<br><u>Отаде</u> река се наоѓа селото. | Предлошка употреба |
| Маријо, помини <u>одавде</u>!<br>Маријо, помини <u>оданде</u>!<br>Маријо, внимавај <u>отаде</u>! | Прилошка употреба |

## 5. Акцент

Во македонскиот јазик е често преминувањето на акцентот од личните заменки и од именките врз предлозите. При тоа треба да се има предвид дека тоа не се врши во сите случаи генерално, туку се работи за определена обусловеност.

- Така акцентот редовно преминува врз предлозите кога идат со личните заменки и тоа со долгите форми. На пример:

| | | |
|---|---|---|
| Петре оди со́‿мене. | Петре седи | спроти́‿него. |
| по́‿мене. | | кра́ј‿него. |
| бе́з‿мене. | | до́‿него. |
| пре́д‿мене. | гледа | во́‿него. |
| за́д‿мене. | зеде | о́д‿него. |
| ка́ј‿мене. | | |
| около́‿мене. | | |

<u>Забелешка:</u> Од оваа општа појава се одземаат трослошките предлози <u>заради</u>, <u>поради</u> и предлогот <u>освен</u>.

- Акцентот редовно преминува врз предлозите кога идат со имениите до колку предлогот иде со своето просторно значење. При тоа именката мора да е еднослошна или двосложна и да не е членувана или по друг начин определена. На пример:

Петре пишува на́‿маса.
се скри по́д‿маса.
оди на‿нива.
иде о́д‿нива.
падна о́д‿дрво.
се качи на́‿дрво.
влезе во́‿вода.
се качи на́‿врв.

- Акцентот преминува врз предлозите и во случаите кога составот од предлог и именка не иде со просторно значење. Тоа се обично изделени состави, со почеста употреба. На пример:

Му рече на́‿смеа.
Ќе дојдам на́‿есен.
Му ги зеде парите со́‿сила.
Се фатија за́‿раце.
Останав бе́з‿пари.
Не се работи бе́з‿раце.
Не се оди бе́з‿нозе.
Работи бе́з‿план.

- Значи, дали акцентот ќе биде преземен од пре́длогот или не, зависи од значењето на составот од предлог и именка и од убичаеноста на употребата. Спореди:

Оградата е направена од др́во.
Човекот паднал о́д дрво.

<u>Забелешка</u>: Како што може да се види од претходните две реченици, акцентот се јавува како граматичко средство. Доаѓа до израз логичното истакнување на именката наспрема некоја друга.

– Преминувањето на акцентот врз предлогот е невозможно во случаите од типот:

| | |
|---|---|
| Куќата е свртена на и́сток. | Со си́ла ништо не бидува. |
| Куќата е на де́до. | Одам кај ма́јка. |
| Куќата е од де́до. | Зборува за пра́вда. |
| Се сторија за гре́в. | |

<u>Забелешка</u>: Ако се работи за именки од туѓо потекло со акцент на крајот, предлогот не го презема акцентот: <u>на банке́т</u>, <u>на биро́</u>.

ВЕЖБИ

I. Препишете ги речениците. На местото од точките ставете соодветни предлози.

1. Мајката дојде .......... детето.
2. Водата тече .......... запир.
3. Мајката ... синот влезе ..... дворот.
4. Живеам ..... Рим.
5. Остави ги весниците .... масата.
6. Учениците седеа еден .... друг.
7. Ќе те чекам..... девет саатот.
8. Момчето и девојчето се држеа.... раце.
9. Зборуваме ...... роднините.
10. Бранко оди ..... Мирјана.
11. Дојдовме ...... тебе.
12. Ќе те чекам ...... хотелот.
13. То̀ј се сврте .... присутните.
14. Ресен се наоѓа ....... Битола и Охрид.
15. Книгите се .... маса.
16. Студентите одат ..... факултет.
17. Пријателите нѐ канат ..... вечера.
18. Македонија се наоѓа .... југ.
19. Реката тече.... градот.

10 Десет

ДЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Каков е твојот пуловер?
   неговиот молив?
   нејзиниот стол?

   Мојот пуловер е сив.
   Неговиот молив е шарен.
   Нејзиниот стол е низок.

2. Каква е твојата кошула?
   нејзината блуза?
   неговата капа?

   Мојата кошула е темно-сина.
   нова.
   Нејзината блуза е црвена.
   убава.
   Неговата капа е сламена.
   модерна.

3. Какво е моево палто?
   твоето перо?
   она дрво?

   Твоето палто е кафеаво.
   Моево перо е ново.
   Она дрво е високо.

4. Какви се твоите панталони?
   нејзините тетратки?
   тие очила?
   оние весници?

Моиве панталони се зеленикави.
широки.
Нејзините тетратки се чисти.
Овие очила се скршени.
Оние весници се стари.

5. Каков е оној човек? Тој човек е висок.
А оној таму? Тој е повисок.
А тој до тебе? Овој човек е највисок.

6. Каква е оваа слика?
Таа слика е убава и голема.
Која слика овде е најубава?
Првата слика е убава, втората поубава, третата најубава.

7. Колкав е твојот град?
Мојот град е голем, но овој е поголем.
Колкава е твојата ќерка?
Мојата ќерка е мала, но твојава е помала. Најмала е ќерката на Вера.
Колкаво е ова јагне?
Ова јагне е мало, а она е уште помало.
Колкави се твоите деца?
Моите деца се возрасни.

8. Зелениот чаршав е наш, а белиот нивни.
Шарената шапка е нова, а црната стара.

9. Поголемите градови во СР Македонија се Скопје, Битола, Прилеп и Охрид.
Повисоките планини во СР Македонија се Шар Планина, Кораб и Пелистер.
Најубавите градови во СР Македонија се Охрид и Крушево.

10. Дали носиш црна или бела кошула, колега Борис?
сиво или жолто палто
светла или темна врска
бели или кафеави панталони
црни или кафеави чевли
портокалов или розов пуловер

Сега носам бела кошула.
Јас не носам ни црна ни бела кошула. Мојава кошула е зелена.

11. Каква е бојата на твојата блуза, колешке Вера?
здолница
чанта
твојот мантил
нејзините ракавици
сандали
неговото перо
куче

Бојата на мојата блуза е розова.
здолница е лилјакова.
чанта е светло-жолта.
мојот мантил е темно-зелен.
нејзините ракавици е црна.
Бојата на нејзините сандали е црвеникава.
неговото перо е темно-сина.
куче е костенлива.

12. Дали и колешката Марија има розова блуза?
Не, колешката Марија нема розова блуза.
Нејзината блуза е млечно-бела.

13. Какво е лицето на Трајан?
Лицето на Трајан е бледо.
румено.

14. Што боја има косата на Трајан?
Косата на Трајан е руса.
Трајан е русокос.

15. Дали и колегата Марко има иста коса?
Не, колегата Марко нема иста коса.
Неговата коса е подруга. Неговата коса е црна.

16. Какви се по боја очите на Вера?
Очите на Вера се небесно-сини.

17. Дали колешката Олга има црни очи?
Не, таа нема црни очи.
Нејзините очи се кафеави.

18. Во боја ли е оваа слика?
Не, таа слика е црно-бела.

19. Која слика во собава е во боја?
Портретот на Крсте Мисирков е во боја.
Кои бои ги разликуваш на портретот?
На портретот разликувам повеќе бои: косата и мустаќите се црни, лицето е жолто-црвеникаво, очите се кафеави, палтото е црно, јаката е бела, а врската шарена.

20. Сиот град беше возбуден.
Вера ја прочита цела книга.
Се собраа луѓето од сето село.
Дали читавте сите?
Да, веќе сите читавме.

21. Онаков човек ретко се среќава.
Онаква блуза досега немам видено.
Онакво убаво дете не сум видел.
Ваков мирен град многу сакам.
Ваква книга не сум читал.
Вакво перо ретко се наоѓа.
Токму таков мантил ќе купам.
Таквата трева ја сакам.
Таквите луѓе се пријатни за разговор.
Таму се водеше секаков разговор.
Некаков човек застана пред продавницата.
Никаков проблем не гледам туна.
Мојата кошула е инаква од твојата.
Оваа куќа е поинаква од онаа таму.

22. Овие ли се тетратките на твојот колега?
Да, тие тетратки се на мојот колега.
Јас своите ги заборавив во хотелската соба.

23. Чиј весник читаш сега?
Сега го читам својот весник.

24. На чија тетратка пишува Стојан?
Стојан пишува на својата тетратка.

25. Чие перо употребува Вера?
Вера го употребува своето перо.

26. Со чии очила се служи Марко?
Марко се служи со своите очила.

27. Дали Стојан пуши свои цигари или туѓи?
Стојан никогаш не пуши свои цигари.

28. Дали ја држам мојата книга?
вашата тетратка?
го нивниот нотес?
неговиот кибрит?
твојот часовник?
ги нејзините цигари?

Да, ти ја држиш својата книга.
Не, ти не ја држиш нашата тетратка, ти ја држиш својата тетратка.
Не, ти не го држиш нивниот нотес, ти го држиш својот нотес.
Не, ти не го држиш неговиот кибрит, ти го држиш својот кибрит.
Не, ти не го држиш мојот часовник, ти го држиш својот часовник.
Не, ти не ги држиш нејзините цигари, ти ги држиш своите цигари.

29. Зар ја немаш својата книга, колега?
го својот нотес
кибрит
своето перо
ги своите цигари

Да, јас ја имам својата книга.
го својот нотес.

Да, јас го имам своето перо.
          ги          своите цигари.

30. Дали колегата Кирил ја чита книгата на Јован?
Не, тој ја чита својата книга.

31. Дали колешката Марија ги носи очилата на Вера?
Не, таа ги носи своите очила.

32. Дали колешката Вера ја користи запалката на Марија?
                                   го          часовникот
                                               кибритот
                                               лекарството
                                   ги          ножиците
Не, таа ја користи својата запалка.
          го          својот часовник.
                             кибрит.
                      своето лекарство.
          ги          своите ножици.

33. Човекот застана пред затворената манастирска древна порта.
Планинскиот воздух беше пријатен.
Градот беше добро осветлен.
Новодојдените луѓе застанаа пред вратата.

34. Веќе ја прочитав третата книга на македонски јазик.
Денеска сум прв ден во Охрид.
Вториот ден ќе почнат предавањата на Семинарот за македонски јазик, култура и литература.
Третиот ден од моето доаѓање се разболев.
Шестото предавање не можев да го следам.
Јас сум сместен во шестата соба од почетокот на ходникот.
Помина и дваесеттиот ден.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Придавки

Придавката означува даден признак на предметот што го определува сам по себе (убав, голем, добар) или пак во однос со друг предмет, укажувајќи на материјалот, припадноста и сл. (древна лажица, планински пат).

Според тоа, придавките се делат на качествени (квантитативни) и односни (релативни). Меѓутоа, тргнувајќи од граматичките чатегории и од службата, во сваа збсровна група влегуваат уште и заменските, бројните и глаголските придавки.

### Форми на придавките

Идејќи обично како определба (атрибут) на именката, придавката ги добива од неа своите граматички обележја: родот, бројот и членот. Така, придавката разликува три родови форми во еднината и една во множината, што можат да бидат членувани или нечленувани.

| | | |
|---|---|---|
| машки род | убав-и-от град | планинск-и-от пат |
| женски род | убав-а-та куќа | планинск-а-та врвица |
| среден род | убав-о-то езеро | планинск-о-то куче |
| множина | убав-и-те градови<br>куќи<br>езера | планинск-и-те патишта<br>врвици<br>кучиња |

Кај придавките што завршуваат на консонант во основната форма, членската морфема за машки род не иде директно на основната форма, туку на веќе исчезнатата определена (долга) придавска форма: убав - убави-от, голем - големи-от, меѓутоа кај придавките што завршуваат на -и (-ски, -чки, -шки) во основната форма, членската морфема и кај формата за машки се додава директно: манастирски - манастирски-от, човечки - човечки-от, монашки - монашки-от.

Во современиот македонски јазик се среќаваат само некои од старите определени придавски форми за машки род, што главно идат со некои именки, месни имиња и прекари: мили сине, драги

татко, Премудри Соломон, Свети Спас (црква), Свети Николе (град) Стариград (месност), Куси Петко (прекар).

Обично при обраќање се употребува неопределената форма за трите рода и множината, меѓутоа сосема ретко определените форми за машки род можат да се искористат како вокативни форми.

| | |
|---|---|
| Дојди овде, мирен песу! | Куси, застани малку! |
| Дојди овде, мирно куче! | Повели, честити зете! |
| Викни го, добра Стојанке! | Чуј ме сега, мили синко! |
| Дојдете вами, умни деца! | Јас си одам, драги татко! |

Поредбени степени

Само качествените придавки можат да се степенуваат.

Придавката има три форми за изразување на степенувањето. Компаративната и суперлативната форма се образуваат со елементите по- и нај- што се пишуваат слеано пред соодветната придавска форма:

позитив: убав, убавиот, убава, убавата
компаратив: поубав, поубавиот, поубава, поубавите
суперлатив: најубав, најубавиот, најубаво, најубавите

Компаративот се користи за споредување на качеството меѓу два предмета или множества од предмети, односно единичен предмет со множество.

| |
|---|
| Оваа врата е нова. Таа е понова. |
| Петар е повисок од Стојан. |
| Вие сте подобри од нив. |
| Ова дете е поумно од оние. |

Суперлативот се користи за издвојување на качеството на даден предмет од качеството на повеќе предмети.

| |
|---|
| Овој прозорец е најголем. |
| Петре е најдобар меѓу вас. |
| Најблиската соба е моја. |

Споредувањето може да биде и скриено, т.е. да не се чувствува претставата за компарација.

| |
|---|
| Поголемите градови во Македонија се Скопје, Битола, Прилеп и Охрид. |
| Највисоките врвови во Македонија се Кораб и Пелистер. |

Бројни придавки

Бројните придавки го покажуваат односот на предметите по ред, меѓутоа според граматичките категории и службата тие се наполно еднакви со другите придавки.

Бројните придавки се изведуваат од броевите, но придавките прв и втор не се сврзани по корен со броевите еден и два.

Преглед на бројните придавки:

| | | | |
|---|---|---|---|
| прв | прва | прво | први |
| втор | втора | второ | втори |
| трет | трета | трето | трети |
| четврт(и) | четврта | четврто | четврти |
| петти | петта | петто | петти |
| шести | шеста | шесто | шести |
| седми | седма | седмо | седми |
| осми | осма | осмо | осми |
| деветти | деветта | деветто | деветти |
| десетти | десетта | десетто | десетти |
| единаесетти | единаесетта | единаесетто | единаесетти |
| дваесетти | дваесетта | дваесетто | дваесетти |
| стоти | стота | стото | стоти |
| двестотен | двестотна | двестотно | двестотни |
| петстотен | петстотна | петстотно | петстотни |
| илјаден | илјадна | илјадно | илјадни |

Членувани форми: прв-и-от, прва-та, прво-то, први-те; трет-и-от, трета-та, трето-то, трети-те; шести-от и сл.

Нечленуваната форма за машки род (освен: прв, втор, трет и четврт) и множинската се хомонимни, меѓутоа членуваните се разликуваат: осмиот војник, но: осмите војници во секој ред се ниски.

## Заменски придавки

Рефлексивната заменска придавка свој, своја, свое, свои (види: лекција трета) се употребува кога сопственикот на даден предмет е истовремено и вршител на дејството сеедно дали субјектот е изразен или не во реченицата.

| | |
|---|---|
| (Јас) го читам својот весник. | (Ние) имаме своја куќа. |
| (Вера) брише со својата гума. | (Тие) ги сакаат своите деца. |

Некои од заменските придавки имаат качествено или количествено значење.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ваков | - | ваква | вакво | вакви |
| онаков | - | онаква | онакво | онакви |
| таков | - | таква | такво | такви |
| некаков | - | некаква | некакво | некакви |
| никаков | - | никаква | никакво | никакви |
| секаков | - | секаква | секакво | секакви |
| инаков | - | инаква | инакво | инакви |
| олкав | - | олкава | олкаво | олкави |
| онолкав | - | онолкава | онолкаво | онолкави |
| толкав | - | толкава | толкаво | толкави |

Членувани форми: вакviот, ваквата, ваквото, вакvите; олкавиот, олкавата, олкавото, олкавите.

## Глаголски придавки

Глаголските придавки се изведуваат од глаголите со наставките -н, -на, -но, -ни, додека кај глаголите со општ дел на -н, -њ се јавуваат наставките -т, -та, -то, -ти.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вика | - викан, | -на, | -но, | -ни |
| пере | - пран, | -на, | -но, | -ни |
| | перен, | -на, | -но, | -ни |
| отвори | - отворен, | -на, | -но, | -ни |
| стане | - станат, | -та, | -то, | -ти |
| бања | - бањат, | -та, | -то, | -ти |

2. Употреба на придавките

Изборот на придавската форма зависи од родот, бројот и определеноста на именката.

Големиот прозорец е отворен.
Планинскиот пат е тесен.
Мојата книга е тука.
Некаков човек те чека.
Олкаво дрво не сум видел.
Тој влезе низ отворената врата.

Имињата на јазиците во служба на подмет или додаток за припадност редовно се членуваат.

Македонскиот јазик е најмлад словенски литературен јазик.
Граматика на македонскиот јазик.

Со другите служби на именката атрибутот може да биде членуван или нечленуван.

Сега учам македонски јазик.
Сега го учам македонскиот јазик.
Пушувам на руски јазик.
Се служам со бугарскиот јазик.

Кога идат со една именка две (или повеќе) определби, првата придавка редовно се членува ако именката носи значење на определеност, меѓутоа дали ќе се членуваат и другите придавки зависи од разни околности. Така, кога определбите се слеваат во една општа определба, се членува само првата, додека кога говорителот сака да ја истакне содржината на секоја придавка, тие посебно се членуваат.

| |
|---|
| Убавото сино езеро се бранува пред мене. |
| Убавото, синото езеро се бранува пред мене. |

Кога некоја од придавките е релативна, особено присвојна или бројна, тогаш е обично да се членува само првата придавка.

| |
|---|
| Се движевме по селскиот тесен пат. |
| Се движевме по тесниот селски пат. |
| Ова е мојот најдобар пријател. |
| Ова е најдобриот мој пријател. |
| Третата зелена врата е моја. |

Во самостојна употреба придавката може да се супстантивизира, така што самостојно ги презема и сите служби на именката.

| |
|---|
| Само улавиот и пијаниот одат по вакво време. |
| Стојанке, фрли го црното зеќе. |
| Тој им зборуваше на ранетите. |

3. Правопис

Придавките на кои основната форма им завршува на консонант пред кој идат вокалите а, е или о, обично го губат овој вокал во сите други форми.

| |
|---|
| добар - добриот, добрата, доброто, добрите |
| тивок - тивкиот, тивката, тивкото, тивките |
| силен - силниот, силната, силното, силните |

Кај придавките широк, висок и длабок вокалот о се задржува во сите форми: широкиот, широката и сл.

Иста придавка понекогаш може да се јави со качествено и односно значење.

| | |
|---|---|
| качествена придавка | дрвна индустрија<br>победна песна |
| односна придавка | дрвена лажица<br>победена војска |

Елементите по и нај за изведување на компаративната и суперлативната форма се пишуваат слеано: подобар, потивка, посилно; најдобриот, најтивкото, најсилните и сл.

ВЕЖБИ

I. Искористете ги зборовите: книга, гума, кибрит, молив, перо, палто, очила, цигари во реченичките конструкции што се дадени со по еден пример подолу:

1. Чија книга ја држиш? Чија книга ја држи Вера?
2. Јас ја држам својата книга. Вера ја држи својата книга.
3. Ти ја држиш неговата книга. Вера ја држи твојата книга.
4. Ти не ја држиш мојата книга. Вера не ја држи мојата книга.

II. Именките весник, тетратка, стол, дете, очила, книги поставете ги во реченици според образците:

1. Овде го гледам твојот весник.
2. Онде го нема неговиот весник.
3. Таму го гледам нејзиниот весник.
4. Таму го нема нашиот весник.

III. Научете ја антонимната придавка:

| | | | |
|---|---|---|---|
| висок | - низок | тесен | - широк |
| мал | - | длабок | - |
| чист | - | добар | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| танок | - | тежок | - |
| убав | - | мазен | - |
| топол | - | сув | - |
| млад | - | светол | - |
| богат | - | скинат | - |
| летен | - | здрав | - |
| десен | - | горен | - |

IV. Оформете реченици во врска со бојата на облеката.
Пример: Јас носам црвена кошула. Вера има розова блуза.
зелен мантил. бели чевли.

V. Одговорете на прашањата:
1. Каква е бојата на таблата?
вратата?
гумата?
моливот?
2. Кој е повисок Петре или Благоја?
подебел
3. Кој молив овде е најголем?
4. Која врата е најчиста?
5. Каква е бојата на нејзината блуза?
неговите панталони?
неговото палто?
твојата кошула?
нивните чевли?
6. Каков е воздухот овде сув или влажен?
Каква е тревата жолта зелена?
Какво е детено онде ниско или високо?

VI. Кон придавската форма прибавете соодветна именка:
бел, широк, црвена, тесен, горчливо, здраво, свилен, овчарски, утринска, нашите, моите, првиот, петтата, летен, своите, којкав, онкав, секакви, никаква.

Пример: бел ѕид, широк кревет ...

9. Колку време немаш вести од синот?
10. Цел месец.
Два месеца.
Три месеци.
Шест
Седум
11. Долго време живеете овде?
12. Има една година.
Две години.
Десет години.
Дванаесет
Тринаесет
Четиринаесет
Петнаесет
13. Пред колку време сте дојдени овде?
14. Дојден сум пред девет дена.
десет
шеснаесет
седумнаесет
осумнаесет
деветнаесет
дваесет
15. По едногодишна работа ќе се вратам дома.
двегодишна
тригодишна
четиригодишна
петгодишна
шестгодишна
единаесетгодишна
16. По едномесечниот престој во СР Македонија ќе се вратам дома.
двомесечниот
петмесечниот
17. По тридневниот престој во Скопје ќе се вратам во Белград.
десетдневниот
дванаесетдневниот
петнаесетдневниот
18. Што прославуваме сега?

19. Сега прославуваме педесетгодишница.
педесетгодишен јубилеј.
20. Колку години има мајка ти?
21. Мајка ми има педесет и пет години.
22. А татко ти?
23. Татко ми има шеесет години.
24. А брат ти и сестра ти?
25. Брат ми е стар дваесет и три години,
а сестра ми дваесет и една година.
26. Имам сто динари.
двесте
триста
четиристотини
петстотини
шестотини
седумстотини
осумстотини
деветстотини
илјада
27. Имаш ли ти сто и педесет динари?
сто педесет и пет динари?
двесте и еден динар?
триста и дваесет динари?
четиристотини осумдесет и седум динари?
деветстотини деведесет и девет динари?
28. Купив два леба за два дена.
29. Ќе живееш сто и една година.
30. Ги најдов двата молива.
трите моливи.
четирите моливи.
петте
шесте
деветте
31. Милица ми ги врати десетте динари.
единаесетте
петнаесетте
стоте
двестете

32. Земете си ги четирите стотини килограми брашно.
петте
осумте (осумстотините)

33. Колку студенти има во слушалната?

34. Во слушалната има еден студент.
два студента.
двајца студенти.
три студента.
три студентки.
тројца студенти.
четири студенти.
четири студентки.
четворица студенти.

35. Има ли петина студенти во слушалната?
петмина

36. Во слушалната има шестина студенти.
шестмина
седуммина
осуммина
деветмина

37. А колку студентки се во слушалната?

38. Има една студентка.
две студентки.
три
четири
пет

39. Колку пакети донесе?

40. Донесов два-три пакета.
три-четири пакети.
пет-шест
десетина
стотина

41. Каква оценка доби студентот?

42. Студентот доби оценка десет.
девет.
осум.
седум.
шест.
пет.

43. Колку пати си бил во Белград?
44. Сум бил еднаш.
двапати.
трипати.
петпати.
дваесет и пет пати.
45. Имате ли деца?
46. Имам две деца. Едно машко и едно женско.
47. Одат ли децата на училиште?
48. Да, одат. Постарото има единаесет години и оди во шесто одделение, а помалото има седум години и оди во прво одделение.
49. Колку пари плати за книгите и тетратките?
50. Вкупно платив двесте динари.
Книгите чинеа сто и педесет динари, а тетратките педесет.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Броеви - Определена бројност

Со определената бројност се означува количеството на предметите што е точно избројано.

| | |
|---|---|
| 0 - нула | 6 - шест |
| 1 - еден, една, едно | 7 - седум |
| 2 - два, две | 8 - осум |
| 3 - три | 9 - девет |
| 4 - четири | 10 - десет |
| 5 - пет | |

Од простите броеви преку срастување се изградуваат сите други броеви.

| | |
|---|---|
| дваесет (20) | шеесет (60) |
| триесет (30) | седумдесет (70) |
| четириесет (40) | осумдесет (80) |
| педесет (50) | деведесет (90) |

## Изведенки од бројот сто (100)

| | |
|---|---|
| двесте (200) | шестотини (600) |
| триста (300) | седумстотини (700) |
| четиристотини (400) | осумстотини (800) |
| петстотини (500) | деветстотини (900) |
| илјада (1000) | |

Кон десетиците се придаваат единичните броеви на два начина. Од 10 - 19 се сврзуваат со предлогот на: единаесет (11), дванаесет (12), тринаесет (13), четиринаесет (14), петнаесет (15), шеснаесет (16), седумнаесет (17), осумнаесет (18), деветнаесет (19). Од дваесет нагоре се сврзуваат со и: дваесет и еден (21), дваесет и два (22), дваесет и три (23) итн.

Сврзување по ист начин има и од сто нагоре: сто и седум (107), сто и триесет (130), или сто педесет и три (153).

Од броевите што означуваат одредена бројност со своите форми се изделуваат само еден и два. Тие имаат форми за родот.

| машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|
| еден молив | една тетратка | едно писмо |
| два молива | две тетратки | две писма |

Зборот еден, покрај бројното значење, се употребува и со значење некој, то ест се употребува и како заменка:

Си биле еден човек и една жена.

Во разговорната реч кога се подвлекува заедница на нешто, место два, две, често се употребува и зборот обата, обете (секогаш членувано):

Земи ги обете тетратки.

Ако именката пред која стојат броевите е членувана, членските морфеми од неа преоѓаат и на броевите.

| | |
|---|---|
| пет динари | петте динари |
| два молива | двата молива |
| десет години | десетте години |
| две жени | двете жени |
| две пера | двете пера |

2. Одредена бројност за лица

За означување определен број лица од машки род се употребуваат бројни форми (бројни именки) изведени од простите броеви.

| |
|---|
| двајца другари |
| тројца пријатели |
| четворица студенти |

Доколку бројната форма двајца, тројца итн. се однесува на повеќе лица од различни родови, барем едно од нив треба да биде од машки род:

| |
|---|
| Марија и Стојан, двајцата заедно шетаа низ градот. |

Како наспоредна форма за двајца се употребува секогаш членуваната обајцата:

| |
|---|
| Обајцата си одеа по патот. |

Од пет нагоре бројните форми за лица се изведуваат со две наставки: -ина и -мина.

| | |
|---|---|
| петина | петмина |
| шестина | шесмина |

3. Приближна бројност

Формите два-три, три-четири, три-четириесет, дваесетина означуваат приближна бројност. Таа се изразува обично така што ќе се сврзат и ќе се изговорат со еден акцент два "соседни" броја: пе́т-шест, седу́м-осум, пет-ше́есет.

Формите за приближна бројност од десетиците и стотиците се образуваат со наставката -ина.

| |
|---|
| десетина луѓе |
| педесетина луѓе |
| стотина луѓе. |

4. Правопис

Во членуваната форма на простите броеви што завршуваат на -т се пишува удвоено т:

| | | |
|---|---|---|
| пет | - | петте |
| девет | - | деветте |
| десет | - | десетте |

Забелешка: Треба да се прави разлика помеѓу бројните образувања од типот петтина, дваесеттина, триесеттина кога означуваат дропки, за разлика од бројните форми: петина, дваесетина, тринаесетина. Спореди:

| |
|---|
| Ми дадоа една петтина. |
| Беа петина посетители. |

Сонантот м се пишува удвоено во бројните форми седуммина, осу́ммина.

ВЕЖБИ

I. Прочитајте го текстот: В продавница и пронајдете ги броевите:

В продавница

Ана: Здраво, Веро! Што купуваш?

Вера: Здраво! Купувам продукти за јадење.

Ана: Набавуваш само за еден ден или за повеќе?

Вера: За следниве пет дена. (Кон продавачката) - Ви се молам дајте ми: два килограма шеќер, три конзерви риба, две супи, шест кутии цигари, четиристотини грама свинска маст, едно кило масло, седумстотини грама кашкавал и петстотини грама ориз.

Продавачката: Уште нешто ви се молам?

Вера: Благодарам, не. Направете сметка.

Продавачката: Имате вкупно четири илјади и триста динари.

II. Одговорете на прашањата.

1. Каде се наоѓаат Ана и Вера?
2. Што купува Вера?
3. За колку дена набавува Вера?
4. Што побара Вера од продавачката?
5. Колку пари изнесуваше целата сметка?

III. Прочитајте го текстот:

На пазар

Секоја сабота во Охрид е пазарен ден. Тогај пазарот е најбогат. Луѓе на различна возраст можат да се видат таму. Се слушаат разни гласови. Секој ја фали својата стока.

- Само за пет-шест динари убави делишес јаболка, - се надвишува глас над општата врева. Двајца селани се натпреваруваат во фалењето на зеленчукот:

- Убаво младо кромитче само за два-три динари, а уште поубава зелена салата само за три-четири динари.

И така сѐ до пладне.

IV. Одговорете на овие прашања.

1. Во колку часот станувате?
2. Кога појадувате, кога ручате и кога вечерате?
3. Во колку часот легнувате?
4. Учите по два, три или повеќе саати?
5. Колку километри има од Охрид до Париз?
6. А до Москва?
7. По колку часа лекторски вежби имате дневно?
8. А колку траат општите предавања?

V. Напишете ги со зборови следниве бровеи:
1, 6, 7, 8, 9, 11, 15, 20, 25, 63, 150, 338, 572 и 999.

VI. Во следниве реченици цифрените бровеи напишете ги со зборови.

1. Охрид има 20 илјади жители.
2. Јас живеам со 2 другари во Скопје.
3. Драган купи во книжарницата "Култура" 3 тетратки, 1 гума и 10 моливи.
4. Пред хотелот нè чекаат 4 жени и 4 мажи.

VII. Во следниве реченици искористете ги членските морфеми каде што е потребно.

1. Милица купи две книги. Една за читање, а другата за подарок.

2. Петре има двајца пријатели. Еден е од Белград, а другиот од Љубљана.

3. На полицата има три тетратки. Две се на Лилјана, а една од Вера.

4. Учителот ѝ даде на Наталија десет книги. Наталија ги зеде 10 книги.

12 Дванаесет

<u>ДВАНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА</u>

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Ана и Вера се добри студентки.
   пријателки.
   другарки.
   службенички.
   работнички.
   сестри.
   мајки.
   жени.
   ќерки.
   лекари (-ки).
2. Стојан, Митре и Јосиф купија весници.
   слатки.
   пиво.
   вино.
   сокови.
3. И Марија, Стојан и Олга купија весници.
   слатки.
   пиво.
   вино.
   сокови.
4. А Зора и Милан?
5. Зора и Милан купија круши и јаболка.
   спанаќ и карфиол.
   моркови и зелка.
   краставици и зелена салата.
6. Кој почна прв да купува?
7. Прв почна Милан, а не Зора.

8. Вие ли купивте први?
9. Не ние, ами вие купивте први.
10. Професорот зборува малку, но умно.
11. Митре е мал, ама вреден.
12. Сега Искра не оди дома, туку на Факултет.
13. Разговаравме доста, иако набрзина.
14. Што правеше Љуба?
15. Љуба стоеше крај прозорецот и загрижено гледаше кон планината.
16. Што сака Михајло?
17. Михајло ниту сака јадење ниту сака шетање.
18. Кога ќе дојдеш дома?
19. Ќе купам леб и друго, па ќе дојдам дома.
20. Ние учиме, а тие шетаат.
21. Продавачот го нудеше, но Јосиф не купи ништо.
22. Што ќе направиш со пакетот?
23. Било јас сам ќе го донесам било ќе го пратам по пошта.
24. Или ќе живееме достојно, или нека нè нема.
25. Кој не е дојден уште?
26. Сите сме тука, само водичот не е дојден.
27. Студентите се добро подготвени за испитот, сигурно ќе положат.
28. Каде е Магдалена?
29. Магдалена не излегува на прошетка, веројатно не се чувствува добро.
30. Зошто учат студентите?
31. Студентите учат за да се здобијат со знаења и да ги полагаат редовно испитите.
32. Кога ќе заминете во Полска?
33. Во Полска ќе заминам кога ќе заврши свечениот дел на Семинарот.
34. Штом пристигнав во Охрид, се запознав со многу колеги од разни земји.
    Се запознав со многу колеги од разни земји, штом пристигнав во Охрид.
35. Ќе работиме како што се договоривме.
    Како што се договоривме, ќе работиме.

36. Подобро работи отколку да седиш и денгубиш.
37. Отколку да седиш и денгубиш, подобро работи.
38. Што рече Нада?
39. Нада рече дека веднаш ќе дојде.
40. Што ти се чини?
41. Ми се чини дека (оти) набргу ќе научам македонски.
42. Што знаеше Радмила?
43. Радмила знаеше да одговори веднаш и правилно.
44. Радмила исто така знаеше дека Васил бил во Швајцарија.
купил леб.
отпатувал за Белград.
се подготвил солидно
за испитот.
45. Родителите ме сакаа зашто бев
послушно и работливо дете.
46. Зошто Радмила не доаѓа на концерт?
47. Радмила не доаѓа на концерт дека не се чувствува добро.
оти
затоа што
зашто
бидејќи
48. Ветерот силно дуваше така што едвај се додржав на нозе.
49. Со какво превозно средство ќе патувате?
50. Ќе патувам со авион ако биде убаво времето.
Ако биде убаво времето, ќе патувам со авион.
51. Зборувам македонски иако не сум го совладал целосно
материјалот.
Иако не сум го совладал целосно материјалот,
зборувам македонски.
52. Кој дојде денес?
53. Денес дојде инженерот што го направи идејниот проект
за училиштето?
54. Какви луѓе сме ние?
55. Ние сме мирни и работливи луѓе што си ја гледаат
работата.

# II. ГРАМАТИКА

## 1. Сврзници

Сврзниците врзуваат зборови во реченицата или реченици во составот на една сложена реченица.

Значењето и содржината на сврзниците се открива само преку нивниот спој со другите зборови во реченицата.

Сврзниците се одликуваат со многузначност што произлегува од разнообразноста на споевите во кои влегуваат. Еден ист сврзник може да се употреби за спој на речениците и во паратакса и во хипотакса, а има и такви што се употребуваат само во хипотакса. Притоа сврзниците надворешно се исти, а сврзуваат различни хипотаксични реченици. Во таквите реченици се доаѓа и до слична структура.

| Структура на речениците | Вид на реченицата |
|---|---|
| Му реков на синот <u>да</u> ги пишува задачите. | Исказна (објектна) |
| Милан отиде в град <u>да</u> купи книги. | Целна (финална) |
| <u>Да</u> те послушав, не ќе се мачев олку. | Условна (кондиционална) |
| Детето се стопли <u>да</u> така заспа | Составна (копулативна) |
| Милица чита, <u>а</u> Нада пишува. | Спротивна (адверсативна) |
| <u>А</u> влезе, радост носи. | Временска (темпорална) |
| Сите мислеа <u>дека</u> Никола ќе победи. | Исказна (објектна) |
| Никола не дојде <u>дека</u> бил болен. | Причинска (каузална) |
| Дојде жената <u>што</u> ја запознавме вчера. | Односна (релативна) |
| Така силно ме боли <u>што</u> одвај истрпувам. | Последична (консекутивна) |

## 2. Поделба на сврзниците

Според тоа какви реченици сврзуваат, подредени или приредени, сврзниците се делат на: приредени - координативни и подредени - субординативни.

Поделбата на сврзниците произлегува од меѓусебниот однос на простите и проширените реченици во сложената реченица. Зависно од тоа приредените сврзници им соодветствуваат на приредените реченици, а подредените сврзници на подредените реченици.

| приредени - координативни | |
|---|---|
| составни (копулативни) | и, па, та, тики, да, исто и, не само, туку и |
| спротивни (адверсативни) | а, ама, ами, туку, пак, но, меѓутоа, само што, камо ли, додека |
| разделни (дисјунктивни) | или, или-или, а-а, ај-ај, било-било, де-де, ем-ем, и-и, ја-ја, ни-ни, ту-ту |
| исклучни (ексклузивни) | само, само што, освен што, единствено, единствено што |
| заклучни (конклузивни) | значи, сигурно, веројатно |

Забелешка: Составните реченици можат да стојат една до друга без никаков надворешен знак:

> Во селото се стемнуваше, некаде завиваше пес, лунѕаше изгубена стока.

Составните реченици што не се сврзани со сврзници, се одделуваат една од друга со запирка.

Заклучните (конклузивни) реченици немаат надворешен знак и се сврзуваат со модалните зборови од типот: значи, сигурно, кои се употребуваат за потсилување на она што се изведува како заклучок.

| подредени - субординативни | |
|---|---|
| целни (финални) | да, за да |
| временски (темпорални) | кога, кога што, кога да, а, дури, дури да, додека, пред да, откога, откако, штом, штотуку, тукушто |
| начински (компаративни) | како што, како да, колку што колку да, одошто, отколку, камо, камоли, божем |
| исказни (декларативни) | дека, оти, да, како, што |
| причински (каузални) | дека, за дека, оти, зашто, бидејќи, затоа што |
| послединни (консекутивни) | што, така што |
| условни (кондиционални) | ако, ако ли, да, ли |
| допусни (концесивни) | ако, иако, макар да, макар што, при сè што |
| односни (релативни) | што, кој, којшто, чиј, чијшто каков што, колкав што |

Забелешка: Релативниот сврзник што се употребува секогаш без спој со предлог.

Дојде мајсторот што го баравме вчера.

Со предлог се употребува сврзникот кој:

Дојде жената со која разговаравме вчера.

3. Правопис

Сложените релативни сврзници којшто, чијшто за еднина и коишто, чиишто за множина како и оние од женски, односно од среден род во еднината се пишуваат слеано:

| | машки род | женски род | среден род |
|---|---|---|---|
| еднина | којшто<br>чијшто | којашто<br>чијашто | коешто<br>чиешто |
| множина | коишто<br>чиишто | коишто<br>чиишто | коишто<br>чиишто |

ВЕЖБИ

I. Дополнете ги следниве реченици со соодветни зборови.

1. Лидија .............. гледаа документарен филм.
2. Лидија учи .......... Мира свири на пијано.
3. Тој троши многу пари ........ неразумно.
4. Вие добро учите ....... друго на работите.
5. Сите седеа ....... внимателно го следеа предавањето.

II. Од две реченици направете една со сврзникот дека, да.

1. Тој зборува. Тој многу работи.
2. Тој рече. Денес не доаѓал на час.
3. Никола разбрал. Марија заминала за Загреб.
4. Ние видовме. Сите се подготвени за пат.
5. На сите ни е јасно. Децата ги почитуваат родителите.
6. Веста пристигна. Другарите ќе дојдат утре.
7. Јас знам. Зборувам добро македонски.

III. Кон потцртаните зборови во реченицитe поставете прашања.

1. Мира пишува дека учи многу зборови.
2. Службениците велат дека се редовни на работа.
3. Ние одговоривме дека на шетаме секој ден.
4. Градинарот тврди дека секој ден ги залива цвеќињата.
5. Децата одат на училиште за да соберат знаења.
6. Жената отиде на пазар да купи зеленчук.
7. Немам доволно време за да ја суредам бавчата.
8. Ја прочитав книгата што ја купив пред една недела.
9. Тие се мирни луѓе што си ја гледаат работата.
10. Дрвјата што се наоѓаат покрај езерскиот брег, создаваат извонредна глетка.

IV. Од една сложена реченица направете две прости.

1. Студентите ги полагаат редовно испитите затоа што учат солидно.
2. Ние не ручаме во ресторан бидејќи ручавме дома.
3. Не одиме на екскурзија зашто немаме време.
4. Тие легнуваат доцна бидејќи долго играат шах во клубот.

V. Од две прости реченици направете сложена.

1. Тој чита полека. Малку работи.
2. Не гледам телевизија. Ги работам задачите.
3. Тие не пливаат. Не знаат.
4. Не можам да се искачам на врвот. Немам кондиција.
5. Не патувам. Го испуштив возот.

VI. Составете реченици со сврзниците и, а. Во речениците послужете се со следниве зборови.

1. наутро - навечер; прашува - одговара; тој - таа; слуша - зборува; правилно - неправилно; весник - списание.

VII. Прочитајте го текстот:

Веле го спаси Гоцета Делчев

Веле лежи врз рогузината, покриен со козинеста јамболија. Темно е. Сам е во собата. Мајка му излезе да ја нагледа кравата долу. Врз гредите на таванот лазат жолтите далги од огинот. Во темнината Веле слуша како од другата страна на ѕидот пукаат гламните во огништето. Таму некој говори. Се вслушува. Тоа е татко му, се жали на некого. Тивко е и се слуша јасно:

- На Мемед-ага нивите му ги работевме со пот. Дојде жетва, го збравме берикетот, а ете ти го агата, со кола доаѓа, го однесува житото. Оди па живеј. Три крави имав, брате Гоце, разбојникот Тахир Тола двете ми ги крена. Два сина имав, еден ми остана... само Веле ми остана, помалиот. Јуначиште беше големиот. Во шумата го најдовме заклан. Велат, Тусун-бег го средил. Ех, брате

Гоце, ти знаеш, на нашите патила им нема крај. Една ќерка имав, лична беше.... се заврте Тахир Тола како јастреб, ја грабна. Велиш, треба да се бориме, да добиеме слобода... Ќе се бориме, брате Гоце, ќе се бориме! Еве ме, прв ќе се запишам!

Потоа заговорија многу гласови. Веле ги познава. Еве, сега зборува чичко Ристо, па чичко Стојан, па клисарот Јован, и овчарот Марко нешто збори. И сите за својата несреќа расправаат.

- Браќа, - се извиши непознат глас, - за тоа сум дошол јас кај вас. Против насилникот да создадеме сила. Проклетите бегови нè задушуваат и нè убиваат. Сами ќе си поможиме...

Ѓорѓи Абаџиев

13 Тринаесет

ТРИНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Што купи во продавницата?

Купив месо,
млеко.
леб.
шеќер.
зејтин.(масло за јадење).
путер.
свинска маст.
кашкавал.
сирење.

2. Што купи Мирјана. И таа беше со тебе?

Мирјана купи црвен пипер.
црн пипер.
вегета.
сол.
шпагети.
бадеми.
лешници.
кикирики.
бисквити (кекси).

3. Продавницата е многу снабдена.

Во неа има сапун за перење.
тоалетен сапун.
детергент.
помада.

спреј за коса.
шампон за коса.
тоалетна хартија.
хигиенска вата.
салвети.

4. Што купија студентите во книжарницата?
Студентите во книжарницата купија моливи.
гуми за бришење.
хартија за пишување.
фломастери.
лепило.
учебници.
пликови за писма.

5. Каде влезе работникот (работничката)?
Работникот (-чката) влезе во фабриката.
халата.
ресторанот.
салата.
холот.
канцеларијата.
претпријатието.
амбулантата
аптеката.

6. Кој отиде со него (неа)?
Со него (неа) отидоа неговите (нејзините)
другари (-ки)
пријатели (-ки)
колеги (-шки)
раководители
соработници (-чки)
помошници (-чки)

7. Работникот (-чката) го отвори прозорецот.
куферот.
пликот.
пакетот.
писмото.
собирот.

8. Работникот (-чката) ја отвори вратата:
кутијата.
книгата.
конференцијата.

9. Работникот и работничката влегоа во фабриката.
халата.
ресторанот.
салата.
холот.
канцеларијата.
претпријатието.
болницата.
детската градинка.

10. Работникот и работничката го отворија прозорецот.
куферот.
пликот.
пакетот.
писмото.
собирот.
советувањето.

11. Работникот и работничката ја отворија вратата.
кутијата.
книгата.
конференцијата.

12. Јас влегов во салата.
Во салата влезе и ти и тој.

13. Ние влеговме во салата.
Во салата влеговте вие, а по вас влегоа и тие.

14. Се сретнав со чичко ми.
стрина ми.
вујко ми.
вујна ми.
тетин ми.
тетка ми.
тестот.
тештата.

15. Прошета ли низ паркот?
градината?
булеварот?
градот?
куќа (-та)?
фабриката?
поштата?

16. Остана ли Пјер долго во Македонија?
Остана цел јануари.
февруари.
март.
април.
мај.
јуни.
јули.
август.
септември.
октомври.
ноември.
декември.

17. Појадовме леб и млеко.
леб и путер.
леб, џем и путер.
леб и пржени јајца.
леб и јајца на око.
леб и ордевер.
леб и варени јајца.
пржен леб.
леб, чај и сирење.

18. Ручавме говедска супа.
пилешка супа.
рибја чорба.
јагнешка чорба.
сарма од кисела зелка.
сарма од слатка зелка.
сарма од лозов лист.

ѓувеч.
пилешко печено.
јагнешко со ориз.
телешко печено.
свинско печено.
грав со колбаси.

19. Вечерав зелена салата.
варено месо.
барен карфиол.
кисело млеко.

20. Овие работи му ги раскажав на татко ми.
син ми.
дедо ми.
детето.

21. Овие работи ѝ ги раскажав на мајка ми.
жена ми.
ќерка ми.
баба ми.
бабата.

22. Овие работи им ги кажав на родителите.
децата.
браќата.
сестрите.
роднините.
пријателите.
другарите.
колегите.

23. Колку писма пристигнаа со денешната пошта?
24. Пристигна само едно писмо за мене.
25. Ја прочита ли содржината на писмото?
26. Да, ја прочитав. Во него ми соопштуваат за датумот на испитот од средновековна уметност.
27. Подготвен ли си за испитот?
28. Научив сѐ што сметав дека е неопходно.

29. Уште колку испити имаш до крајот на студиите?
30. Сите испити ги положив. Овој ми е последен.
31. А твоите колеги?
32. И моите колеги ги положија сите испити.
33. Посетивте ли средновековни културни споменици
во време на студиите?
34. Како да не, Посетивме. Македонија е богата
со споменици на културата од средниот век.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Минато определено свршено време

Образување

Морфемите (завршоците) за образување на минато определено свршено време (аорист) се:

| еднина | множина |
|---|---|
| 1 л - в | - вме |
| 2 л - ø | - вте |
| 3 л - ø | - а |

Иако говориме за три групи на глаголите според вокалот на кој завршуваат во трето лице еднина сегашно време (а-, е-, и- група (Види лекција 6), со оваа поделба не ги опфаќаме сите глаголски типови. При образувањето на формите се покажуваат посебности. Така кај ова време се јавува неопходноста од подразделување според формата на 1 лице еднина. Кај нея пред наставката -в освен трите вокали а, е, и се јавува и о, а кај некои глаголи не се јавува никаков вокал и наставката -в се придава направо кон општиот глаголски дел.

Разликуваме <u>пет</u> случаја:

| избега-в, | помоли-в, | запре-в, | реко-в, | чу-в |
|---|---|---|---|---|

Овие пет типови различно се распределени во опсегот на трите глаголски групи, па дури и во тој опсег кај одделни глаголи се јавуваат колебања.

<u>Промена</u>

<u>А-група</u>. Сите глаголи од <u>а</u>-група во ова време имаат основен вокал <u>а</u> и овде не се врши подразделување.

| еднина | множина |
|---|---|
| избег-а-в | избег-а-вме |
| избег-а-ø | изгег-а-вте |
| избег-а-ø | избег-а-а |

<u>И-група</u>. Во глаголската <u>и</u>-група се јавуваат три раздела: <u>и</u>-раздел, <u>е</u>-раздел и <u>а</u>-раздел. Најголемиот број на глаголите од оваа група спаѓаат во <u>и</u>-раздел.

| раздели | | |
|---|---|---|
| и-раздел | е-раздел | а-раздел |
| носи | остари | замижи |
| нос-и-в | остар-е-в | замиж-а-в |
| згази | оздрави | лежи |
| згаз-и-в | оздрав-е-в | леж-а-в |
| води | разболи се | стои |
| вод-и-в | разбол-е-в | стој-а-в |
| прати | | брои |
| прат-и-в | | број-а-в |
| учи | | |
| уч-и-в | | |
| згреши | | |
| згреш-и-в | | |
| окриви | окриви | |
| окрив-и-в | окрив-е-в | |
| оживи | оживи | |
| ожив-и-в | ожив-е-в | |
| помоли | гори | |
| помол-и-в | (из)гор-е-в | |
| доближи | | доближи |
| доближ-и-в | | доближ-а-в |
| усвои | | |
| усво-и-в | | |

Како што може да се забележи од прегледот, некои глаголи од и-група образуваат форми и според два раздела: окриви - окривив, окривев; доближи - доближив, доближав.

Забелешка: Глаголите види, седи од оваа група не спаѓаат во ниеден од овие раздели, зашто кај нив се јавува вокалот - о: види - вид-о-в, седи - сед-о-в.

Е-група. Во глаголската е-група се јавуваат четири раздели: а-раздел, е-раздел, о-раздел и разделот без основен вокал.

| разделИ | | | |
|---|---|---|---|
| а-раздел | е-раздел | о-раздел | Раздел без основ- вокал во мин.оп. свр. |
| Глаголи изведени со наставката -не | | Глаголи со општ дел на ч, ж, з наспрема к, г во мин.оп.свр.вр. | Глаголите со завршок -ие, -уе, -ае во 3 л. едн. сег.вр. |
| падне | умре | | |
| падн-а-в | умр-е-в | пече | пие |
| крене | запре | пек-о-в | пи-ø-в |
| крен-а-в | запр-е-в | рече | мие |
| викне | насре | рек-о-в | ми-ø-в |
| викн-а-в | насР-е-в | стриже | чув |
| Глаголи со општ дел на ш, ж | | стриг-о-в | чу-ø-в |
| | | влезе | знав |
| пише | | влег-о-в | (по)зна-ø-в |
| пиш-а-в | | излезе | |
| каже | | излег-о-в | |
| каж-а-в | | Глаголи со општ дел на т, д што се губат во гл.л-форма | |
| Глаголи со општ дел на ж, ч кај кои во мин.оп.свр.се јавува г, к | | плете | |
| струже | | плет-о-в плел | |
| струг-а-в | | срете | |
| плаче | | срет-о-в | |
| плак-а-в | | срел | |
| | | даде | |
| спие | | дад-о-в, дал | |
| сип-а-в | | земе | |
| дреме | | зед-о-в, зел | |
| дрем-а-в | | Глаголи сложени со иде | |
| врзе | | дојде | |
| врз-а-в | | дојд-о-в | |
| Глаголи на -ее, -ае во 3 л. еднина сег.време | | дошол | |
| | | најде | |
| пее | | најд-о-в, нашол | |
| пе-а-в | | Глаголите донесе | |
| трае | | донес-о-в | |
| трај-а-в | | тресе | |
| | | трес-о-в | |

Забелешка: Неправилни глаголи: Следните глаголи од е-група во минатото определено свршено време се јавуваат без основен вокал во општиот дел: бере - брав, пере - прав, постеле - послав, меле - млев.

Глаголите: спие, врие, жние, одѕвие се имаат форми во минато определено свршено време: (за)спав, (из)врев, (о)жнав, одѕвав се.

2. Правопис

Кај глаголите од и-група што се менуваат по и-раздел во 3 л. мн. се јавува -ј- во групата иа, според општото правописно правило.

Глаголите од е-група што се менуваат по о-раздел во 2 и 3 л. едн. имаат основен вокал е, а не о како што се очекува.

И кај оваа глаголска група во вокалните групи иа, уа правописно се јавува -ј-. Исто така доколку дојдат три вокали едно до друго правописно се разделуваат со ј: успее - успеав, успеа, успеа, успеавме, успеавте, успеаја.

3. Употреба

Со минато определено свршено време се искажува дејство што го сфаќаме во неговата завршеност и тоа како очевидци. Значи дејството сме го виделе или преживеале, а не како прекажано дејство.

Во продавницата купив млеко.




Тип на определена и прекажана употреба

Определена

Возот тргна.

Прекажана

Возот тргнал.

Во ова време најобично се употребуваат форми од свршени глаголи. Не е исклучена можноста во минато определено време да се употребуваат и несвршени глаголи.

Покрај основната употреба да искажува дејство што го сфаќаме во неговата завршеност и тоа како очевидци, оваа глаголска форма може да значи и идност. Спореди:

| |
|---|
| Внимавај, зашто те згазив.<br>Тргни се, та допрев. |

ВЕЖБИ

I. Прочитајте го текстот:

Големиот земјотрес во Дубровник 1667 година

На велика среда, околу 14 часот, се случи земјотресот за кој веќе пишував... Земјотресот ги разурна сите згради во овој град, а огромен број од неговото население остана затрупан во урнатините... Многу силниот пожар,што по земјотресот насекаде се разгоре, еве и денеска, веќе тринаесетти ден уште трае, му го даде на градот последниот удар и на многу места го проголта она што преостана. Освен државното складиште за жито и царинарниците, ниедна зграда не остана здрава, зашто сите куќи и јавни и приватни, потоа дворецот и манастирите се сосема уништени и разурнати од страшниот камшик што им го испрати господ.

Н. Клаиќ

II. Одговорете на следниве прашања:

1. Што се случило во Дубровник во 1667 година?
2. Какви биле последиците од земјотресот?
3. Каква стихија настапила по земјотресот?
4. Колку време траел пожарот?
5. Останала ли некоја зграда здрава?
6. Како го вика авторот земјотресот?
7. Што знаете за земјотресот во Скопје на 26 јули 1963 година?

8. Дали се случуваат земјотреси во вашата земја?
9. Раскажете накусо како сте доживеале земјотрес.

III. Изменете ги во минато определено свршено време следниве глаголи:

дојде, излезе, помоли, стане, купи, испее, наигра, дотрча, испрати, разгоре, се случи, разурне, остане, падне.

IV. Во речениците пополнете го празниот простор со соодветните глаголски форми во минато определено свршено време. Глаголите во основната форма се дадени во заграда.

1. Билјана и Анѓа ............... до вратата. (застане)
2. Анѓа ........... од страв. (писне)
3. Јас............ народна песна (испее)
4. Јас и сестра ми......... цвеќиња. (набере)
5. Децата......... раце кон мајките и тие ги ........ веднаш. (подаде, земе)
6. На клупата.......... двајца другари. (седне)
7. Стојан ........... покрај езерото. (прошета)
8. Ние добро ја ........... новата лекција. (научи)
9. Јас ............. интересна книга. (прочита)
10. Тој му ги ........... парите на човекот. (изброи)

14 Четиринаесет

## ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Јас, Вера, Благоја и нивното дете вчера бевме со брод во Струга.
2. Вера се одушевуваше најмногу од природните убавини.
   Јас читав книга на палубата и уживав на сонцето.
   Благоја често се загледуваше во брановите.
   Нивното дете се обидуваше да лови рипки со јадицата.
   Сите бевме задоволни и уживавме во убавините.
3. Завчера ти се возеше со кајчето по езерото.
   Тој ден и Стојан ловеше риби.
   Јас и Благоја вѐ гледавме од брегот.
   Вера и Марија исто така ве следеа од терасата на ресторанот.
4. Што правеше (правевте), колега Благоја, вчера?
   колешке Вера
5. Вчера јас долго време пишував писма.
   Вечерта малку шетав крај езерото.
   Потоа ги читав и ги учев новите лекции.
6. Синоќа ги слушав најновите вести на радио.
   Синоќа отидов кај еден пријател и ја гледав забавната програма на телевизија.
7. Кога ја пишуваше домашната задача, колега Благоја?
   Синоќа откако се прибрав во хотелот, ја пишував домашната задача.

Тогаш мојата сопруга го читаше весникот.
Нашето дете си играше со играчките, а потоа цела ноќ убаво спиеше.

8. Завчера го гледав првиот македонски филм.
Дали и ти го гледаше филмот "Солунските атентатори"?
Да, тој филм го гледав со моите охридски пријатели.

9. Дали вие, колеги, го гледавте овој филм?
Да, ние го гледавме филмот "Солунските атентатори".

10. Дали Марија и Стојан го гледаа филмот?
Да, ги забележав пред минатото, тие го гледаа филмот.

11. Пред два дни имав можност да слушам убав концерт од македонска народна музика.
А пак јас и Вера следевме сличен концерт по радио.

12. Што студираше минатата година, колега?
Минатата година студирав филозофија.
право.
медицина.
архитектура.
филологија.

13. Што студираше твојата колешка Вера?
Таа студираше право.
Што студираше колегата Стојан?
Стојан студираше медицина.
Дали ти и Благоја студиравте заедно филологија?
Точно, ние заедно студиравме филологија.
Дали Васил и Вера студираа исто филологија?
Не, тие не студираа филологија. Тие студираа архитектура.

14. Каде гледаше телевизија синоќа?
Синоќа гледав телевизија во хотелот.

15. Дали Вера слушаше радио?
Да, таа долго време слушаше радио и беше одушевена од македонските народни песни.

16. Со кого гледаше Марија телевизија?
Таа гледаше телевизија со мене.

17. Каде беше, колега Стојан, вчера попладне?
Вчера попладне бев кај моите пријатели и таму долго време игравме карти. Некои само ја набљудуваа нашата игра.

18. Што правеше Вера (Стојан) пред малку?
Вера (Стојан) пред малку се чешлаше.
се миеше.
зборуваше.
читаше.
готвеше ручек.
го разгледуваше весникот.
ги учеше новите зборови.
се одмараше.
пишуваше писма.

19. Го сретна ли Стојана вчера?
Да, го сретнав кога ручаше во ресторанот.

20. Што јадеше Стојан на ручек?
Тој јадеше пржена риба на охридски начин.

21. Зар не можеше колега да вечераш порано?
За жал, навистина не можев да вечерам порано.

22. Зар не можеше колешке да дојдеш вчера на излетот?
Жалам, но не можев да дојдам зашто бев болна.

23. Зар не можевте колеги да дојдете навреме на часот?
Навистина можевме да дојдеме порано, но го испуштивме автобусот.

24. Зар не можеше да ја видиш грешката досега?
го смириш детето?
им кажеш на луѓето за новоста?
им ги дадеш парите?
му ја поправиш грешката?

Жалам, но не можев да ја видам грешката.
го смирам детето.
им кажам на луѓето за новоста.
им ги дадам парите.
му ја поправам грешката.

25. Јас вчера сакав да зборувам со него, но не успеав.
Ти сакаше да го гледаш филмот, но не успеа.
Благоја му ја поправи грешката.
Ние сакавме да се сретнеме со нив, но не успеавме.
Вие сакавте видите успеавте.
Тие сакаа им ја̂ кажат веста, успеаја.

26. Јас морав да дојдам порано, но ти не мораше.
Благоја мораше да учи многу, а Вера сакаше да шета.
Ние моравме да влеземе пред него.
Вие моравте да ги совладате новите зборови.
Тие мораа да ги предадат парите во банката.

27. Денеска претпладне беше студено.
топло.
жешко.
магливо.
сончево.
ветровито.
пријатно.

28. Денеска имавме убав ден.
студен
топол
ветровит
сончев
маглив
пријатен

## 2. Значење и употреба

Со минатото определено несвршено време се искажува посведочено (а не прекажано) дејство во одвивање, што се случило во веќе спомената определен момент во минатото. Тој момент може да биде определен со друг глагол во минато време, со прилози и прилошки изрази што означуваат минатост, на пример: тогаш, вчера, завчера, во тој момент, некогаш и сл., односно може да биде само претпоставен но веројатен.

| |
|---|
| Синоќа Вера гледаше филм. |
| Вчера тој ловеше риби. |




Свршените глаголи во минатото определено несвршено време не идат самостојно во главната реченица, туку во истите оние врски во кои иде сегашното време од ваквите глаголи, т.е. со ќе, да, ако.

| |
|---|
| Ако влезеше кај него, ќе го разбудеше. |
| Да дојдеше вчера, ќе ти помогнев. |

Во таканаречените да-реченици првиот глагол може да се јави во минато определено несвршено време, додека глаголот што го носи главното значење на конструкцијата иде во сегашно време.

| |
|---|
| Тој овде идеше само да јаде. |
| Таа имаше право да влезе. |
| Вера сакаше да чита. |
| Ние не можевме да гледаме од него. |

### 3. Правопис

Кога општиот дел на глаголот завршува на вокал, во 3 л. мн. доаѓаат едноподруго три вокали. За да се олесни тешкиот изговор на вака натрупаните вокали, во сите вакви случаи се пишува сонантот j меѓу двата последни вокали.

| | | |
|---|---|---|
| пее | - пе-е-а | = пееја |
| труе | - тру-е-а | = труеја |
| спие | - спи-е-а | = спиеја |
| стои | - сто-е-а | = стоеја |

Кај глаголите од а-група во третото лице множина удвојува вокалот а: читаа, играа, станаа и сл.

Во изговорот двата вокала имаат слоговна вредност, т.е. станува збор за два рамноправни вокали, а не за еден долг вокал. Ова може да се потврди со акцентот. Имено, кај ваквите трисложни глаголски форми со негација, акцентот не преоѓа на негацијата. Од друга страна, акцентот преоѓа на негацијата од сличните двосложни глаголски форми на сегашното време 3 л.ед.

| минато определено несвршено време |
|---|
| играа - Тие не и́граа /не играа/ |
| читаа - Тие не чи́таа /не читаа/ |
| **сегашно време** |
| игра - Тој не́ игра /не игра/ |
| чита - Тој не́ чита /не чита/ |

ВЕЖБИ:

1. Изменете ги во минато определено несвршено време следниве глаголи, а потоа секој употребете го барем во една реченица: чита, седи, бере, оди, игра, живее, пишува, брои, труе, станува, прави, кажува, дава, се враќа.

Пример: читав читавме
читаше читавте
читаше читаа

Моите колеги пред малку добро ја читаа лекцијата.

II. Во речениците што се дадени подолу, пополнете го оставениот простор со соодветната глаголска форма во минато определено несвршено време. Основната форма на глаголот е дадена во заградите.

1. Синоќа долго време јас ______________ крај бреговите на Охридското Езеро. (шета)
2. Ние вчера ______________ нова лекција. (учи)
3. Марија и Вера претпладне ја ______________ книгата. (чита)
4. Ана Липша __________ во Охрид минатата година. (пее)
5. Воденицата ___________ постојано. (меле)
6. Пред малку ти ги ________________ парите. (брои)
7. Дали Вера и Марија _____________ радио вчера? (слуша)
8. Кој __________ телевизија синоќа? (гледа)
9. Дали Марија те __________ завчера? (фотографира)
10. Кому му __________ писмо? (пишува)

III. Прочитајте го текстот што следува и подвлечете ги сите глаголски форми во минато определено несвршено време:

Вчера бевме на излет. Всушност патувавме со брод до манастирот Свети Наум. Пиер седеше на палубата од бродот и се одушевуваше од убавините на околината и од прозирните води на езерото.

Тој ги гледаше рипките што пливаа во темно-сината вода, но нивните грациозни движења ни го привлекоа вниманието на сите, така што долго ги следевме во водата. Кога пристигнавме, јас и Џорџ го фотографиравме манастирот од сите страни. Манастирот се наоѓаше на такво место што ти се чинеше дека е откинато од рајот. Блиску до манастирот извираше реката Дрим и таа веднаш се влеваше во водите на Охридското Езеро.

Зузана пливаше долго време, а сите ние уживавме на песокот.

Со истиот брод се враќавме кон Охрид при месечева светлина. Тоа беше ретко убаво доживување, зашто сребрената месечева светлина им даваше волшебна убавина на сите нешта. Брановите се бркаа едни со други крај бродот, се распрскуваа во својата луда игра, а месечевата светлина се одбиваше и се раскршуваше од нивните 'рбети во разновидни нијанси.

Иако бевме уморени од напорниот ден, вечерта сите се чувствуваме задоволни поради незаборавните впечатоци што ги понесовме од Охридското Езеро и од манастирот Свети Наум, каде што пред повеќе од илјада години се развиваше првата словенска писменост.

IV. Одговорете на следниве прашања:

1. Кај бевме вчера на излет?
2. Кој седеше на палубата?
3. Каде извираше реката Дрим?
4. Што правеа брановите кога се враќавме?
5. Како се чувствуваше ти, колега, по враќањето?
колешке
6. Во кое време се враќавме?
7. Дали некој од вас фотографираше?
8. Каде се одбиваше месечевата светлина?
9. Каде се развиваше првата словенска писменост?

15 Петнаесет

## ПЕТНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Човекот живее одамна.
   далеку.
   овде.
   онде.
   недалеку.
   близу.
2. Човекот живее незабележано.
   скромно.
   динамично.
   расипнички.
3. Професорот зборува гласно.
   тивко.
   разбирливо.
   јасно.
   точно.
   неразбирливо.
   малку.
   многу.
   тешко.
4. Работникот работи сесрдно.
   упорно.
   до доцна.
   прецизно.
   брзо.
   чисто.
   многу.
   малку.

5. Возот доаѓа бавно.
брзо.
пополека.
наутро.
напладне.
навечер.
доцна.
сега.

6. Жената помина одавде.
отаде.
оданде.
наоколу.
среде.
скраја.

7. Детето стои простум.
молчешкум.
горе.
долу.
внатре.
надвор.
скраја.

8. Студентот влезе наеднаш.
брзо.
бавно.
трчаница.
молчешкум.
скришум.
таму.
ваму.

9. Од кога живеете овде?

10. Овде живеам полни три години.

11. Кој дојде вчера?

12. Вчера дојдоа брат ми и сестра ми.

13. Вие многу работите.

14. Учениците добро учат.

15. Прочитав ретко убава книга.
16. Никола многу убаво пишува.
17. Останете уште малку.
18. Не, благодарам имам многу работа.
19. Човекот зеде малку пари, жената помалку,
    а детето најмалку.
20. Елица дојде подоцна.
21. Милан ја научил убаво лекцијата, Никола поубаво,
    а Петре најубаво.
22. Професорот им ги даде неколкуте книги на студентите.
23. Што работиш сега?
24. Сега ја суредувам спалната.
    дневната соба.
    детската соба.
    кујната.
    бањата.
    претсобјето.
    балконот.
25. На годишен одмор одиме лете и зиме на море.
    езеро
    планина.
    бања.
26. Што има горе на таванот?
27. Горе на таванот има лустер.
28. Каде се наоѓа полицита со книги?
29. Полицата со книги се наоѓа лево од вратата.
30. Вие одете напред, а јас ќе одам назад.
31. Сите ќе одиме редум еден по еден.
32. Вака најлесно се пишува.
33. Така тешко се пишува.
34. Доста учевме, сега ќе се одмориме.
35. Веќе е време за ручек.
36. Уште не е време за вечера.

37. Многу зборуваме, а малку работиме.
38. Денеска ја исполнивме нормата.
обврската.
задачата.
39. Ноќеска сонував убав сон.
40. Летоска бев во Швајцарија.
41. Сврти ги чиниите ничкум.
42. Навидум сѐ изгледа едноставно.
43. Јас сум родум од Скопје.
44. Невестата стоеше просѕум.
45. Луѓето одеа кр̥ткум.
46. Тој ме погледна скришум.
47. Борците се бореа машки и јуначки.
48. Јас си работам по старо, а младите по ново.
49. Факултетот е близу до Универзитетската библиотека, а далеку од центарот.
50. Заврти го палтото опаку.
51. Ова е опако дете.
52. Почекај го, тој бргу ќе се врати.
53. Ти реков двапати.
54. Не зборувај на бавтана.
55. Работата се врши молчешкум.
56. Отсега ќе зборуваме често македонски.
57. Набргу ќе ги совладаме сите тешкотии.
58. Приквечер ќе излеземе на прошетка.
59. Ја сврши работата згора́-згора.
60. Тој доаѓа кај нас одвреме навреме.
61. Го викнав еднаш, но не ме чу.
62. Добрата работа се плаќа двојно и тројно.
63. Потем неколку дена ќе отпатуваме дома.
64. Таму нѐ очекуваат нашите најмили.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. <u>Прилози</u>

Прилозите во реченицата најчесто идат со глаголите и го објаснуваат поблиску глаголското дејство по некоја околност или качество.

| | |
|---|---|
| вчера пристигна | - време |
| овде помина | - место |
| многу учи | - количество, степен |
| убаво пее | - качество |

Поретко прилозите одат со придавки, со други прилози или со именки.

| | |
|---|---|
| Свршив ретко важна работа. | Со придавка |
| Ученикот многу убаво пишува. | Со друг прилог |
| Денес имам многу работа. | Со именка |

Прилозите се најчесто неменливи. Имаат само една форма. Меѓутоа неменливоста не им е апсолутна. Некои прилози можат да се степенуваат и да се членуваат.

| | |
|---|---|
| Милица дојде подоцна.<br>Милица дојде најдоцна. | степенување |
| Повеќето од присутните со внимание слушаа. | членување |

## 2. Значење на прилозите

Прилозите служат како определби на глаголското дејство по време, место, начин (качество), количество, степен.

| прашања за откривање на прилозите | примери | вид |
|---|---|---|
| Кога? | вчера, сега, лете, денес(ка) ноќеска, летоска, навечер, довека | време |
| Каде? | овде, горе, долу, лево, надвор назад, напред, здола, скраја, таму | место |
| Како? На кој начин? | вака, викум, збогум, редум, тешно, лесно, силум, часум, навидум, ничкум, па'тем, простум, молчешкум | начин качество |
| Колку? Во колкава степен? | многу, уште, доста, веќе, малу, трошка, мрва, најмногу, еднаш, двојно, двапати, довално, многу | количество и степен |

По своето потекло прилозите се излачувале од полнозначните зборови (именки, заменки, придавки, глаголи). На пример прилогот скраја е стар генитив од именката крај со предлогот с, прилозите простум, скришум се остатоци од старата деклинација на придавките, прилогот молчешкум произлегува од глаголска основа, додека кога, сега, овде онде, вака потекнуваат од заменки, а еднаш, двојно, двапати се по потекло броеви.

3. Правопис

За да се избегне омонимијата меѓу прилозите и придавките, извршено е формално диферечцирање на прилозите од придавките. Кај прилозите се јавува у место о од придавката.

| придавка | прилог |
|---|---|
| мало | малу |
| блиско | блиску |
| опако | опаку |

Со прилошка функција можат да се употребат и придавките со предлогот по. Притоа зборот по се пишува одделно.

| |
|---|
| по ново, по старо, по турски |

Сложените прилози во својот состав обично содржат предлог + друг збор и се пишуваат слеано.

| | | |
|---|---|---|
| отсега | одеднаш | однадвор |
| одавде | одозгора | набргу |
| одблизу | оттука | потоа |
| отстрана | оттаму | приквечер |

Сложените прилози во кои во служба на наставка се јавува именката пат се пишуваат слеано.

| | |
|---|---|
| некојпат | двапати |
| никојпат | трипати |
| секојпат | петпати |

Правописни разлики се јавуваат кај одделни сложени прилози. Имено доколку ги изговараме со еден акцент се пишуваат слеано, а доколку примаат логички акцент на двата дела, се пишуваат со цртичка.

| Со еден акцент | Со логички акцент |
|---|---|
| пошто́зашто | по́што-за́што |
| малку́многу | ма́лку-мно́гу |
| едно́чудо | е́дно-чу́до |
| саму́таму | са́му-та́му |
| туку́речи | ту́ку-ре́чи |

Со цртичка се сврзуваат и сложените прилози што се образувани со дуплирање на исти прилог или со некој дел.

| | | |
|---|---|---|
| бргу́-бргу | згора́-згора | лека-по́лека |

## ВЕЖБИ

I. Кон следниве глаголски форми одберете соодветни прилози:

<u>оди</u>, <u>чита</u>, <u>пее</u>, <u>пишува</u>,

<u>сврти</u>, <u>лежи</u>, <u>готви</u>, <u>учи</u>

II. Откријте ги прилозите во следниов текст.

Веќе е добро смрачено. Некои мајки викаат од портите или од дворовите. Децата се збираат купче, провлекуваат напевно: сите дома на попара, дури мајка не окара, дури татко не запали цигара, - и се растураат. Сокачето по нив веднаш э иолчува.

Блаже Конески

III. Во речениците дополнете го празниот простор со соодветен прилог.

1. Пријателот ........................ се насмевна.
2. Детето се шантраше божем .............. покрај излогот.
3. Студентката стоеше ............ среде улицата.
4. Сите .......... ќе одиме на годишен одмор.
5. ........... сонував непријатен сон.
6. ........... очекуваме пријатни вести од дома.
7. Пакетот отвори го ............
8. Работите се вршат ............
9. ............... сѐ изгледаше ..........
10. Мајката го искара ............. детето.
11. Погледни што има ..........
12. Другарот ми ги зеде книгите ...........

IV. Прочитајте дел од текстот:

<u>Срце расечено надве</u>

Покрај урнатините на куќата, веќе трети ден стои една жена и чека, гледајќи тапо пред себе во купот напластени бетонски плочи што се притиснале една врз друга, во луѓето изјазени преку урнатините што ги раскопуваат. Очите одамна ја одрониле последната солза, усните подгореле од жед и исцедени крикови;

од нив веќе не излегува ни клетва ни молба, само повремен сув и повторуван шепот, никому неупатен; зашто веќе сите луѓе насобрани околу знаат се - и дека двете нејзини деца дошле во куќата на гости кај сестра и, и дека веќе се извадени мртви сите од сестрината фамилија, само нивната судбина е неизвесна, на тие две деца, младич и девојка, чии фотографии ги држи во рацете кутрата жена во црнина.

"Има уште живи под урнатините"рече некој и тоа ги тера луѓето да се собираат и да исчекуваат. Тоа е и за жената последна надеж, едно потстегање околу срцето, што ѝ ги шири зениците и во свеста ѝ отвора една светла врвица по која се управува, загледана кон урнатата куќа. Луѓето околу неа тихо вреват, но таа не ги слуша, ниту се свртува да ги погледа.

Јован Бошковски

16 Шеснаесет

ШЕСНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Колега Благоја, дали си ја прочитал новата лекција?
   сфатил
   совладал
   научил

   Колешке Вера, дали си ги разбрала новите зборови?
   научила

2. Да, веќе сум ја прочитал новата лекција.
   сфатил
   совладал
   научил

   Да, веќе сум ги разбрала новите зборови.
   научила

   Не, уште не сум ја прочитал новата лекција.

   Не, уште не сум ги разбрала новите зборови.

3. Си сретнал ли, колега, нови зборови во оваа лекција?
   сретнала колешке

   Не, во оваа лекција досега не сум сретнал нови зборови.
   сретнала

4. Кој не ја напишал домашната работа?

   Јас не сум ја напишал домашната работа.
   напишала

   Благоја не ја напишал домашната работа.
   Вера напишала

   Јас и Вера не сме ја напишале домашната работа.

   Ти и Стојан не сте ја напишале домашната работа.

   Вера и Стојан не ја напишале домашната работа.

5. Синоќа сум седел и сум читал до 12 часот.
седела и сум плетела до 12 часот.
седела и сум го доплела пуловерот.
Синоќа сум седел и сум ја учел долго новата лекција.
научил добро новата лекција.
седела учела
научила

6. Петре ми кажа дека вчера си ги читал последните лекции.
прочитал
читала
прочитала

7. Вера ми кажа дека ти си пишувал писма.
пишувала
Благоја испратил писмо.
Марија испратила писмо.

8. Сте го разгледале ли веќе Охрид?
Да, ние веќе сме го разгледале Охрид?
Не, уште не сме го разгледале Охрид.

9. Дали Стојан ја посетил црквата Света Софија?
Марија посетила
детето посетило
Да, мислам дека Стојан ја посетил црквата Света Софија
Марија посетила
детето посетило

10. Колега Володе, дали си бил и другпат во Македонија?
Не, колега, другпат не сум бил во Македонија.

11. Кога си била последен пат во Скопје, колешке Вера?
Во Скопје сум била пред два дни.

12. Кога си јал последен пат?
јала
сте јале
Последен пат сум јал утринава.
јала
сме јале

13. Си јадел ли некогаш македонски специјалитети?
јадела
Сте јаделе

Да, во Македонија честопати сум јадел специјалитети.

јадела

сме јаделе

14. Кој колега му ја дал книгана на Благоја?

Која колешка дала

Кои колеги дале

Колегата Стојан му ја дал книгата на Благоја.

Колешката Марија дала

Стојан и Марија дале

15. Тој вечра се вратил од Скопје.

Стојан ми рече да си му ја врател книгата.

16. Кој ја зел книгата од рафтот?

Не знам, јас не сум ја зел книгата од рафтот.

Дали некогаш си земал книги од него?

Да, често сум земал книги од него.

17. Колешке Марија, си дошла ли порано во овој град?

Не, никогаш порано не сум дошла во овој град

Кога дошле гостите кај вас?

Тие дошле кога си отидовме ние.

Да дојделе малку порано, ќе се сретневме.

18. Кој ја знаел приказната?

Јас добро сум ја знаел порано приказната.

знаела

Петре добро ја знаел порано приказната.

Марија знаела

Детето знаело

Ние добро сме ја знаеле порано приказната.

Вие сте

Тие добро ја знаеле порано приказната.

19. Кога си се запознал со неа?

Со неа одамна сум се запознал.

Кога ја распознал сестра си, тие се прегрнале.

Човекот ја дознал вистината и си заминал.

20. Жената набрала многу цвеќиња во градината.

Благоја избрал неколку слики и ги купил.

Девојчето долго време берело цвеќиња во ливадата.

21. Жената перела во дворот.
Кога ги испрала алиштата, ги оставила да се сушат.
22. Кога влегле во селото, Турците исклале многу луѓе.
Некои од нив колеле без да одбираат.
23. Детето ја надуло топката и истрчало надвор да игра.
Топката се скинала и неколку деца повторно ја дуеле.
Пред да излезат сите се обуле.
24. Благоја се облекол, жена му се облекла и заедно излегле.
Да се облечел побрзо, немаше да задоцни.
25. Човекот пресекол една гранка од дрвото и си заминал.
Ако пресечел две гранки, ќе го фател шумарот.
26. Откако влегол во собата, видел дека нема никој.
Да влезел порано, ќе ја нашол жената.
27. Ноќеска сум станал на сон и сум почнал да викам.
28. Благоја влегол во продавницата и купил кошула.
Марија влегла купила чевли.
Тие влегле купиле облека.
Да влезел порано, ќе ме нашол и мене таму.
29. Откако испил две чашки пиво, Благоја си излегол.
И Марија ја допила чашата.
Секој ден Благоја пиел пиво во истиот ресторан.
Марија пиела само вода.
30. Детето се загубило и се расплакало.
Детето долго време плачело на улицата.
31. Благоја станал од столот и брзо излегол на улица.
По него станала и Марија.
Да станеле малку порано, ќе се сретневме на улица.
32. Марко ја испеал најновата песна.
Потоа сите ја пееле песната.
33. Не се сеќавам кога сме запреле.
Овде редовно сме запирале да се одмориме.
34. Воденичниот камен го мелел житото цел ден.
Воденичарот го сомлел сето жито до вечерта.
35. Фурнаџијата испекол две фурни леб таа ноќ.
Жената ја испекла погачата под вршник.
Лебот се печел цел час.
Погачата се печела цел час.

36. За време на поплавата реката Вардар истекла од коритото.
Реката Вардар отсекогаш течела бурно низ коритото.
37. Кој ја донесол оваа книга?
Книгата ја донесла една од колешките.
Си носел ли некогаш шарена кошула?
Не, јас сум носел само бела кошула досега.
38. Ваква убавина досега никогаш не сум видел.
Колешке Марија, дали си го видела колегата Јован?
Не, колегата Јован денеска не сум го видела.
39. Кога му ги давала парите, службеничката полека му ги
избројала на човекот.
Тој ги зел парите и ги броел уште еднаш.
40. Огнот весело си горел во огништето.
Откако изгореле дрвата, тој дотурил нови и огнот пак
се распалил.
41. Кравата навлегла во шумата.
Да влезела во нивата, тој ќе ја избркал.
42. Благоја му ги дал тетратките на Марко.
Марија ми рече да си ми ги дадел и книгите.
43. Кога идев во Охрид сум се качил во погрешен автобус.
Да сум се качел во вистинскиот, ќе стигнев навреме.
44. Жената паднала и не можела да стане.
Благоја можел да ме праша за тоа.
Тие не можеле да пристигнат навреме.
45. Благоја требало да ги покани кај нас.
Марија требало да влезе веднаш.
Благоја морало да остане в болница.
Марија морало да замине веднаш.
46. Колегите сакале да ме посетат.
Благоја сакал да ѝ помогне на Марија.
Марија сакала да отиде кај него.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. <u>Минато неопределено време</u>

Минатото неопределено време е сложена глаголска форма.

Тоа се образува со формите на помошниот глагол <u>сум</u> во сегашно време и <u>л</u>-формата на глаголот што се менува.

Зависно од тоа дали во неопределеното време е употребена свршената или несвршената л-форма, тоа се јавува во две разновидности: минато неопределено свршено и минато неопределено несвршено време. Значи, соодносот е ист како кај простите определени времиња, а разликата се пројавува преку основниот вокал на л-формата кај глаголите што имаат по две форми: (ис)пил - пиел, односно преку префиксот кај глаголите што се јавуваат само со една л-форма: прочитал - читал, извикал - викал.

| | свршено | несвршено |
|---|---|---|
| вика | Благоја извика силно.<br>Благоја извикал силно. | Благоја викаше долго.<br>Благоја викал долго. |
| пие | Благоја испи пиво.<br>Благоја испил пиво. | Благоја пиеше пиво.<br>Благоја пиел пиво. |

Минато неопределено свршено време

| а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|
| единина | | |
| 1 л. сум извикал | сум минал, испил | сум изодил |
| 2 л. си извикал | си минал, испил | си изодил |
| 3 л. извикал | минал, испил | изодил |
| множина | | |
| 1 л. сме извикале | сме минале, испиле | сме изодиле |
| 2 л. сте извикале | сте минале, испиле | сте изодиле |
| 3 л. извикале | минале, испиле | изодиле |

## Минато неопределено несвршено време

| а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|
| еднина | | |
| 1 л. сум читал | сум минел, пиел | сум одел |
| 2 л. си читал | си минел, пиел | си одел |
| 3 л. читал | минел, пиел | одел |
| множина | | |
| 1 л. сме читале | сме минеле, пиеле | сме оделе |
| 2 л. сте читале | сте минеле, пиеле | сте оделе |
| 3 л. читале | минеле, пиеле | оделе |

Глаголската л-форма разликува три родови форми во еднината и една во множината, што се изведуваат со наставките: -л, -ла, -ло, -ле - викал, викала, викало, викале.

Со субјект во прво или второ лице еднина (изразен или неизразен) говорителот ја одбира л-формата според родовата припадност: (јас) сум читал (машки род), (јас) сум читала (женски род) додека во третото лице има согласување по родот меѓу субјектниот збор и прирокот: тој (човекот, колегата) читал, таа (жената, колешката) читала, тоа (детето) читало.

Забелешка: Во третото лице еднина и множина при промената на глаголот во минатото неопределено време, формите на помошниот глагол е, се отпаѓаат од парадигмата, така што л-формата: читал, читала, читало, читале сама по себе ги изразува значењата на ова време, т.е. е лично определена.

### Употреба и значење

Минатото неопределено време служи за искажување на дејство што се случило воопшто во минатото, т.е. неговото извршување не се сврзува со некој определен момент, така што резултатот од дејството е насочен кон моментот на зборувањето.

| | |
|---|---|
| минато определено свршено време | Вчера ја научив лекцијата. |
| минато неопределено свршено време | Вчера сум ја научил лекцијата. |
| минато определено несвршено време | Вчера ја учев лекцијата. |
| минато неопределено несвршено време | Вчера сум ја учел новата лекција. |




Свршените глаголи во минато неопределено несвршено време не идат самостојно во главната реченица, туку во истите оние врски како и соодветните форми на определените времиња, односно со ќе, да, ако.

| | |
|---|---|
| свршено време | Благоја дојде сега.<br>Благоја дошол сега. |
| несвршено време | Да дојдеше порано Благоја, ќе го видев.<br>Да дојдел порано Благоја, ќе го видев. |

Прашање поставено во минато неопределено време обично повлекува и одговор во ова време.

| |
|---|
| Дали си ја прочитал книгава?<br>Да, сум ја прочитал. |

Директно кажување и прекажаност

Формите на минатото неопределено време можат да се искористат за директно кажување (дејство посведочено од говорителот) и за прекажување (дејство што не е посведочено од говорителот, ами чуено или восприемено од некој друг).

Најобично е првото лице да се искористи за директно кажување, а пак третото лице за прекажување.

| директно кажување | прекажаност |
|---|---|
| Ноќеска сум учел до 2 часот. | Ноќеска сум станал на сон. |
| Ноќеска учев до 2 часот. | |
| Знам дека си ми рекол веќе. | Ми кажаа дека си му дал пари. |
| Знам дека ми рече веќе. | |
| Вера пристигна навреме. | Вера пристигнала навреме. |
| Ја читаа лекцијата. | Ја прочитале лекцијата. |

## 2. Образување на л-формите

Глаголите што не покажуваат разлика во основниот вокал при изведувањето на простите минати определени времиња (свршено и несвршено), се јавуваат само со една л-форма, на пример глаголите од а-група: прочитал - читал.

Кај глаголите што при образувањето на минатите определени времиња се јавуваат различни основни вокали, разликуваат по две л-форми (свршена и несвршена): изнесил - носел.

Глаголите од е-група, о-раздел на кои општиот дел во минатото определено свршено време им завршува на согласките к, г, с, во свршената л-форма го задржуваат основниот вокал о само во формата за машки род.

| | свршена л-форма | несвршена л-форма |
|---|---|---|
| рече, реков | рек-о-л | (да) реч-е-л |
| | ø-ла | |
| | ø-ло | |
| | ø-ле | |
| пече, пеков | пекол,-ла, -ло, -ле | (да) печел |
| облече, облеков | облекол,-ла, -ло, -ле | (да) облечел |
| сече, секов | секол, -ла, -ло, -ле | (да) сечел |
| тече, теков | текол, -ла, -ло, -ле | (да) течел |
| влезе, влегов | влег- )-л | (да) влез-е-л |
| | ø-ла | |
| | ø-ло | |
| | ø-ле | |
| може, могов | могол, -ла, -ло, -ле | (да) можел |
| донесе, донесов | донес-о-л | (да) донес-е-л |
| | ø-ла | |
| | ø-ло | |
| | ø-ле | |
| тресе, тресов | тресол, -ла, -ло, -ле | (да) тресел |
| пасе, пасов | пасол, -ла, -ло, -ле | (да) пасел |

Глаголите од е-група, о-раздел на кои општиот дел во минатото определено свршено време им завршува на согласките д и т, наставките за изведување на свршената л-форма ги приклучуваат директно на општиот дел по отпаѓањето на согласките д и т.

| | | |
|---|---|---|
| даде, дадов | дад-ø-л<br>дал, дала, дало, дале | (да) дад-е-л |
| јаде, јадов | јал, јала, јало, јале | (да) јадел |
| преде, предов | прел, прела, прело, преле | (да) предел |
| плете, плетов | плет-ø-л<br>плел, плела, плело, плеле | (да) плет-е-л |
| срете, сретов | срел, срела, срело, среле | (да) сретел |

Глаголите на кои општиот дел им завршува на вокал, свршената <u>л</u>-форма ја образуваат со додавање на наставките направо кон општиот дел.

| | Свршена л-форма | Несвршена л-форма |
|---|---|---|
| чуе, чув | чу-ø-л | (да) чу-е-л |
| | чул, чула, чуло, чуле | |
| обуе, обув | обул, обула, обуло, обуле | (да) обуел |
| пие, пив | пил, пила, пило, пиле | (да) пиел |

<u>Посебни случаи</u>

| | Свршена л-форма | Несвршена л-форма |
|---|---|---|
| иде | ишол, ишла, ишло, ишле | (да) идел |
| појде | пошол, пошла, пошло, пошле | (да) појдел |
| дојде | дошол, дошла, дошло, дошле | (да) дојдел |
| најде | нашол, нашла, нашло, нашле | (да) најдел |
| биде | бил, била, било, биле | (да) бидел |
| земе | зел, зела, зело, зеле | (да) земел |
| види | - - | (да) видел |
| знае | - - | (да) знаел |
| запознае | запознал, запознала, запознало, запознале | (да) запознаел |
| дознае | дознал, дознала, дознало, дознале | (да) дознаел |
| бере | (на) брал, -ла, -ло, -ле | (да) берел |
| дере | (о)драл, -ла, -ло, -ле | (да) дерел |
| пере | (ис)прал, -ла, -ло, -ле | (да) перел |
| коле | (ис)клал, -ла, -ло, -ле | (да) колел |
| постеле | послал, -ла, -ло, -ле | (да) постелел |
| меле | (со)млел, -ла, -ло, -ле | (да) мелел |

## 3. <u>Редот на зборовите</u>

Помошниот глагол редовно иде пред <u>л</u>-формата, сеедно дали ова време е употребено во почетокот или во средината на реченицата.

| |
|---|
| Сум прочитал многу книги досега. |
| Кога си влегла во собава? |

Негацијата не и прашалната честица дали идат редовно пред формите на минатото неопределено време, додека честицата ли иде зад нив.

| |
|---|
| Овие денови не сум го сретнал Благоја. |
| Дали сте влегле во музејов? |
| Си ја читал ли оваа книга? |

Кратките заменски форми за директен и индиректен предмет, како и повратните заменски форми се, си редовно идат меѓу помошниот глагол и л-формата.

| |
|---|
| Сум ја читал книгава внимателно. |
| Вие сте им дале доволно пари на децата. |
| Ти веќе си му ја дал книгата на Благоја. |

ВЕЖБИ

I. Во вашите тетратки напишете самостојно реченици во кои ќе ги искористите глаголите дојде, влезе, плете, даде, седне, биде, знае, измие, чита, разбере во минато неопределено време.

Пример: Жена му дошла по два дни во Охрид.

II. Подолу следуваат реченици во потврдна форма. Препишете ги истите реченици во вашите тетратки, но во одречна форма.

1. Вие сте го викнале лекарот.
2. Благоја ја купил сликата евтино.
3. Марија и Вера пристигнале во Охрид вчера.
4. Селаните излегле пред портите.
5. Детето ѝ го отстапило местото на една жена.
6. Жените переле во дворот.

7. Колешната ја донесла брзо книгата.
8. Колегата ја разбрал лекцијата.
9. Фурнаџијата го испекол лебот рано.
10. Благоја ги обул чевлите веднаш.

III. Подолу следуваат реченици во потврдна форма. Препишете ги истите реченици, но во прашална форма.

1. Ти си бил кај нас.
2. Вие сте дошле заедно.
3. Вера ја прочитала лекцијата.
   научила
   разбрала
4. Марко ја учел лекцијата.
   читал
5. Ти си ја чул веќе новоста.
6. Марија ја дознала тајната.
7. Домаќинката љубезно ги пречекала гостите.
8. Тогаш сум станал од кревет.
9. Ти си нашол пари на улица.
10. Таа пристигнала со првиот автобус.
    се вратила
    дошла
    Тој пристигнал со првиот автобус.
    се вратил
    дошол
    Детето пристигнало со првиот автобус.
    се вратило
    дошло

IV. Во речениците што следуваат искористете го минатото неопределено време на празниот простор. Основната форма на глаголот е дадена во заградите.

1. Милан не го најде весникот на масата. Некој го ____. (земе)
2. Тогаш ми рекоа дека __________ од креветот. (падне)
3. Дали ____________ кај нив дома некогаш? (влезе, ти)
4. Марија ги __________ парите на масата. (заборави)

5. Таа сигурно ____________некаде. (излезе)
6. Ние ______________многупати кај вас. (дојде)
7. Тие не им ____________ништо на луѓето. (каже)
8. Колку пари си _______________за оваа слика? (даде)
9. Кој ______________вчера на излет? (биде)
10. Вие _______________старите пријатели. (најде, ги)

17 Седумнаесет

СЕДУМНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Слушајте ме сега сите внимателно, ќе ви ја прочитам
   новата лекција.
   Чуј ме добро Благоја, ги разбра ли сите зборови?
   Вера
   Слушнете ме сите уште еднаш. Повторувам!
2. Колега Марко, ајде продолжи сега ти!
   Колешке Вера
3. Ве молам, ајде сега ти и Вера повторете ја оваа
   реченица.
   читајте едноподруго.
   тој и Вера нека читаат едноподруго.
4. Разгледајте ја полека лекцијата и кажете ми, ве
   молам, дали има нејасни зборови.
5. Добро. Повторете ми ги уште еднаш нејасните зоорови.
   Колега Благоја, објасни му го зборот <u>еднoподруго</u>
   на колегата.
6. Колега читајте!
   Добро, престанете!
   Сега Вера нека чита.
   Продолжи колега Марко.
   колешке Марија.
   Продолжете двајцата еднoподруго.
   Нека продолжат Олга и Благоја.

7. Да читаме сега сите заедно на глас.
Да читам јас! Добро!
Нека чита колегата до тебе.
8. Ве молам, читајте потивно.
Ве молам, читајте погласно.
9. Ве молам, сега правете што ќе ви речам: Отворете ги најпрвин тетратките, слушајте ме внимателно и запишете ги сите непознати зборови.
Колега Благоја, повтори го уште еднаш овој збор.
Научете се добро да ги изговарате зборовите.
Колешката нека ја прочита првата реченица. Добро е.
Само ве молам немојте да чи̓тате толку гласно. Доволно е, прекинете.
10. Вера и Благоја мирно одеа по улицата и разговараа, но Благоја ненадејно застана, се загледа кон езерото и рече:

- Застани малку Вера, да видам подобро, а гледај и ти, нели не се лажам: бродот веќе се враќа од Свети Наум.
11. Во ресторанот Олга му рече на Марко:
- А сега напиј се тиквешко црно вино, многу е убаво.
- Добро! Да пиеме тогаш заедно!
12. Вера ја слушна касиерката кога ѝ рече:
- Пребројте си ги парите пред да ги приберете.
Касиерката му се обрна на следниот:
- Пребројте му ги, другар, парите на старецов.
детево.
ѝ женава.
13. Некој почука на вратата.
- Влезете! - Се слушна гласот на Благоја.
14. Ве молам, раскажете ми ги накусо вашите впечатоци од вчерашниот излет.
15. Колега Благоја, повели на таблата и напиши ја оваа реченица.
Нека излезе Стојан и нека ја провери реченицата.
Нека дојдат овде и Стојан и Вера.
Колега Стојан, кажи им на сите како треба правилно да гласи реченицата.

Стојане и Вера,изговорете им ја правилно реченицата на колегите.

Олга и Марко нека им ја изговорат правилно реченицата на колегите.

16. Немој да читаш повеќе колега Благоја! Престани!

Не читај повеќе колега Благоја! Престани!

Читај понатаму колега Благоја! Немој да престанеш!

Читај уште колега Благоја! Не престанувај!

Немој да зборувате гласно!

Немојте да зборувате!

Немој да влезеш кај него пред да ти одобри!

Немој да влегуваш кај него пред да ти одобри!

Не влегувај пред да ти одобри!

17. Не зборувајте, ве молам.

Благоја, не викај толку силно!

Марко, не тропај со моливот!

Колеги, не тропајте низ ходникот!

18. Колега, гледај ме како го изговарам гласот <u>s</u>.

Дај ми ја малку тетратката.

Чекај го на ова место.

Чекај ја на ова место.

Мене остави ме крај патот.

Денеска напиши ги писмата.

Зборувај му за новите вести.

Кажи ѝ на жената за настанот.

Земи му податоци на детето.

Сега кажи ни што се случило.

Донеси ми чаша вода, те молам.

| | |
|---|---|
| Кажи ми ја вистината | мене. |
| му | на човекот. |
| | на детето. |
| ѝ | на жената. |
| ни | нам. |
| им | ним. |
| | на колегите. |

Гледајте ме како го изговарам гласот <u>ѓ</u>.

19. Да ме чекаш овде.
Чекај ме овде.
Да ме чекате овде.
Чекајте ме овде.
Да те чекам овде или таму?
Чекајте ме овде.
Да те чекаат овде или таму?
Нека чекаат таму, пред киното.
20. Дојдете утре кај нас на гости.
Доаѓај секој ден кај мене.
Доаѓајте почесто во овој убав град.
21. Не кажувај ми ја вистината, те молам.
Не кажуј
Не зборувај му за настанот.
Не зборуј
Пишувај си ја домашната работа, јас ќе си одам брзо.
Пишуј
Каупувајте весници во оваа продавница.
Купујте
22. Ти дојди со мене, а тие нека влезат во собата.
23. Ајде да одиме кај нив.
24. Кажи му и нему, те молам, да дојде попладне на предавањето.
25. Замоли го да отиде кај неа, многу е болна.
26. Помогни ми да го извлечам кајчево од водава.
Поможи
Ајде деца, поможете му на слепион да ја мине улицата.
27. Сакај ја својата работа.
Сакајте ја својата работа.
28. Вера ги гледаше љубопитно децата. Тие чинеа влези, излези во собата.
Тој чинеше: појди, врати се од пазар.
Јас чинев: тргни, врати се.
Тој чини кажи му, а Трајан избегај.

29. Немој да ја читаш книгата, здодевна е.
Не читај ја книгата.
Немој да го гледаш филмот, многу е развлечен.
Не гледај го филмот.
Немојте да играте овде дечиња.
Не играјте овде дечиња.
Немојте да ја отворате вратата, надвор е студено.
Не отворајте ја вратата.

30. Ела ваму Благоја.
Елате сите заедно кај мене.
Елате двајцата кај мене на гости.

31. Колега Благоја, биди внимателен при изговорот на зборовите.
Колешке Вера, биди внимателна
Дете, биди внимателно
Сега сите бидете внимателни, ќе ја прочитам повторно оваа лекција.

32. Ајде деца, сега спијте.
Луѓе, стојте малку да се одмориме.
Немој да талкаш низ пустите улици.
Не талкај низ пустите улици.
Немојте да талкате низ градот.
Не талкајте низ градот.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. <u>Заповеден начин</u>

Со формите на заповедниот начин се искажува заповед, желба или молба да се изврши она што го означува соодветниот глагол, т.е. говорителот само го изнесува својот личен став кон глаголското дејство дека сака да биде тоа извршено од соговорникот, т.е. од второто лице.

| |
|---|
| Прочитај ја оваа реченица.<br>Не читај ја таа реченица.<br>Немој да ја читаш реченицата. |

## Образување

Заповедниот начин има форми само за 2 лице еднина и множина. Во 1 и 3 лице единина и множина заповед може да се искаже само аналитички.

| |
|---|
| Сега да учам! |
| Нека дојде Благоја. |
| Нека влезат сите овде. |

За образување на заповедните форми кај глаголите од а-група се користат наставките -ј, -јте, што идат зад основниот вокал а.

| | |
|---|---|
| чита | чит-а-ј<br>чит-а-јте |

Кај глаголите од е-група и и-група заповедните форми се изведуваат на два начина:

- глаголите со општ дел на вокал, го губат основниот вокал е, односно и, така што наставките -ј, -јте се приклучуваат направо кон општиот дел на глаголот.

| | |
|---|---|
| пие | пи-ø-ј<br>пи-ø-јте |
| брои | бро-ø-ј<br>бро-ø-јте |

- Глаголите со општ дел на консонант заповедните форми ги образуваат без наставка во еднината, меѓутоа кај двете глаголски групи се јавува основниот вокал и, додека во множината кај двете глаголски групи се јавува основниот вокал е зад кој иде наставката -те.

| | |
|---|---|
| каже | каж-и-ø<br>каж-е-те |
| носи | нос-и-ø<br>нос-е-те |

Особени случаи

Глаголот <u>даде</u> образува неправилни заповедни форми со скратување на основата, така што наставките -<u>ј</u>, -<u>јте</u> идат на така скратената основа.

| | |
|---|---|
| даде | да-ј<br>да-јте |

Вака се изведуваат заповедните форми кај сите глаголи изведени од <u>даде</u>: <u>подај</u> - <u>подајте</u>, <u>задај</u> - <u>задајте</u>, <u>додај</u> - <u>додајте</u>, <u>предај</u> - <u>предајте</u>, <u>раздај</u> - <u>раздајте</u> и др.

Од глаголот <u>биде</u> заповедните форми гласат <u>биди</u>-<u>бидете</u>. Тие влегуваат обично во рамките на именскиот прирок.

| |
|---|
| Биди внимателен.<br>внимателна.<br>Биди трпелив.<br>трпелива.<br>Бидете сигурни. |

Од глаголот <u>држи</u> освен нормалните заповедни форми: <u>држи</u>-<u>држете</u>, во говорниот јазик се употребуваат и скратените форми: <u>држ</u> - <u>држте</u>.

Заповедно значење имаат и партикулите <u>ела</u> - <u>елате</u> со значење <u>дојди</u> - <u>дојдете</u>.

Дублетно се употребуваат нормалните и скратените заповедни форми кај глаголите на -<u>ува</u>: <u>пишувај</u>, <u>пишувајте</u> - <u>пишуј</u>, <u>пишујте</u>.

Аналитички форми

Заповедно значење за 1 и 3 лице еднина и множина може да се изрази само по синтаксички пат, т.е. со аналитичко сврзување на партикулите <u>да</u> и <u>нека</u> со формите на сегашното време од соодветниот глагол.

| | |
|---|---|
| јас да дојдам | ние да дојдеме |
| тој да дојде | тие да дојдат |
| тој нека дојде | тие нека дојдат |

Се разбира, на овој начин може да се постигне заповедно значење и кај 2 лице.

Партикултата нека е обична со 3 лице, додека партикулата да иде со сите лица.

Забелешка: Одречни заповедни форми од свршените глаголи се изведуваат со заповедната форма немој, немојте и сегашното време од соодветниот глагол. Меѓутоа, на овој начин можат да се изведуваат одречни форми и од несвршените глаголи, иако пообично е образувањето со негацијата не.

| свршени глаголи | несвршени глаголи |
|---|---|
| немој да дојдеш<br>немојте да станете | немој да доаѓаш<br>не доаѓај<br>немојте да доаѓате<br>не доаѓајте |

## 2. Редот на зборовите

Со формите на заповедниот начин личните заменки обично се испиштаат, зашто субјектот е наполно јасен од ситуацијата, а кога ќе се употребат најчесто идат во инверзија.

| |
|---|
| Влези внатре и чекај ме. |
| Влезете првин вие. |

Кратките форми на личните заменки за директен и индиректен предмет, односно рефлексивните форми се, си редовно идат зад формата на заповедниот начин.

| |
|---|
| Викни ме (го, ја, нè, ги) брзо! |
| Кажи ми (му, ѝ, ни, им) веднаш! |
| Врати се брзо! |
| Читај си во себе. |

Кога со формата на заповедниот начин идат двете кратки форми на личната заменка, поблиску до глаголот стои формата за дативен предмет, а зад неа за директен.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кажи | ми | ја | мене виотината. |
| | ни | | нас |
| | му | | нему |
| | и | | нејзе |
| | им | | ним |

3. Правопис и изговор

При допирот на сонатот ј од заповедната форма и од заменската форма ја, правописно се јавува удвојување на ј, додека во изговорот се врши упростување, така што обично се слуша само едно ј.

| правопис | изговор |
|---|---|
| Дај ја чашата овде. | даја |
| Читај ја лекцијата. | читаја |
| Пиј ја водата. | пија |

4. Акцент

Во потврдна реченица императивните форми се акцентираат како и сите други зборови: ка́жи — ка́жете; кажува́ј - кажу́вајте и сл.

Формите на заповедниот начин не идат во прашални реченици, зашто тоа е во спротивност со неговото основно значење.

Во одречните реченици пред заповедните форми се јаву-ва негацијата не, што влегува во акцентна целост, па кога има услови акцентот преоѓа на негацијата

| | |
|---|---|
| оди | не́‿оди |
| одете | не‿о́дете |
| читај | не́‿читај |
| читајте | не‿чи́тајте |

Кратките заменски форми за директен и индиректен предмет што идат зад заповедниот начин образуваат акцентни целости и во потврдната и во одречната форма.

| потврдна форма | одречна форма |
|---|---|
| Зéми‿ја цигарата. | Не‿чи́тај‿ја книгата. |
| Глéдај‿го дрвоно. | Не‿глéдај‿го филмот. |
| Ви́кни‿ја сега. | Не‿ви́кај‿ја сега. |
| Да́ј‿му‿ги парите. | Не‿дава́ј‿му‿ги парите. |
| Донеси́‿ми‿ја книгата. | Не‿носи́‿ми‿ја книгата. |

Кај акцентните целости од овој тип, акцентот може да се движи и да падне врз секој слог на заповедната форма, меѓутоа, никогаш не може да го напушти последниот слог.

ВЕЖБИ

I. Прочитајте ги овие стихови од македонскиот поет Кочо Рацин и подвлечете ги заповедните форми:

1. Роди се човек - роб биди
роди се човек - скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти.

за туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

за себе само ргај си
за себе маки тргај си
нижи си гердан денови
нижи си алки ковани.

ни́жи си синџир железен
околу вратот навезен.
(Денови)

2. По утрини росни, по мугрите пресни,
наведени ничкум по полињата родни
зачмаени ние го береме,
лист по лист кини

лист по лист нижи
лист по лист превртуј, притискај,
лист по лист милно, теговно ради
и на долга низа од капки пот
и надеж со клетва и зелена јад,
со корав поглед на очите матни
по кревките лисја жолтозлатни
прикаска горка на живот клет
нанижи безгласна а така јасна.
(Тутуноберачите)

II. Препишете го во вашите тетратки заповедните форми од овие пословици:

Збирај на младост, да имаш за старост.
Зло за зло не враќај.
Лежи лебу да те јадам.
Не кревај се на големо, да не паднеш на колено.
Старите наведуј се, младите расти, така врви веков.
Бегај од пијаниот како од улавиот.
Бори се со злото и викни го на помош доброто.
Не гледај му на капата. ами под капата.
Не плачи на туѓи гробишта.
Не прашај за лудо, само ќе се каже.
Не скрај со деца маштеница.
Не умри магаре, до зелена трева.
Не фали ми убавица, туку работница.
Попуј попе, ами и пооруј.

III. Изведете ги формите на заповедниот начин од глаголите: фати, избрише, пресмета, скине, фаќа, мине, минува, стои, разгледа, дуе, почека, бере, влегува, врати се, мие, пере, враќа се, прави, стави, стане.

Пример: фати - фатете (аналитички форми: да фатам
нека фати
да фатиме
нека фатат)

IV. Во речениците што следуваат, пополнете го празниот простор со соодветната форма на заповедниот начин. Во заградите е даден глаголот во основната форма.

1. Ве молам, сега ______________. (молчи)
2. ______________им ја новоста на колегите. (каже)
3. Ве молам, ________________потивко! (влегува)
4. Стојане ________________ѝ писмо на мајка ти. (напише)
5. Марко, ајде ________________во собата и _________ ми го оттаму весникот. (влезе, донесе)
6. Ве молам, ____________ ја внимателно црквата Света Софија, за утре да ми ги изнесете своите впечатоци. (разгледа)
7. Стојане ________________ја сам песната што ја научивме вчера. (испее)
8. Колеги, ______________со разговорите, часот започна. (престане)
9. Келнер, ______________ми ја листата на јадењата и _____________ ми една чаша тиквешко црно вино. (даде, донесе)
10. Ве молам, _________________си ги внимателно парите. (преброи)

V. Речениците што се дадени во потврдна форма, преоформете ги на разни начини во одречна:

1. Ајде колега влези.
2. Прочитајте ја оваа реченица.
3. Оди по него.
4. Застани овде.
5. Дај му ја книгава на колегата.
6. Кажете им ги најновите вести.
7. Влезете во собата.
8. Фати го детето.
9. Колеги молчете сега.
10. Читај ја лекцијата понатаму.

18 Осумнаесет

## ОСУМНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Би ја прочитал ли, колега Благоја, оваа книга за еден ден?
   прочитала — колешке Вера
   прочитало — вашето дете
   прочитале — сите ние
2. Јас мислам дека би ја прочитал таа книга за еден ден.
   прочитала
   Јас мислам дека нашето дете би ја прочитало таа книга за еден ден.
   Јас мислам дека ние би ја прочитале таа книга за еден лен.
3. Јас не би можел да ја прочитам таа книга за еден ден.
   можела
   Нашето дете не би можело да ја прочита таа книга за еден ден.
   Ние не би можеле да ја прочитаме таа книга за еден ден.
4. Јас не би ја прочитал таа книга за еден ден.
   прочитала
   Нашето дете не би ја прочитало таа книга за еден ден.
   Ние не би ја прочитале таа книга за еден ден.
5. Што мислиш, колега, дали би ја прочитал оваа книга до утре?
   колешке — прочитала
   Што мислите, колега, дали би ја прочитале оваа книга до утре?
6. Дали Марко би ја прочитал книгава за еден ден?
   Марија — прочитала
   ова дете — прочитало
   колегите — прочитале

7. Да, Марко би ја прочитал книгата за еден ден.
Не, Марко не би ја прочитал книгата за еден ден.
8. Што мислиш, дали би дошол Стојан со нас во Струга ако го поканиме?
Мислам тој би дошол ако го поканиме.
9. Колеги, дали би ме разбрале ако ви зборувам потивко?
Да, ние би те разбрале ако ни зборуваш потивко.
10. Дали Марија и Стојан би ме слушнале ако им викнам?
Не, тие не би те слушнале зашто се многу далеку.
11. Ако сакаш колега, вечерва би можеле да одиме в театар.
колешке кино.
на концерт.
12. Ако ни дозволите, јас и Олга вечерва би оделе на опера.
13. Ако не си слободна вечерва, колешке Вера, би можеле да одиме утре вечер на опера.
14. Навистина би сакал да одам в театар.
сакала
сакале да одиме
Навистина би сакал да одиме заедно в кино.
15. Би сакал ли и колегата Марко да одиме в театар?
сакала колешката Вера
сакале колегите
Да, јас би сакал да одиме в театар.
сакала
ние сакале
16. Ако не добиеме карти за вечерва, би можеле да земеме за утре.
17. Добро, но јас би претпочитал да одиме денеска.
претпочитала
ние претпочитале
18. Ако нема карти за в театар, би можеле да одиме в кино, се дава нов француски филм.
19. В ред, навистина би бил среќен да гледам добар француски филм.
20. Дали би дошла, колешке Вера, вечерва кај нас на гости?
Да, со задоволство би дошла.

21. Јас би бил мошне задоволен да можев да дојдам, но имам работа.

били задоволна

Ние биле задоволни

22. Јас вечерва не би одел в театар, да не ги земеше картите.

одела

Ние оделе

23. Колеги, дали утре би дошле кај мене на посета?

Не, колега, утре сме цел ден зафатени.

24. Колата ми се расипа и ако не ми ја поправат до утре, не би можел да тргнам навреме.

25. Не би сакал сам да патувам.

26. Ако имаат слободно време Стојан и Марија би можеле да одиме заедно во Скопје.

27. Би можел да навратам кај тебе ако сакаш.

Би ти бил благодарен.

Ќе ти бидам благодарен.

28. Би ја зел и Олга со мене да знаев кај живее.

29. Би можел ли да ми помогнеш малку колега, не го разбирам овој збор?

Навистина би ти помогнал, но ни јас не го разбирам.

30. Не знам што се случува низ светот - би требало да купам весник.

31. Да не сум зафатен, би дошол кај тебе.

бев

зафатена дошла

32. Денеска би одел в кино, но имам работа.

Вчера имав

33. Ако врне како вчера, би отишле со такси.

ќе одиме

Ако не одиме денеска, би можеле да одиме утре.

Ако не бидам зафатен утре, би одел со тебе в театар.

ќе одам

34. Не ми е добро, би требало денеска да одам на лекар.

35. Кој отиде в кино?

Благоја отиде в кино за да го гледа новиот филм.

Вера излезе в град за да купи тетратки.

36. Јас би требало да дојдам кај тебе.
Ти дојдеш кај мене.
Тој дојде
Ние дојдеме кај тебе.
Вие дојдете кај мене.
Тие дојдат

37. Кога би имал повеќе време, би дошол кај вас.
имала дошла
имале дошле

38. Јас би немал ништо против, ако патуваме заедно.
немала
Ние немале

39. Сега би сакал да разберам кога ќе дојдете.
сакала
сакале разбереме
Би сакал да ви ја кажам вистината.
Би сакала да позборуваме за некои работи.
Многу би сакал да ги видам вашите деца.
сакала
сакале да те видиме повторно.

40. Би ве замолил да ме услужите со вашата книга.
Би купил цигари да носев пари.
Ќе купев цигари да носев пари.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Можен начин

Формите на можниот начин во македонскиот народен јазик се среќаваат ретко, така што неговата употреба во литературниот јазик е засилена поради контактот со другите јазици.

Со формите на можниот начин се изразуваат претполагани или возможни дејства при определени услови односно желбени дејства.

Кај сложените реченици со подредена условна, можниот начин може да дојде во главната, меѓутоа сепак пообично е да се употребат формите со ќе, т.е. идното или минатоидното време.

| |
|---|
| Ако имам време, би го разгледал градот. |
| Ако имам време, ќе го разгледам градот. |
| Ако имав време, би го разгледал градот. |
| Ако имав време, ќе го разгледав градот. |

Пообично е да се изразува желбено значење со формите на можниот начин.

| |
|---|
| Со задоволство би станал лекар. |
| Би ја посетил ли со мене изложбата? |
| Би сакал да дојдам кај тебе. |

Забелешка: Можниот начин воопшто не може да се употреби во финалните реченици, во кои е сосема нормална употребата на сегашното време.

| |
|---|
| Во Македонија дојдов за да научам македонски. |
| не: да би научил |

Образување

Можниот начин се образува со партикулата би и л-формата од соодветниот глагол.

Кај можниот начин се јавува само по една форма во еднината и множината. Лицето на вршителот на глаголското дејство се определува со употребата на личните заменки, односно со субјектниот збор во третото лице.

Меѓутоа, бидејќи при неговото образување влегува л-формата, која во еднината разликува три родови форми граматичкото согласување по род меѓу подметот и прирокот се јавува само кај третото лице еднина: тој (човекот) би читал, таа (жената) би читала, тоа (детето) би читало, додека кај 1 и 2 лице еднина изборот на формата зависи од родовата припадност на вршителот јас би влегол (машки род), јас би влегла (женски род), јас би влегло (среден род); ти би влегол, ти би влегла, ти би влегло.

| а-група | е-група | и-група |
|---|---|---|
| јас би читал | Јас би станал, пеел | јас би одел |
| ти би читал | ти би станал, пеел | ти би одел |
| тој би читал | тој би станал, пеел | тој би одел |
| ние би читале | ние би станале, пееле | ние би оделе |
| вие би читале | вие би станале, пееле | вие би оделе |
| тие би читале | тие би станале, пееле | тие би оделе |

Од свршените глаголи не е толку обична употребата на несвршената л-форма со можниот начин, додека обратно од несвршените глаголи поретко се употребува свршената л-форма.

2. Редот на зборовите

Партикулата би никогаш не може да дојде зад л-формата, дури и во случаите кога реченицата започнува со можниот начин.

| |
|---|
| Би влегол во собата веднаш. |
| Би заспал за две минути. |

Негацијата не во одречните реченици и прашалната честица дали идат редовно пред формите на можниот начин, додека прашалната честица ли иде зад л-формата.

| |
|---|
| Тој не би читал по две книги на ден. |
| Дали би читал по две книги на ден? |
| Би читал ли по две книги на ден? |

Кратките заменски форми за директен и индиректен предмет, како и повратните заменски форми се, си одат редовно меѓу партикулата би и л-формата.

Би ти рекол да те сретнев.
Да беше убав, би го гледал филмот.
Би ти ја кажал вистината.
Колешката би се вратила брзо.
Кучето би си се вратило назад.

### 3. Акцент

Кај одречните и прашалните реченици кратките заменски форми опфатени меѓу негацијата, односно прашалниот збор и л-формата влегуваат во рамките на акцентната целост, а пак акцентот се движи во рамките на целоста доколку за тоа има услови.

Сега не́‿би‿зел ништо.
Не‿би‿му́‿рекол денеска за тоа.
Не‿би́‿рекол дека е така.
Не‿би‿му‿ја́‿дал книгата.
Што́‿би‿зел сега?
Што‿би́‿читал денеска?
Кој‿би́‿рекол дека е така?
Кога‿би́‿влегол овде?
Кој‿би‿ја́‿кажал вистината?
Кој‿би‿му‿ја́‿кажал вистината?

Во рамките на акцентните целости имаме отстапување од третосложното акцентирање, т.е. акцентот ќе падне на вториот слог од крајот на целоста доколку л-формата е едносложна, а пред неа иде некоја заменска форма.

| нормално акцентирање | отстапување |
|---|---|
| Сега не́‿би‿зел ништо. | Не‿би‿го́‿зел писмово сега. |
| Не́‿би‿дал толку пари | Не‿би‿му́‿дал пари за тоа. |
| Што́‿би‿зел овде? | Што‿би‿му́‿зел на човекот? |

ВЕЖБИ

I. Конструирајте самостојно реченици, во кои ќе ги искористите формите на можниот начин од глаголите: чита, пее, игра, раскаже, оди, сака, може, стане, покаже, влезе.

Пример: Таа ноќ би читала уште, но заспав.

II. На празниот простор во речениците што следуваат, поставете ја соодветната форма на можниот начин. Глаголот во основната форма е даден во заградите.

1. Ние ______________ низ прозорецот, но и тој беше затворен. (влезе)
2. Ако имам слободно време и јас ____________ утре со вас во Струга. (дојде)
3. ________________ да сум со вас. (сака)
4. Дали ________________ толку пари за овој накит? (даде)
5. __________________ нова кошула сега? (купи, ли)
6. __________________ нова кошула сега. (купи, не)
7. Ако читав уште ______________ лесно да заспијам. (може)
8. Кој ______________ новата лекција? (раскаже, ја)
9. ________________ денеска? (капе се, дали)
10. ________________ за оваа слика? (плати, колку)

III. Одговорете на овие прашања.

1. Би дошол ли со мене во библиотеката да учиме?
2. Дали би влегол во езерото сега?
3. Би могол ли да ми го повториш зборот ѓеврен?
4. Дали би сакала да одиме в театар заедно?
5. Дали колешката Вера би ја научила оваа лекција уште денеска?
6. Кој би сакал да ме придружува в театар?
7. Кога би тргнале во Охрид?
8. Колку време би останал во Скопје?
9. Би станал ли утре порано?

10. Дали би бил задоволен ако научиш добро македонски?
11. Каде би продолжил со учењето?
12. Колку време би го разгледувал Скопје?
13. Кога би дошол пак во Македонија?
14. Која колешка би дошла со тебе?
15. Би дошла ли, колешке, уште еднаш во Македонија?

IV. Препишете ги во вашите тетратки речениците што следуваат, меѓутоа, така што да ги уфрлите на соодветното место испуштените форми за директен и индиректен предмет:

1. Јас би кажал вистината на човекот.
2. Дали би поканил мене на гости кај тебе?
3. Жената би кажала на детето.
4. Ние брзо би вратиле парите на луѓето.
5. Тој би донел книгата на колешката брзо.
6. Дали би дал книгата малку.
7. Колку пари би дал на човекот?
8. Марија би кажала вистината тебе.
9. Никогаш не би открил тајната на Благоја.
10. Овој филм не би гледал.

Пример: Јас би му ја кажал вистината на човекот.

19 Деветнаесет

ДЕВЕТНАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

I. РЕЧЕНИЦИ

1. Оваа книга е за читање.
   учење.
2. Оваа хартија е за пишување.
   цртање.
   завиткување.
   фрлање.
   горење.
3. Со работење се постигаат успеси.
   учење
   трудење
   настојување
4. Со завршувањето на семинарот, ќе отпочнат патувањата за дома.
5. На одење се сети за поракатa.
   излегување
   влегување
6. Ве молам во автобусот влегувајте без туркање.
   викање.
   нервирање.
7. Стигнавме на изложба по затворањето.
8. Марија, кој се занимава со готвење во вашето семејство?
9. Кај нас готвењето (јадење) е работа на мајка ми.
   миењето (садови)
   чистењето (куќа)
   пеглањето (алишта)
   крпењето (облека)

10. Помага ли некој друг во вршењето на домашните работи?
11. Татко ми го врши купувањето леб.
месо.
зарзават.
овошје.
разни продукти.
12. Купувањето е на татко ми. Тој купува леб.
месо.
зарзават.
овошје.
разни продукти.
13. Какви јадења готви тетка Лепа?
14. Тетка Лепа готви многу вкусни јадења. Ние сме често нејзини гости.
15. Што бара госпоѓа Марковска од своите деца?
16. Госпоѓа Марковска од своите деца бара
природно однесување.
облекување.
зборување.
држење.
17. Одите ли често на прошетка?
18. Одењето на прошетка и излегувањето од дома за мене е секојдневна потреба.
19. Што прават студентите кога доаѓаат во лабораторијата?
20. Едно влегување во лабораторијата, студентите се зафаќаат со работа.
21. Што сториме чекање, а гостите уште ги нема.
22. Другарке Младеновска, се договоривте ли за утрешниот состанок?
23. Се разбира. Договарањето заврши брзо. Сѐ ќе биде во најдобар ред.
24. Како му оди пишувањето на книгата на другарот Младеновски?
25. Па, оди некако, иако пишувањето книги не е лесно.
26. Бранко, оди купи леб и млеко!
27. Какво ти одење! Сега играм и играњето ми е поважно.

28. Чичко Трајко и чичко Јован одат во Општинското собрание.
    Чичко Трајко да земе решение за стан, а чичко Јован уверение за семејната положба.
29. Кога ќе биде венчавањето на младенците?
30. Венчавањето на младенците ќе биде в недела.
31. Што ќе има вечер во клубот?
32. Вечерва во клубот ќе има прожектирање на филмот "Републиката во пламен".
33. Што се предвидува за наредните денови?
34. За наредните денови се предвидува гостување на артистите носители на главните улоги во филмот.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Глаголска именка

Глаголската именка се образува од несвршените глаголи со наставката -ње. Оваа наставка се сврзува со оснсвните вокали а, е и тоа за глаголите од а група основниот вокал е а, а за глаголите од и и е група основен вокал е е.

| | | |
|---|---|---|
| бега | - | бегање |
| носи | - | носење |
| спие | - | спиење |

Во народниот јазик има минимален број глаголски именки со наставка -ње а што се изведени од свршени глаголи. Спореди: крсти - крштење, венча - венчање.

Во литературниот јазик глаголските именки од свршени глаголи се образуваат со наставката - ние и тие означуваат апстрактни поими.

| | | |
|---|---|---|
| реши | - | решение |
| увери | - | уверение |
| соопшти | - | соопштение |
| издаде | - | издание |
| воспита | - | воспитание |

Неможноста да се образуваат глаголски именки од свршени глаголи, денеска се заполнува со глаголски именки изведени од свршени глаголи со наставката ува на која се придодава наставката -ње.

Со вакивте глаголски именки се фиксира еден момент во редот на повторливоста.

| | | |
|---|---|---|
| образложи | - | образлож-ува-ње |
| тргне | - | трѓн-ува-ње |
| излезе | - | излег-ува-ње |

Глаголската именка има разновидна употреба во македонскиот јазик. Таа побудува претстава за одвивање на глаголското дејство. Меѓутоа од обележувањето процес, се дошло до обележување предмет. Поради тоа глаголската именка може во одредени ситуации да заменува во реченицата лична глаголска форма, а во одредени да ги изразува само карактеристиките на именката.

Во случаите на обележување предмет, глаголската именка ги развива кај себе категоријата на бројот, на определеноста и на родот. Се употребува само во среден род.

| | | |
|---|---|---|
| јадење | - | обележување процес |
| јадење - јадења | - | обележување |
| јадењето - јадењата | | предмет |

Глаголската именка често се сврзува со предлозите на, со, по, за, без, низ, до. (Види лекција 9.)

Кога глаголската именка управува предмет (објект), сврзувањето може да е направо како на пример:

Машина за мелење кафе.

или ваквото сврзување се врши и со предлогот на:

Домаќинката се зафати со дотерување на вечерата.

По однос на употребата на предлогот на во вакви состави некое стриктно разграничување не се врши и прашањето е повеќе од стилска природа. Но кога глаголската именка му се припишува по припадност на вршителот на дејството, тогаш е неопходно присуството на предлогот на:

| Од далеку се слушаше пеењето на птиците. |
|---|

ВЕЖБИ

I. Образувајте глаголски именки од следниве глаголи:
дише, пече, тропа, црцори, движи, мисли,
донесе, управува, вози, живее, нанесува,
уништува, дава, лекува, летува, милува,
пазари, мажи(се), жени (се) прости,
крсти (се), реши, издаде, увери, осветли.

II. Прочитајте ги реченициве. Во празниот простор ставете соодветна глаголска именка.

1. Што имате денеска за ...........?
2. .................... што ги готви мајка ми се многу вкусни.
3. .................... ми одзема многу време.
4. .................... ми причинува посебно задоволство.
5. .................... писма е лична обврска и потреба.
6. Надвор престана .................
7. Не го разбирам вашето ...........
8. Од утре одам на .................
9. Сега е време за.................. леб.

III. Составете реченици во кои ќе ги употребите следниве глаголски именки:

шиење, миење, читање, гледање, летување,
шетање, носење, тропање, начувување, лекување

IV. Прочитајте ги речениците. На празниот простор употребете го неопходниот предлог.

1. Прозборн....... плачење.
2. Не ми е ....... пеење.
3. Тебе ти е ...... смеење, а мене ....... плачење.
4. Немам време ...... губење.
5. Патувам .......... барање на директорот.
6. Сега сите ...... легнување.
7. ....... доаѓањето дома човекот се одмара.
8. Силно кашлање го прекина ....... зборувањето.
9. ......... ручањето неопходен е мал одмор.
10. Солзи немаше ....... плачење.
11. Си замина ...... збогување.

V. Пронајдете ги глаголските именки во следниве реченици. Дајте ја основната форма на глаголите од кои се образувани.

Болниот го задржа дишењето. Тивко беше шепотењето на присутните. Сестрата го фати болниот за рака. Тој почувствува разбирање за својата болка, а на лицето му се забележа разведрување. Тоа ги охрабри присутните и тие воздивнаа со олеснување.

VI. Прочитајте го текстот:

Жед за книга

Тоа се случи тогаш кога Јоже учеше за механичар кај мајсторот Карас во Сисак.

На Јожета најголемо задоволство му беше читањето. Уште од мал многу сакаше да чита. Уште додека беше дома, ги земаше со себе книгите за читање кога излегуваше да го пасе добитокот. Од ова задоволство не се одрече ни тогаш кога дојде на занает во Сисак, пред сѐ и затоа што во градот можеше да најде повеќе и поинтересни книги отколку во Кумровец. Ги бараше насекаде каде што можеа да се најдат.

Еднаш му беше паднала в раце некоја особено интересна книга. Јоже ја проголта книгата од почеток до крај. Не му беше жал за ноќта и за изгубеното спиење.

Утринта дојде во работилницата и им раскажуваше на своите другари колку убава книга беше прочитал. Им ја раскажуваше содржината. Сите занесени го помолија да им го чита романот додека не дојде мајсторот.

Јоже не ги оставаше да го молат долго време. Само во меѓувреме не смееја да запрат со работа. За да не ги затече мајсторот при читањето, го поставија на стража најмладиот чирак. Тој требаше да внимава и да ги извести ако иде мајсторот.

"Ама да читаш гласно, да можам да те слушам" - рече стражарот.

Јоже ја извади книгата од џебот и почна да чита. Чираците работеа. Внимаваа да не чукаат толку, за да може да се слуша. Ако настанеше многу голема тишина, мајсторот веднаш ќе знаеше дека не е нешто в ред.

Читањето беше толку интересно и напнато што чираците повеќе ги отвораа ушите, отколку што ги движеа рацете. Одвреме-навреме сосема забораваа на работата.

"Работете"! рече Јоже. "Или нема повеќе да ви читам".

Рацете пак се раздвижија. Работилницата се наполни со метални звуци. Чеканите удираа, пилите стружеа. Стражарот и гледаше и слушаше со големо внимание. Очите му беа надвор, а ушите во работилницата.

"Погласно", - извика тој. "Не слушам ништо".

Јоже читаше погласно.

Франце Бевк

20 Дваесет

## ДВАЕСЕТТА ЛЕКЦИЈА

### I. РЕЧЕНИЦИ

1. Што разговаравте со Ана?
2. Разговаравме за утрешната средба.<br>излoжба.<br>приредба.<br>претстава.<br>вечера.<br>веселба.<br>оброска.
3. Што ќе разговарате со Ана?
4. Со Ана ќе разговараме за заедничките проблеми.<br>договори.<br>задачи.<br>пријатели.<br>планови.<br>проекти.<br>програми.
5. Што разговаравте со Ана во неделата?
6. Не разговаравме ништо, брзаше ќе излегуваше в град.
7. Зошто не дојде вчера кај мене?
8. О, ќе дојдев да имав време, но немав.
9. А зошто не дојде барем Ана?
10. И таа ќе дојдеше да можеше, но не беше слободна.
11. На железничката станица ги сретнав другарите.<br>Знаеш што правеа таму?

12. Знам. Купуваа карти ќе патуваа за Белград.
13. Како ќе се забавувате денес со синовите господине Стојановски?
14. Штета. Заврна. Инаку ќе игравме тенис.
    кошарка.
    одбојка.
15. А што ќе прават вашите пријатели?
16. Да не врнеше дожд и тие ќе играа тенис.
    кошарка.
    одбојка.
17. Милан, раскажи како ти поминуваше утрото на годишен одмор.
18. Ќе ви раскажам. Првин ќе станев, ќе го отворев прозорецот и ќе се надишев свеж воздух.
19. А потоа?
20. Потоа ќе се измиев, ќе се облечев, малку ќе читав, а после одев на појадок и веднаш на капење.
21. Што правеа Јанко и Јован попладне?
22. Тие секое попладне одеа на риба.
    Ќе ловеа до вечер и ќе се вратеа без ништо, па ние редовно правевме шеги со нив.
23. А сепак се случуваше ли да уловат по нешто?
24. Ретко. Но кога ќе се случеше да уловат по нешто, сите ќе се радуваме и ќе ја пржевме рибата.
    Така деновите пријатно ни поминуваа.

## II. ГРАМАТИКА

### 1. Минато-идно време

Минато-идно време е сложена глаголска форма. Се образува со партикулата <u>ќе</u> и со формите на минато определено несвршено време.

| еднина | множина |
|---|---|
| Јас ќе одев | ние ќе одевме |
| ти ќе одеше | вие ќе одевте |
| тој ќе одеше | тие ќе одеа |
| таа ќе одеше | |
| тоа ќе одеше | |

Основен вокал за глаголите од и и е група е вокалот е: оди - ќе одев, меле - ќе мелев, а за глаголите од а група основниот вокал останува непроменет: вика - ќе викав.

2. Значење на минато-идно време

Со оваа глаголска форма се означува минато дејство што се однесува како идно од гледна точка на некој друг минат момент, бидејќи следи по него.

Тип на таква употреба

| Учениците се збираа, ќе одеа на работна акција. |
|---|




Со минато-идно време се искажуваат дејства што постоеле како намера, а не се извршиле.

| Така ли ќе ми испратеше писмо. |
|---|

Исто така се искажува повторливост или вообичаеност на едно дејство.

| Одвреме навреме Павлина ќе дојдеше да ме види. |
|---|

Може да дојде во главната реченица кога дејството што треба да му претходи е изразено како услов.

| Да можев, и јас ќе одев на студии во странство. |
|---|

ВЕЖБИ

I. Одговорете на прашањата. Притоа употребете глагол во минато-идно време.

1. Што правеа Лилјана и Гордана?
2. Како ти поминуваа дните на годишен одмор?
3. Што ќе направеше да имаше пари?
4. Што ќе работеше да имаше време?
5. Што се слушаше одвреме навреме?

II. Прочитајте ги глаголите. Образувајте форми на минато-идно време:

седи, гледа, плете, пишува, стои,
брои, чита, расте, шие, мисли.

III. Во речениците пополнете го празниот простор со форми на минато-идно време. Употребете ги кај што соодветствува следниве глаголи:

наврне, види, падне, лути се, помогне,
праша, крене, упати се.

1. Ако не беше мојот чадор, Марија........ до кожа.
2. Сите излетници беа наседнати на тревата. Таму............ и месо, и цреши, и круши, и млеко, и сирење и многу други јадења.
3. Во есен........... по некој лист од дрвјата.
4. Родителите треба да се почитуваат .... се ........... таткото советувајќи го синот.
5. Да можев......... ти ..........
6. Ти ли си тука мајстор или јас,............ налутено мајсторот.
7. Докторот само... ги ........... рамењата па .... се ............ кон својот кабинет.

IV. Прочитајте ги речениците. Пронајдете ги формите на минато-идно време. Укажете на неговата употреба.

1. - Спокојно врвеше ноќта во Долот. Спиеја мирно измачените жени и луѓе и не сонувајќи каква опасност ги демне. Само понекогаш ќе заплачеше некое дете и набрзо ќе се умиреше штом ќе ја најдеше полната града на мајката.

Радослав Петковски

2. Во тие денови, кога ќе завиеше по познатото уличе, на Тренда ѝ се чинеше како да завлегува во испустени гробишта; Секогаш кога ќе затупотеа чекорите пред вратата, таа запираше со перењето.

Јован Бошковски

3. - Ами што прави момокот кога иде таму? - Е, што прави, му рекоа селаните, ќе жниеше, ами си му дал саде кромид и леб и затоа вездан спиење.

Народна приказна

V. Прочитајте го текстот:

Добрина

Кога ќе го сретнеш слепецот, помини крај него и речи му: "Добар ден". Тие два збора тој долго ќе ги повторува во себе како најсакана песна. И ќе верува дека тоа е песната на неговото истечено небо.

Кога ќе го сретнеш оној без рака, стегни му ја цврсто неговата здрава рака и задржи ја повеќе одошто е вообичаено.

Тој ќе поверува дека и другата рака му израснала.

Кога ќе го сретнеш глувонемиот, не поматувај ги своите езера, туку над нив нека затрепери изгревот на твојата насмевка.

Тој ќе поверува дека говорот не им треба на луѓето.

Цане Андреевски

# ТЕКСТОВИ ОД МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА

ТЕКСТОВИ ОД XIX ВЕК

Од Четиријазичникот на Даниила (1794, II изд. 1802)

И да даваш на слепите леп и манџа. И да поможиш на сиромасите со тоа што можиш. И кога кладиш трапезата, да калесаш роднината тфои, комшиите тфом и да пуштиш топла манџа на болните, за да ти простаат роднината тфои. Лани и годинаа јемишите се сториа секаде, на сите страни. Таму снапиа голема стои во житото. Четирдесет дни кај фарљам парвото вино на една бочфа. Излегох на пазар и видох многу сфет от луѓе и се саштиса(х). Сега ќе купам една низа од смокфи пресни, за да и носам на чељата мои да и јадаат.

Јоаким Крчовски: Митарства (1817)

Тогаи моја сирота душа се учини у голем страх и беда, за хер не ми стигаше таја горчива смертна болест, ами и от тија страшнии дјаволи и грозно нихно гледање и љутост, како друга смерт пољута. И отврайах си очите тамо и овамо, да не гледам тија страшни лица ни да чујам нихни страшниј глас, и не можех да се скријам от них зашто беха многу безброј, и немаше никој да ми помогне от таја беда, и бех до крај.

И тогај видох два светоносни ангели Божии. При мене дојдоха како некои хубави момчиња. Нихна хубавина не може да се искаже, лицата нихни беха пресветли, со очите ме гледаха

мило, на главите нихни косата им беше бела како снег, како златна светеше, рубите нихни беха како това што светнуе на небо кога има дожд. Беха крстосани при сисите сос појаси златни.

Кирил Пејчиновиќ: Огледало (1816)

Ако мије не исполниме закон Христов, не смо ни христиани. Пошто не сме христиани, а зашто сме? Пошто не сме Христосови луди, при Христа во рај не можемо да идемо. Пошто не ќе идемо у царство небесное, а зашто се мучимо на овој век, зашто постимо, зашто се крштеамо, зашто се закопуемо, зашто за душа давамо, зашто од други вери мучени биднуемо, зашто от калдрма долу слезуемо, зашто зелено не носимо, зашто хубаво не носимо, зашто от Турци помало зборимо, зашто, каде не јахат и газат, трпимо, зашто? Не ли за Христа?

Пошто за Христа трпимо, баре да го слушаме што ни вели. Он не ни вели нешто тешко, токо лесно. Он ни велит да љубимо еден другого, да се проштааме, да се жалиме, да седимо мудро, да не збесуемо како малии деца, да не се опијаме, да не блудуаме, да не пиемо вино без мера, да не скакамо хоро како безумни што скакат.

А мије и празникот што го служиме еднаш у годината, и него непристојно го служиме, а не побожно. Баш на денот вардимо да се опиемо, да скакамо, да збесуамо. Сва ноќ седите, пеете и бесуете, не го молите светецот, токо го наљутуете, и тој не ве измолует пред Бога и не ви поможует, и нафиле си арчите арчот.

Ако сакаш да ти се фати што го служиш, што го молиш, слушај да ти кажам како да чиниш. Спроти ден отиди у црква, узми свеќа, темјан и масло за кандилата, запали и помоли се Богу со молитвата от светецот што го служиш, со негоата молитва да ти прости.

Јордан Хаџи Константинов-Џинот: Афоризми

1. Многу жално ми е, зашто не сја познах сам себе.

2. Живим, но кога никакво добро да сотворам не можам, зашто ми е таковија живот?

3. Ако умрам, зашто по смерти тумарам? - Но ако жив будам зашто нерасудно умирам?

4. Многo сам уплашен от ового века? Не е човечно да се плашим! Зашто само кој е зликовец се плаши.

5. Зашто другему завидим? Зашто себе да се видим не можем.

## Димитар Миладинов: Борбата против владиката Мелетија во Охрид (1860)

На тоа мислење нихно им дојде заповед от всите граждани, кои беа собрани на друго место, никој свештеник да не ходит на срешта Мелетија. И така се запреа и не појдоха а един од них само не ги почу и појде, естествено е издајник и не прилегат за свештеник, бидеешти како Јуда што предаде Христа. Но Мелетија наместо них си зеде десет суварии и четири казаци да го вардеат да не страдит нешто п'тем. Доста му беа тие, не му се потребни попои и старци, зашто тој не прилегат за владика, туку за крсердар, ели подобро да речеме за војвода на триста харамии и разбојници, и така гс именувает всите по селата. Кога приблиза до градот, многу младежи деца овардари, бидеешти љубопитни да го видает како и со кого ќе доит, излегоха надвор от калето и чекаа кога ќе доит да го видает. Кога стигна до ними, вси како на мечка ели на џамало трчаа да го видает, а никој ни капата од главата не сметна ни некоја почет друга му стори. А многумина пак, кога врвеше не подстанаха от местото. Толку чест му сториха Мелетију охридјани.

## Константин Миладинов: Т'га за југ

Орелски крилја как да си метнех
И в наши стрни да си прелетнех!
На наши места ја да си идам,
Да видам Стамбол, Кукуш да видам,
Да видам дали с'нце и тамо
Мрачно угревјат како и вамо.
Ако џак овде с'нце ме стретит.

Ако пак мрачно с'нцето светит,
На п'т далечни ја ќе се стегнам
И в други стрни ќе си побегнам,
К'де с'нцето светло огревјат,
К'де небото ѕвезди посевјат.
Овде је мрачно и мрак м'обвива
И темна м'гла земја покрива,
Мразој и снегој и пепелници,
Силни ветришта и вијулици;
Околу м'гли и мразој темни.
Не, ја не можам овде да седам!
Не ја не можам мразој да гледам!
Дајте ми крилја ја да си метнам
И в наши стрни да си прелетнам
На наши места ја да си идам,
Да видам Охрид, Струга да видам.
Тамо зората греит душата
И с'нце светло зајдвит в гората;
Тамо дарбите природна сила
Со с'та раскош ги растурила:
Бистро езеро гледаш белеит
И си од ветер с. чотемнеит;
Поле погледниш или планина,
Сегде божева је хубавина.
Тамо по срце в кавал да свирам,
С'нце да зајдвит, ја да умирам.

<u>Ѓорѓи Пулевски</u>: <u>Речник от три језика</u> (1875)

Што се велит народ?

Одг.

Народ се велит луди који се од еден род и који зборувајет еднакоb збор и који живувајет и се другарат еден со други и који имајет једнакви обичаји и песни и весела. Тије лудите ји викајет народ, а место во које живуват народ се велит отечество од тој народ.

Така и Македонцивe се народ и местово нивно је Македонија.

## ТЕКСТОВИ ОД XX ВЕК

### Крсте П. Мисирков: Неколку збори за македонцкиот литературен јазик (1903)

Создаајн'ето литературен јазик јет дуовна потребност кај нас, со која се мислит да се клаит крај на злоупотребите на пропагандите со нашите интереси, и со која требит да се создаит свој литературен и научен центр, за да се немат нужда од Белград и Софија. А та тешка задаќа ќе се достигнит само, ако македонецот от северна Македонија подаит рака на својот брат од јужна Македонија и македонецот да источна Македонија подаит рака на тој од западна. Подадените раци ке се прекрстат около Прилеп - Битол'а.

И така: стремејн'ето на македонците да создадат свој културен центр; тоа, шчо сега Битол'а се чинит престолнина на Македонија; шчо Битол'а, Охрид, Прилеп сет историјцки места за македонците; као и тоа, шчо составуваат они географцки и јазичен центр; сите заједно праат да се пријимит, као обшч македонцки литературен јазик, централното македонцко наречје.

Откако се изберит наречијето, које имат да бидит македонцки литературен јазик, ке требит да се разгледат и прашајн'ето за македонцкијот праопис.

### Кочо Рацин: Денови 1939)

Како на вратот гердани
ниски камења студени,
така на плешки денови
легнале та натежнале.

Денови ли се - денови
аргатски маки големи!

Стани си утре порано
дојди си вечер подоцна,
наутро радост понеси
навечер тага донеси -

ај, пусти да е, пуст да би
останал живот кучешки!

Роди се човек - роб биди
роди се човек - скот умри,
скотски цел живот работи
за други, туѓи имоти.

за туѓи бели дворови
копај си црни гробови!

За себе само ргај си
за себе маки тргај си -

| | |
|---|---|
| нижи си гердан деновни | нижи си синџир железен |
| нижи си алки ковани, | околу вратот навезен! |

Кочо Рацин: Богомилите (кратка расправиа от историата македонска)

Ќе се зачуди ли некој кога ке чуе како кај нас у X. век живеале и држале пламени проповеди таквиа лугје, кои со своите идеи биле како претечи на општествените просветители от XVII в.? Заре во класичната земја на царските манастири и лаври, земјата на чиниот јазик Славјаните за прв пат чуле за христианство и толку време на тој јазик ја слушале кротката христианска проповед за помирение со сичко - заре таја земја, уште у никое време на европејскиот Среден век, да даде претечи на ониа бунтовиици от XVII век, што зборуале за некое "природно право" на човека, за равноправие на сичките лугје, и сакале "бездржавно" уредение на светов?

Арно ама, ако далечното минало ги скри во темно тиа наши славни лугје, ако огинот и ножот, па пакозот и бесот на православните калугери и славјанските феодали ргна да го сотре споменот за ним - останала пак, во историата на човечката борба, светлата истина за богомилите. Чунки пак се навогја по некоа трага нимна!

## ТЕКСТОВИ ОД МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО

### Мајсторот што го турнал оџакот

Еден мајстор му направил на некој човек еден оџак. На битисување вечерта фатил оџакот да се навалува за да паѓа и мајсторот му ги опирал плеќите за да го потпира да не падне. Арно ама плитарите тешки биле и фатиле да се навалуваат, чунки накриво го беше направил. Свикал по стопанот од куќата: "Еј чорбаџи, еве оџакот го направив ела дај ми го ѓунделакот, оти ќе го турнам вака да знаеш!" - "Арно, мајсторе, ќе ми ти платам, слеви долу ќе ми ти наплатам". - "Море ја овде ми носи пари, ја ќе го турнам". Му рекол мајсторот. Бре го моли

стопанот, бре го колни, арно ама мајсторот не му слегувал ништо живо, и најпосле одвај го крепи и виде оти ќе паѓа оџакот, се поиставил и паднал, Тики му рекол стопанот: "Море оти го турна оџакот, мајсторе бре, да би аир не видел?" - "Ами кога ти велев донеси ми го ѓунделакот овдека, му рекол налутено и тој на стопанот, ти ич баре нејќеш да ме знаеш. Лели јас сум го правел, ќе го турнам, ем ќе го натурнам". Едниопати и лагата ја покрива срамотата. Сам мајсторот се беше пофалил пред други мајстори оти така излагал.

## Леле Јано

- Леле Јано, леле мила ќерко,
што си везеш свилена марама?
- Леле мајко, леле стара мајко,
не си везам свилена марама,
тук'си везам македонско знаме.
Абер дојде од Пирин Планина:
"Ми загинал млад Делчев војвода".
Ќе отидем на Пирин Планина,
ке се сторам младана комитка,
да покријам млад Делчев војвода,
тој загина за Македонија.

## ТЕКСТОВИ ОД СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

### Владо Малески: Уметник

Славе е сиот вир-вода. Потта му пробива дури до италијанскиот ранец виснат на грбот. Во десната рака држи кожена чанта, та во одот го бие по нозете. А неговото широко пламеносано лице зрачи чудно некое задоволство. Небаре душата му прездравела по долго боледување. Небаре се отприштиле луди радости коросани од дамнини. Вчера во Годивје преболе душата. Вчера во Годивје се отприштија лудите радости. И сега, песната не сопира во него. Сака да ја посоли цела Дебарца со песна,

сака можно да прозвучи како брановите што се бијат еден од друг отаде ридјено и го плискаат долгунесто-валчестото крајезерје...

Ленко, сина да ми чуваш,
да ми го лулееш,
да ми го порастеш,
пушка да му купиш!

Ленко, пушка да му купиш,
јунак да ми биде,
јуначки да умре
за Македонија

Но одзад чекутка на дваесетина метри пред него, свика глас:

- Стој! Кој иде?

и застана Славевото бродење низ мисли. Застанаа сите тројца. Откога ја кажаа паролата, стражарот ги пропушти. И тогаш, пред нив извишија карпи, малку навалени над долчето, речиси ставени со стеблаците на дрвјата од другата страна. Карпите и стеблацśredните правеа чудесна копа напластена овде-онде со светли навилци сончева жолтикавина. Тоа беше уште еден омаен исечок на Караорман. Тоа беше базата: Пишишта. Сѐ е необично, сѐ е приказано убаво: и оној габер оддесно што стои речиси полегато, гранките виснати во долчето; па и двава јавора среде китка стројни габерчиња; и каменон голем та измазнет од времињата што треба да им послужи како скалило за да се искачат до тесниот појас под видот од карпи, прошарени со кадифест мов. Како можело месеци под ред да минуваш низ вакви убавини а да не ги видиш! И како можело одеднаш да обвиделиш? Просто така - одеднаш!

Анегдота од НОВ: Појди поблиску

Го испраќал дедото внукот партизан и на разделба му ја подарил својата скусена карабинка "потсечок". Внукот ја погледнал пушката и му се пожалил:

- Што ќе правам, дедо, оваа не може далеку да фрла!

- Ајде, не грижи се! Ако не фрла далеку, ти појди поблиску до непријателот! - му одговорил дедо му.

Славко Јаневски: Цветови

В Тиквешко негде, в некое село
кај в слана тивко венеше цвете
убија дете.

Последна солза од око капна...
кога на ридот есента стапна,
в крви се изми утрото бело.
И кога в зраци челинот светна
последна мисла ко птица летна:
"Мајка ми сама остана в село".

О, детски очи!
Криевте в себе небесно катче...
Румено крвје течеше в жили
в радост без почин...

Кај око детско натопи земја
гороцвет никна, разлиста пролет,
кај крвта врела растопи слана
црвена роза закити поле.

Мајската роза и цветот модер
в миризма молат:
"Закити, друже, огнена пушка
со цвеќа млади,
па напред појди и други деца
брани со гради".

В Тиквешко негде, в некое село,
кај в слана тивко венеше цвете,
убија дете.

## Глигор Поповски: Мајка

Бригадата врвеше низ селото. Борците уморни чекореа шибани од студениот есенски дожд. Матното небо лежеше ниско, чиниш се потпираше на покривите од куќите. Кобно боботеа далечините. Некаде на исток се водеа борби.

На источниот крај од селото, под стреата на крајната куќа, подгрбавена и премрзната стоеше една жена. Нејзините неми, загрижени очи ја следеа растресената колона. Под мишката таа цврсто стегаше некакво врзулче.

- Еј, синко! - ќе се обрнеше таа некому од колоната. - Дали е со вас Митко Стојанов? Син ми е тој, партизан...

- Не го познаваме, тетко, - ќе одговореше запрашаниот, ќе ги свиткаше рамениците и како виновен ќе одминеше.

Таа стоеше и чекаше.

Колоната веќе изврве. Меѓу задните врвеше едно момче, младо како и нејзиниот Митко. На нозете имаше искинати чорапи и останки од опинци. Му се гледаа прстите и петиците, кални и црвени од студот.

- Синко! Синко! - викна жената, потрча старечки и го фати момчето за рака. - На, земи го ова! Чорапи и опинци. Имам и јас син како тебе. Земи, преобуј се.

Момчето подзастана, го прифати врзулчето, ја погледна жената со еден долг топол поглед и рече:

- Благодарам, мајко! Благодарам!

Тој цврсто ја стегна студената старечка рака и побрза да ја настаса колоната.

Таа стоеше сама на патот, ги бришеше насолзените очи и гледаше во колоната што се губеше во магливата далечина.

## Блаже Конески: Беласица

Во најголемата вжештеност на битката, кога се чини дека таа трае отсекогаш и дека ќе трае довека, него го обиколија во железно клопче и го отфрлија од седлото. Ѕвекна оклоп

од оклоп и тој ја сети болно сета своја тежина, бувната во земјата, и сета своја избезумена сила од која прскаа немошни алките на панцирот. Приповдигнат на едното колено тој виде десетина копја замавнати неповратно да се забодат во неговото месо веќе намовнато за крик. Во мигот што преостануваше, недоволен ни за едно вдишување тој замавна со мечот со една неподозирана сила, иако на тоа движење му беше судено да остане недовршено, при сиот остар блесок на челикот. Но тоа движење извре неминовно од нешто во него што го усети сето ова испреплеткано потискање и суривање во неговата сурова и целосна поврзаност и што знаеше дека овој очајнички замав нема да се загуби, а ќе влијае на исходот на оваа битка и на сите битки што идат. Крикот што се чу беше крич на грчовито ликување.

Ѓорѓи Абаџиев: Заточеници

Дојде денот на заточениљето. Гоце го раздвижи апаратот на револуционерната организација во Солун. Улицата што водеше за пристаништето вриеше од народ.

Тротоарите, прозорците и балконите на куќите - сето беше исполнето со народ. Босоноги деца седеа на гранките на дрвјата и ѕиркаа меѓу лисјата. Ретко Солун видел толку свет собран во една улица. Јулското сонце переше и задушлива топлина ги мачеше луѓето. Тие се потеа, а се притискаа - секој се стремеше да ги избутка другите и да излезе напред. Очите им беа свртени на север, откаде што требаше да се појават тие што веќе два часа ги очекуваа. Предните редици се виткаа, залеваа дел од улицата и пак се повлекуваа под натисок на војничките кундаци. Улицата личеше на огромен мравјалник, раздвижен од возбудлива напрегнатост. Говореа тихо, со шепот. Наеднаш од едно високо дрво, тенко детско гласче го прониже воздухот со радосен вик:

- Ида-а-ат! Ида-а-ат!

Од кон горниот крај на улицата се појави светло облаче од прав, коешто постепено се разредуваше, и во провидната магла започнаа да никнуваат коњаници со пушки преметнати преку рамо.

Во средината, меѓу нив, бавно лазеше човечка маса и постепено го голташе пред себе слободното пространство на улицата.

Затворениците, заврзани за вратовите со синџир по четворица на редица, чекореа со бавна, трома етапка. Полицајците се буткаа со коњите за да го забрзаат нивното врвење.

Народот се залула и мојно напираше напред кон густата колона на затворениците.

Забркан шум од говор, викови,плач ја исполни улицата и широко се разнесе кон молчеливото пространство на морето. Куси, отсечни реплики, го параа задушливиот воздух:

- Тате, тате!
- Митре, па пиши!
- Ах, Миле, сине!

Се разменуваа брзи, тажни погледи. Некои гласно воздивнуваа.

- Еве го, татко ти! Стојане, Стојане! - викаше со полно грло млада галичанка и подигаше на рамо тригодишно дете. Детето мавташе со рачиња и весело се смееше, човечката врева го развеселуваше.

## Ацо Шопов: Бегалци

- Каде, мајко моја, кај на овој ветар?  
Што ти лице бело потонало в шал?  
"Не прашувај, молчи, златокосо дете,  
ти си уште нејак, ти си уште мал".

- Зошто носиш, мајко, темна роба црна,  
зошто темен превез ликот твој го скрил?  
"Сине, погледни горе: ситни ѕвезди врнат,  
дали сакаш ѕвезда да ти фрлат, мил?"

- Мајко, страв ме фаќа силен, страв ме души  
заканува некој, ќе бидеме плен!  
"Тоа ветар, сине, над смрзнати круши  
тагува и плаче за пролетен ден".

- Кажи, мајко моја, кажи татко кај е?
Зошто не е со нас во страшниот дол?
"Сине, погледни долу: таму светлост сјае,
го минавме веќе граничниот столб!"

Бранко Пендовски: Лозјата во пролет

Убави се лозјата во пролет. Над топлата, ровна земја нечујно трепери млад, сочен лист. По зелените меѓи, како невести во бела и румена руба, смирено стојат овошките. Во воздухот, чист и бистар, како низ стебло соковите, нечујно струјат пролетните мириси. Тихо е. Но дувне ли ветер, ќе се повијат дрвцата, уплашено ќе прхне јатото и со сребрениот цвркот на птиците врз лозите и по земјата ќе повее оној чуден мирисен снег. И како пробудена сета природа ќе трепери и шепне во слатко исчекување... А сонцето, и на залез сè така младо и насмеано, ќе ја гледа вљубено и со топлите, румени усни, ќе ги целива нејзините расцветани, задивнати гради... Убави се во пролет лозјата под градот.

Васил Иљоски: Бегалка (чин II, сцена 20)

Трајко, Велика и Евра

Евра: (Влегува бојазливо) Помози бог!

Трајко: (Промрморува нешто што не личи на поздрав и ја свртува главата)

Велика: Добро ти бог дал, Евро. Повели, седни...

Евра: (По долго, мачно молчење) Вие се чудите; јас во вашата куќа...

Велика: Зошто, Евро, нашата куќа е за секого отворена.

Евра: И јас така мислам. Си имате ќерка, да ви е жива, за мажење... А на момина врата, се вели, секој има право да почука.

Трајко: Ама на секого не му се отвора.

Евра: Така, само човек да знае... ете јас дојдов...

Трајко: Како си можела да помислиш на тоа?

Евра: Зошто, аџија?

Трајко: Уште прашуваш? Каде е вашата куќа, а каде нашата!

Евра: Малку се дāлеку, туку пак се на земјава двете.

Трајко: На земјава, туку далеку како од земјава до небото. Што сме ние, а што сте вие?

Евра: Па, вие чорбаџии, а ние сиромаси. Туку и ние сме луѓе.

Трајко: Има луѓе и луѓе. Секој да си бара она што е за него, што му, да речам, прилега.

Евра: Јас мислам син ми прилега за ќерка ви: млад, здрав, убав како...

Трајко: Е, е! Така џамбазите ги фалат на пазар атовите и магарињата, а кога се зборува за човек, се прашува, да речам, од каква фамилија е, што има.

Евра: Син ми со тоа не може да се пофали. Татко му беше сиромав.

Трајко: Крпач!

Евра: Крпач, ама чесен домаќин.

Трајко: Е, е, сега ќе почнеш и него да го фалиш.

Евра: Син ми можам да си го пофалам; си има златна алка на рака, занает, вреден е, умен, работлив, печали. Сега бргу куќа ќе направи.

Трајко: Е, да бива пилаф со лаф.

Евра: Не со лаф, со пари. Си има, си спечалил тој.

Трајко: А-а - лесно се печалат!

Евра: Не лесно, со мака, со пот. Занаетот му е арен. И мајстор си е - мераклија!

Трајко: Занает куќа одвај рани, а камо ли куќа да направи.

Евра: Јас, знаев, аџија, дека не ќе ми веруваш, затоа ги донесов парите (вади од заврзани крпчиња неколку златници). Еве, овие се лири седум, а овие вренги, дванаесет...

Трајко: Тие ли се сите пари! Бре, бре! Со тие син ти ќе направи куќа како оној во песната: "Куќа на три ката, со ткрало на врата, мешечки да влезеш, грбечки да излезеш" - хе, хе, хе!

Велика: Немој, Трајко, гревота е...

Трајко: А оваа? Како не и е срам да...

Евра: Ми е срам, аџија! Сега би да зине земјава, да ме голтне, та да не го голтам овој срам!

Трајко: Никој не те терал.

Евра: Ме тера син ми. Му велам: "Синко, бре, само ќе се посрамиме и поругаме, ништо не ќе биде". А тој: оди, па оди. Ако не отидеш, ми вели - не си ми веќе мајка. Фрлил мерак на неа, па...

Трајко: Тој, тој да фрли мерак на аџиска ќерка! Тој...

Евра: Му велам: "Мани го, синко, тој мерак, не е таа за тебе...

Трајко: Не, тој не е за неа!

Евра: А тој ми вели: "Ја таа, ја никоја друга!"

Трајко: А јас велам, секој да си ги пушти нозете колку му е чергата. Толку! Не треба повеќе зборување!